**Универзитет „Св Кирил и Методиј” - Скопје**

**Филозофски Факултет**


**Меѓународни односи – Разрешување на конфликти**

- Магистерски труд -

# Религиски аспекти на конфликтот во Северна Ирска


**Ментор:**

**Проф. Д-р. Зоран Матевски**

**Кандидат:**

**Елена Новотни**



**Скопје, 2020 година**

# СОДРЖИНА

Листа на абревации ........ 4
Мапи ........ 6
Абстракт ........ 8
Вовед ........ 10
1.Црковните конфликти во историјата: Големите Шизми ........ 14
  1.1. Источно – Западниот Раскол ........ 15
  1.2. Проблемите со кои се соочувала Црквата во 14от век ........ 18
  1.3.Црквата под папата Бонифациј VIII ........ 18
  1.4.Преселбата на папите во Авињон ........ 19
  1.5.Западната Шизма ја подели Црквата ........ 20
  1.6.Двајца научници ја оспорија Црквата ........ 21
  1.7.Црковниотсоветставикрајна Големата Шизма ........ 22
2. Ирското Прашање-религиски конфликт? ........ 23
  2.1 Протестанството и ирскиот конфликт ........ 25
  2.2. Јан Пејсли и Портокаловиот Ред ........ 28
  2.3. Католицизмот и ирскиот конфликт ........ 31
  2.4. Ставот на Црквата ........ 33
3. Историските корени на ирскиот идентитет ........ 40
  3.1. Градењето на ирските идентитети ........ 41
    3.1.1 Ирци и „Старите Англичани”: католиците ........ 41
    3.1.2. Периодот на Реформата ........ 46
    3.1.3. „Новите Англичани“: протестантите ........ 54
    3.1.4. Републиканските Дисиденти ........ 58
  3.2. Пристапот на Христијанството кон војната ........ 60
    3.2.1 Споредба помеѓу католичката и протестантската традиција: правото на отпор ........ 61
  3.3. Американското влијание ........ 77
    3.3.1 Од Вестфалскиот мир до Просветителството ........ 79
    3.3.2. Американската демократија: од првите колонии до Револуцијата ........ 85
    3.3.3. Влијанието на ирската дијаспора ........ 91
4. Северно-ирскиот конфликт („Нередите“) ........ 98
  4.1. Потеклото на Ирското Прашање ........ 98

4.1.1. Правилата за Управувањеи Независноста ........ 98
4.1.2. Секташтво на Север ........ 104
4.1.3 Новиот став на Ирските Американци ........ 106
4.2. Ирското Прашање ........ 109
4.3 Улогата на дијаспората во Ирското Прашањето ........ 115
4.4. Штрајкот со глад и политичките последици ........ 119
5. Неколку дилемити околу влијанието на Брегзит врз Северна Ирска ........ 124
Заклучок ........ 128
Библиографија ........ 130

# Листа на абревации

ACIF American Congress for Irish Freedom (1967)

ACUJ American Committee for Ulster Justice (1971)

AOH Ancient Order of Hibernians

ANIA Americans for a New Irish Agenda (1991)

AP Alliance Party (1970)

CJNI Committee for Justice in Northern Ireland (1968)

DUP Democratic Unionist Party (1971)

GFA Good Friday Agreement (1998)

ICA Irish Citizen Army INC Irish National Caucus (1974)

IRA Irish Republican Army

IRB Irish Republican Brotherhood (1858)

IRFA International Religious Freedom Act (1998)

ISPI Institute for International Political Studies

IV Irish Volunteers

LVF Loyalist Volunteer Force

NAIF National Association for Irish Freedom (1971)

NAIJ National Association for Irish Justice

NICRA Northern Ireland Civil Right Association (1967)

NILP Northern Irish Labour Party

NIPMR Northern Ireland Peace Monitoring Report (2011)

NORAID Irish Northern Aid Committee (1970)

NUM New Ulster Movement

PSNI Police Service of Northern Ireland RIC Royal Irish Constabulary (1822)

RUC Royal Ulster Constabulary (1922)

RLP Republican Labour Party (1966)

SDLP Social Democratic Labour Party (1970)

UDA Ulster Defence Association (1971)

UDR Ulster Defence Regiment (B-Specials)

UFF Ulster Freedom Fighters (1971)

UPNI Unionist Party of Northern Ireland (1974)

UPV Ulster Protestant Volunteers

UUC Ulster Unionist Council (1905)

UUP Ulster Unionist Party

UUUC United Ulster Unionist Council (1974)

UV Ulster Volunteers (1913)

UVF Ulster Volunteer Force (1966)

UWC Ulster Workers‘ Council

# Мапи

**Мапа 1**: Ирски територии од 1515 до денес




Извор: https://www.awesomestories.com/images/user/93ef5d8be9.jpg

**Мапа 2:** Северна Ирска и Република Ирска




Извор: http://www.politique-actu.com/files/19625-irlande-carte-1,bWF4LTY1NXgw.jpg

# Абстракт

Целта на овој магистерски труд е преку еден академски пристап, да се обработи главната поставена теза која ќе покаже дека во определен историски момент но и во јасниот континуитет, во дадени политички услови какви се создале во Северна Ирска и нејзината блиска и поширока империјална околина, преку вкупноста на историските фактори кои влејаеле на овој простор, да се дојде до призмата на социо-политичките делувања на црквата/ религијата/ верата, и да се дојде до заклучок дека нејзиното веќе милениумско влијание, до ден денес, има голема улога во креирањето на политиката па и на меѓународните односи. Сигурно не такво како на пример во средниот век за време на крстоносните војни, освојувачките походи, војни и создавање на државите, но сега многу пософистицирано, можеби и поопасно, подзаскриена во плаштот на големите политички игри.

Користејќи литература, статии на видни аналитичари но и документарни записи со изворни сведошта на, условно кажано двете страни, можам да заклучам дека религијата сѐ уште влијае на социјалниот живот на заедницата и особено на политиката на Северна Ирска. И покрај тоа што не може да се каже дека ограничената надворешната политика на Северна Ирска во денешно време следи религиозни насоки, неспорно е дека верските уверувања, како основна центрифугална сила меѓу заедниците, ја прават сеуште актуелна перцепцијата за незавршеното внатрешно прашање во очите на меѓународната сцена. Токму сега, на крајот на втората деценија на овој век, како повторно да се отвораат овие прашање во светлото на Брегзит и опасноста од повторни граници и слобода на движење на ирскиот остров, токму она што барем засега им го овозможи заедничкото движење во Европската Унија.

Главната причина зошто би било многу тешко да се постигне целосна поделба помеѓу духовните и секуларните влијанија, лежи во фактот дека верските убедувања се дел од специфичностите на поединците. Глобализацијата и модернизацијата не ја запреа оваа појава; напротив, тие и дадоа нова сила и нови средства за проширување. Затоа, треба да се посвети поголемо внимание на ова прашање, со цел нови пристапи за

решавање на конфликтите кои во својата основа ја имаат верската нетрпеливост, градена од поединци, ентитети но и од цели држави, само заради така наречената опасност од различниот религиозен идентитет на другиот.

# Вовед

Почнувајќи од XX век улогата на религијата во меѓународните односи почнува да побудува помал интерес од страна на теоретичарите на оваа дисциплина. Особено било распространето мислењето дека заради неизбежниот процес на модернизација, вредноста на феномените како што се религијата и етничката припадност ќе претрпи дефинитивен пад на ниво на меѓународната политика.

Причината за недоволното внимание кон религискиот елемент може да им се припише на настаните коишто следат по Вестфалскиот мир од 1648 година. Всушност оваа дата служи како граница во меѓународните односи бидејќи ја потврдува секуларизацијата на современиот меѓународен систем во којшто се остварува раздвојувањето помеѓу Државата и Црквата. На тој начин започнува еден нов модел во којшто државата е единствениот легитимен актер во меѓународните односи и каде што религијата е сведена на маргинална позиција.

Но во последните децении сведоци сме на постапно будење на интересот за религискиот фактор во меѓународните односи. Имено, спротивно на верувањата, модернизацијата и појавите кои се должат на прогресивниот процес на глобализација придонесоа на директен и индиректен начин за повторно враќање на религијата, во некои делови на светот и на „голема врата“. Пред сѐ во светот којшто е сѐ повеќе меѓусебно поврзан и меѓузависен , локални прашања дури и од религиски карактер можат да имаат влијание на меѓународно ниво.

Згора на тоа може да дејствува како условувачки елемент во надворешната политика. Истата на пример, може да претрпи влијание од религиозните вредности на политичките лидери; може да биде искористена како средство за добивање согласност и легитимитет на локално и меѓународно ниво и најпосле како последица на глобалниот одек, локалните религиозни конфликти можат да поттикнат вмешување на меѓународни актери.

Земајќи ги за студија на случај случувањата познати под името ( the Troubles)[1]Северно - Ирскиот Конфликт ќе се обидеме да го одредиме влијанието на религијата во конфликтот. Сакаме да покажеме дека ирското прашање не претставувало изолиран настан во историјата на земјата, туку напротив станувало збор за врвот на напнатоста помеѓу две заедници чијшто религиозен идентитет се создавал низ вековите. Освен тоа сакаме да покажеме дека околностите што довеле до конфликтот создале од него единствен случај, специфичен по својата природа и тешко решлив со вообичаените методи на меѓународната политика.

Најпрвин со цел да го проучиме проблемот, ќе се обидеме да процениме дали северно-ирскиот конфликт може да се дефинира како религиски конфликт. Тој конфликт опфаќа два политички ентитети, носители на некомпатибилни религиозни идентитети, коишто долго биле во судир заради политички и општествени причини. Анализирајќи ги религиозните субјекти (лаици и свештени лица) коишто имале удел во динамиката на Нередите, ќе се обидеме да објасниме зошто на конфликтот му се припишува религиозно значење.

Многу научници го делат мислењето дека религијата е малку поврзана со причините од коишто потекнуваат судирите и дека всушност се работело исклучиво за општествено и политичко прашање. Сепак кога станува збор за Ирското прашање, се чини неизбежно да се издвојат една католичка и една протестантска заедница бидејќи верите на овие две групи го претставуваат нивниот идентитет.

Откако ќе ги издвоиме двете заедници ќе го истражиме влијанието на нивните идентитети во одредувањето на политичките дејствија. Особено сакаме да ја анализираме фигурата на политичкиот и верски лидер Јан Пејсли, улогата што ја имал Портокаловиот Ред на којшто тој самиот припаѓал како и улогата што ја одиграла Католичката црква во конфилктот.

Земајќи во предвид дека религија и идентитет се два неразделиви поими кога се зборува за Северна Ирска, ќе се обидеме да направиме една

[1] Името под кое е познат Северно-ирскиот конфликт како форма на етно- националистички конфликт

историска рамка којашто ќе го разјасни потеклото и развојот на тој идентитет сè до настанувањето на „Нередите“.

Откако Ирска станала предмет на освојување од страна на Англија, процесот на создавање на идентитетот на населението во најмала мера може да се каже дека се заплеткал. И надворешни фактори придонеле да се одреди неговиот тек: Протестантската реформа и процесот на создавање на секуларна држава се најзначајните.

Првиот дел ќе биде посветен на Големите Шизми во историјата. Првата во 1054 година, позната исто како Источно-Западен Раскол,всушност моментот во историјата кога христијанство било поделено на католицизам и православие или моментот на конеченото одвојување на Источната Црквата од Западната Црквата. Следува Папската Шизма позната по спорот меѓу трите Папи околу авторитетот на Црквата. Овој спор траел од 1378 година година до 1417 година кога спорот конечно бил решен и Црквата повторно се обединила.

Вториот дел ќе биде посветен на опишување на историскиот пат за создавањето на три главни идентитети на островот: Ирците и таканаречените „Старите Англичани, Новите Англичани и Дисидентите“ („Old English”; „New English” „Dissenters“).

Религијата имала улога на идентитетски фактор и условувачка сила и во историјата на уште една земја вмешана во „Нередите“: Соединетите Американски Држави. Ирската дијаспора во Соединетите Американски Држави учествувала во случувањата не само преку постојана политичка поддршка туку и преку економска помош и испраќање оружје.

Она што првично ги обединува овие две нации, географски одвоени со Атлантскиот Океан, е историјата на освојување и угнетување од страна на Британската империја. Освен тоа, по Големиот глад што ја погодил Ирска во 1845 година, голем број Ирци ја напуштиле сопствената земја за да се спасат од смрт тргнувајќи на долг и опасен пат кон Соединетите Американски Држави каде што основале плодна ирско-американска

заедница. Одлучивме да дадеме голем простор на оваа историска рамка бидејќи сметаме дека таа е клучна за да се разбере спојувањето на религијата и ирскиот и американскиот идентитет и за да се сфати подобро динамиката што довела до „Нередите“ и до американската интервенција.

Откако ќе го опишеме потеклото на идентитетите вклучени во Ирското прашање, едно засебно поглавје ќе ни послужи да дадеме опис на настаните насловени како „Нередите“ (Troubles). И во овој случај историјата на конфликтот е корисна за да се разбере на кој начин религиозното чувство влијаело и влијае денес како условувачка сила на политиката.

Анализирајќи ги процесот на помирување и актуелната состојба во Северна Ирска ќе се обидеме да утврдиме дали потпишувањето на Договорот од Белфаст допринело за вистинско решавање на Ирското прашање. Проценувајќи ги политичкиот напредок и нивото на општествена кохезија по договорот од 1998 година, ќе се покаже дека религиозните идентитети во Северна Ирска би можеле сè уште да влијаат на политичката судбина во земјата.

# 1.Црковните конфликти во историјата: Големите Шизми

Денес ширум светот имаме различни култури, општества и религии. Повеќето од овие култури и религии потекнуваат или пак се развиле уште од самите почетоци на античките општества. Религиите и културите се ширеле на различни начини од страна на секоја земја или религиозна групација; за таа цел некои користеле пристап преку образование, додека други користеле насилство и присилно спроведување на религијата. Религијата во културите и општествата играла важна улога, од нејзините ефекти на подучување на моралот, вредностите, образованието, духовноста и на некој начин насоката на патот на животот. Понекогаш овие различни верувања можат да се спротивстават, создавајќи и предизвикувајќи секуларизам, нетолеранција и дискриминација кон другите религии и култури.

Уште откако луѓето формирале различни општества и држави, конфликтите за моќ и превласт биле во центарот на политика, но потоа, како што влијанието на религијата растело, многу земји им дале власт и поголемо влијание на верскиот клер врз световната власт. Со зголемувањето на големината на населението и на државите, се отвориле можности за размена на повеќе информации помеѓу различни општества и земји. Луѓето разменувале вредности, морал, норми и други фактори во нивното секојдневно социјално опкрижување.

Низ историјата, религиите се судирале и предизвикувале конфликти во споровите околу верувањата, нормите и табуата. Овие конфликти предизвикале нетолеранција кон другите религии и култури, а тој анимозотет се префрлал и на луѓето и резултирал со прогонување едни со други, во верувањето дека нивната религија е една и вистинска религија. Секое општество верува дека неговата религија е праведна, со верба во вистинскиот и единствен бог. За останатите се верувало дека се пагани, неверници, безбожници. Овие верувања сè уште имаат долготраен ефект во нашиот современ живот.

Улогата што религијата ја има во светската историја е голема. Низ вековите, религијата придонесувала во обединување и до поделба на цивилизациите, кои пак често доведувале до екстремна човечки судири и жртви. Во древните цивилизации како што се грчките и египетските империи, религијата служи како катализатор, што дополнително ја зајакнува врската што се наоѓа во таквите хомогени општества. Во овие цивилизации важно е да се забележи дека жителите не ја замислувале религијата во смисла на систем на верување во повисок морален авторитет, туку, системот на верување бил дел од нивниот животен стил, едноставно немало конкретна диференцијација.

При разгледувањето на древните цивилизации, како што се грчките и на Кушските империи... не знам кои се овие, исто така е важно да се разбере дека несообразноста не била начин на размислување, па затоа на некој начин немало простор за верска неединство. Во хомогени општества, религијата служи да ги соедини различните култури заедно. Ова не е случај во цивилизациите кои подоцна следат во историјата. Англија, кралот Хенри VIII, одвојување од Римокатоличката црква во 16 век, претставуваат најинтересен сценарио во дискусијата за улогата на религијата и како таа ги обединува или ги дели луѓето. За прв пат, повеќе од преобраќањето на Рим во христијанството, религиозна поделба се одвивала во релативно хомогено општество.

Религијата можеби е претежно гледана од повеќето современици како проблематична, со оглед на сегашните поделби меѓу многуте католици и протестанти во Ирска и континуираниот конфликт меѓу муслиманите и Евреите на Блискиот Исток, но семо таму.

## 1.1. Источно – Западниот Раскол

Источно-западната Шизма, наречена и Шизма (раскол) од 1054 година, е настан што го предизвика конечното раздвојување меѓу источнохристијанските цркви (предводени од патријархот на Константинопол, Михаил Серулариус) и западната црква (предводена од папата Лав IX). Меѓусебните екскомуникации од папата и патријархот во

1054 година ја сменија црковната историја, и нивните патишта тука дефинитивно се разделија. Екскомуникациите не беа укинати сè до 1965 година, кога папата Павле VI и патријархот Атинагорас Први, по нивната историска средба во Ерусалим во 1964 година, претседаваа со истовремени церемонии со што ги отповикаа декретите за екскомуникација.

Секако, до конечниот раскол не дошло така наеднаш. Односот на византиската црква со римската може да се опише како растечко отуѓувачки од 5-от до 11-от век. Во раната фаза на црквата тројца епископи посебно се истакнуваа, главно заради политичкото значење на градовите во кои тие управувале - епископите од Рим, Александрија и Антиохија. Пренесувањето на седиштето на империјата од Рим во Констанинопол и подоцнежното губење на значењето на Александрија и Антиохија како боишта на исламот и христијанството, ја промовирале важноста на Константинопол. Истовремено, теолошката смиреност на Западот, за разлика од честопати насилните теолошки спорови кои ги потресувале источните патријаршии, ја зацврстило позицијата на римските папи, кои правеле сè поголеми чекори за превласт. Но, оваа предност, поточно римската идеја за тоа што се е вклучено во неа, никогаш не беше признато на Истокот. Да се изврши притисок врз источните патријарси, беше да се подготви патот за раздвојување; да се инсистира на тоа во време на иритација беше да предизвика раскол.

Поделбата секако не беше без повод- овие недоразбирања се влошуваа со векови а своја кулминација достигнува околу 800та година кога папата Лав III го крунисал Карло Велики, кралот на Франките, со титула свет римски император. Тоа го налутило Византиското Царство затоа што тоа го направило нивниот император непотребен. Уште повеќе, овој чекор беше и голема навреда за Византиското Царство, кое, откако падна Рим во 476 година, издржа големи варварски инвазии чувајќи ја и борејќи се во името на верата со векови.

Најчесто поставувано прашање во лаичкиот свет е кои се всушност разликите меѓу двете учења? Многу од разликите помеѓу источното и западното делови на христијанството можат да се бараат во нивното

потекло.Теолошкото учење на Истокот се разликувало од онаа на Западот. Источната теологија ги имаше своите корени во грчката филозофија, додека голем дел од западната теологија се засноваше на римското право. Ова довело до недоразбирања и на крај до два широко одделни начини за разгледување и дефинирање на една важна доктрина - процесија на Светиот Дух од Таткото или од Таткото и Синот. Римските цркви, без консултација со Истокот, додадоа „и од Синот"(латински: Filioque). Исто така, источните цркви негодуваат за римското спроведување на свештеничкиот целибат, ограничување на правото на конфирмацијата на епископот и употреба на бесквасен леб во Евхаристијата.

Политичките љубомори и интереси ги интензивираа споровите и најпосле, по многуте предходни симптоми, конечниот раскол дојде во 1054 година, кога папата Лав IX се огласил до патријархот Михаел Серуларий и неговите следбеници со екскомуникација а патријархот возвратил со слична екскомуникација. Треба да се појасни дека и претходно имало меѓусебни екскомуникации, но тие не резултирале во постојани расколи. Во тоа време се чинеше дека имало можност за реконсилијација, но расправијата се проширила се подлабоко; уште повеќе, Грците биле огорчено спротивставени од настани како што е латинското заземање на Константинопол во 1204 година. Западните предлози за повторно обединување (по западни услови), како што се оние од Советот на Лион (1274) и Советот во Ферара-Фиренца (1439 година), биле одбиени од Византијците.

Расколот никогаш не се залекувал, иако односите меѓу црквите се подобриле по повеќе од 900 години подоцна, по Вториот ватикански совет (1962–65), со што се признава валидноста на сакраментите во источните цркви. Во 1979 година беше формирана Мешовитата меѓународна комисија за теолошки дијалог помеѓу Католичката црква и Православната црква, однсно од Светата Столица и 14 автокефални православни цркви за понатамошно негување на екуменизмот. Дијалогот и подобрените односи продолжија и на почетокот на 21 век.

По скоро илјада години од големата Шизма, западот и истокот се на своите позиции. Католицизмот е единствената најголема христијанска деноминација, со повеќе од една милијарда следбеници ширум светот, повеќето од нив римокатолички. Постојат и припадници на источната црква кои ги следат источните обреди, но го признаваат водството на Светиот Престол. Источното православие е втора по големина христијанска деноминација, со повеќе од 200 милиони следбеници, повеќето од нив припаѓаат на московската патријаршија.

## 1.2. Проблемите со кои се соочувала Црквата во 14от век

Феудализмот и Црквата биле двете големи сили кои го обликувале општеството во Средниот век. Како што се ближел крајот на Средниот век, феудалнита лојалност била заменета со националната. Црквата исто така се соочила со криза. На почетокот на 14от век, папството се чинело силно како и секогаш. Сепак, наскоро и папата и Црквата ќе бидат соочени со потешкотии и ќе западнат во неволји.

## 1.3. Црквата под папата Бонифациј VIII

Кон крајот на 13от и почетокот на 14от век, папата бил способен но тврдоглав италијанец по име Бонифациј VIII.Тој се гордеел со минатото на неговите предходници, папите кои издвојувале многу победи над кралевите и императорите. Сепак, тој не го согледал фактот дека претходните битки за власт ја ослабнале духовната моќ на папата. Бонифациј VIII се обидел да ги принуди владетелите на Европа да му бидат послушни исто како што тие биле со неговите предходници.

Веќе, во 1296 година, папата Бонифациј VIII издал службен налог во кој се наведува дека царевите не треба да го наплаќаат данок на Црквата и свештенството[2]. Булата од 1296 година била насочена кон францускиот крал Филип IV, кој го оданочувал имотот на црквата во Франција да плати за војна против Англија. Сепак, кралот Филип IV ја отфрли наредбата и

[2]Официјалните изјави на папата биле наречени були (папски едикт), латински: *bulla* – *печат*, букв. *капсула*) е основен папски документ со оловен во посебни случаи, со златен печат

продолжил да ја оданочува Црквата и со тоа папата Бонифациј VIII бил принуден да се повлече.

Повнимателен папа можеби би го земел во предвид овој неуспех како предупредување. Но сепак Бонифациј VIII бил убеден дека папата секогаш ја имал наголемата моќ. Во 1302 година, тој издал уште една була позната како „UnamSanctam“[3]. Во оваа була тој изјавил дека на земјата постојат две сили, временска (земјена) и духовена (небесена). Бонифациј VIII нагласил дека духовната моќ, била врховна и над временската моќ. Со други зборови, кралевите секогаш мора да ги почитуваат папите.

Филип IV ја игнорирал оваа була како и предходната. Пред Бонифациј VIII да може да го екстрадира, кралот испратил мала војска во Италија за да го киднапира папата и да го донесе во Франција на судење. Папата бил изненаден кога во септември 1303 година, француските војници се упатиле кон неговата резиденција во Анагини (пред Рим) со намера да го одведат во заробеништво. Жители на Анагини успеале да го спречат киднапирањето на папата, но шокот бил преголем за набргу Бонифациј VIII да почине еден месец подоцна. Во годините што следеле (1303-1417), папството претрпело сериозен пад.

## 1.4.Преселбата на папите во Авињон

Во 1305 година, Филип IV успеал да го убедил „Колеџот за Кардинали“[4] да избере француски архиепископ за нов папа, папата Климент V. Во 1309 година, Климент V објавил дека политичкото насилство во Рим му е закана за неговиот живот. Затоа, тој решил да се пресели во градот Авињон, град кој поточно се наоѓа на границите на Франција.

Авињон останал дом на папите во наредните 67 години. Сепак, се поставувало прашањето дали папата може праведно да владее од било кој друг град освен од Рим? Ова прашање ги измачувало и придонело голема конфузност меѓу христијаните низ цела Европа.

[3] Еден Бог, една вера, еден духовен авторитет

[4]Колегиумот на Кардинали е телото на сите Кардинали на Католичката црква избрани од Папата.

Многу верници донеле заклучок дека папите од Аваињон се само послушници вработени кај француските кралеви. Ова предизвикало огромно незадоволство особено кај англичаните, германците и италијанците. Тие се жалеле дека Црквата била заробена во Авињон исто како во предходните векови кога Евреите биле заробени во Вавилон. Така, овој период во црковната историја се нарекува „вавилонско заробеништво“.[5]

## 1.5.Западната Шизма ја подели Црквата

Преселбата во Авињон многу ја ослабнала моќта на Црквата. Резултатот бил уште полош кога реформаторите конечно се обиделе да го вратат папството во Рим. Во 1378 година, папата Георгиј XI починал додека бил во посета на Рим. Потоа, Колегиумот на Кардинали се состанал во Рим за да избере наследник на починатиот папа Георгиј XI. Додека кардиналите одлучувале за наследникот и новиот папа, од надвор се слушал гласот на толпа народ како вреска: „Римјанец, ние сакаме Римјанец за папа или барем италијанец“(Lock, 2010). Конечно, кардиналитемусоопштиленанародотдека за папа е избраниталијанец: папатаУрбан VI (по неговиот избор на име, Урбан VI појаснил дека планира да го задржи папството во „градот“- тоа е Рим).

Многу кардинали, скоро веднаш, зажалиле за нивниот избор. По неколку месеци, 13 француски кардинали решиле да изберат друг, нов папа. Тие го избрале Роберт од Женева, кој зборувал француски. Го зел името Климент VII.

Во тој момент, постоеле двајца папи (Урбан VI и Климент VII). Секој изјавувал дека тој е вистинскиот папа и дека другиот е лажен. Францускиот папа (Климент VII) се преселил назад во Авињон додека италијанскиот папа останал во Рим (Урбан VI). Така започнал расцепот во Црквата позната како Големата Шизма, или поделба (Lock, 2010).

Кој всушност беше вистинскиот папа? Од политички причини, Французите го поддржале папата во Авињон (Климент VII). Врз истата основа, англичаните, германците и италијанците го фаворизирале римскиот папа.

Откако Урбан VI и Климент VII починале, ривалските групи кардинали во Рим и Авињон продолжиле да избираат двајца папи. Западната Шизма траела од 1378 до 1417 година.

## 1.6.Двајца научници ја оспорија Црквата

Честопати, кога стариот извор на авторитет пропаѓа, се појавуваат нови идеи. Во доцните 1300-ти и раните 1400-ти, најпознатите мислители кои одговорија на кризата предизвикана од Големата Шизма биле двајца професори. Едниот беше Англичанец по име Џон Виклиф, другиот, доаѓал од областа на Бохемија (сега дел од Чешката Република), по име Џон Хус.

Од 1360 година до 1382 година, Виклиф предавал религија на Универзитетот во Оксфорд. За неговите радикални идеи и тврдења честопати се дискутирало во пошироката јавност во Англија. Неговите тврдења биле:

1. Вистинскиот поглавар на Црквата е Исус Христос, а не папата.
2. Свештенството или црковните службеници не треба да поседуваат земја или богатство.
3. Само Библијата - не папата – е авторитет и водич за христијанскиот живот. (Wycliffe, 2009)

Многумина го поставувале прашањето за тоа како може англиски христијанин да се води според Библијата кога таа може да се чита само на латински и на француски јазик? На тоа прашање Виклиф одговорил со превод на Новиот Завет на англиски јазик.

Бидејќи папите од 1306 година. Поттекнувале од Франција, а Англија честопати била во војна со Франција, Виклиф станал еден вид

англиски национален херој предизвикувајќи го папата. Кога англиски архиепископ се обидел да го обвини за ерес во 1377 година, на лондонските улици се случиле немири. Архиепископот бил принуден да го ослободи Виклиф.

Под влијание на списите на Виклиф, Џон Хус поучувал дека авторитетот на Библијата е повисок од оној на папата. Хус, на некој начин,станал портпарол на чешкото национално чувство, како и за религиозната реформа. Тој ги проповедал своите проповеди на чешки јазик наместо на латински. Во 1411 година, Хус бил екстрадиран. Во 1414 година, Сигисмунд, новоизбраниот император на Германија, организирал црковен совет со цел да стави крај на Големиота Шизма (Schaff, 2018).

## 1.7.Црковниотсоветставикрајна Големата Шизма

Собирот што го осуди Џон Хус беше познат како Советот на Констанс (именуван по германскиот град каде што се состанале). Главната задача на советот била се стави крај на Големиота Шизма избирајќи нов папа.

Во 1414 година, кога Советот на Констанс ги започнал своите состаноци, имало вкупно тројца папи. Тоа биле авињонскиот папа, римскиот папа и трет папа избран од претходниот совет. Со помош на владетелите на Рим, советот ги принуди сите тројца папи да си дадат оставка. Во 1417 година, советот избрал нов папа, Мартин V. По неговиот избор, се ставило конечно крај на Големата Шизма.

Целиот овој период на превирања во црквата довеле и до недуумици кај христијаните кои се запрашувале каде е вистинскиот верски авторитет: во папата, во црковниот совет или во Библијата? Подоцна, веќе во 16 век, овие недоречености и конфликти ќе доведат до насилен пресврт познат како Реформација.

## 2. Ирското Прашање-религиски конфликт?

Могумина одбиваат да го сметаат Ирското Прашање за религиски конфликт особено имајќи го во предвид фактот дека ниту една теолошка расправа или несогласување помеѓу цркви од различна вероисповед не ги пропишале дејствијата во судирите помеѓу католиците и протестантите во Улстер. Всушност во Северна Ирска е на сила законот за слобода на религијата и Владата не му забранува на населението да ја практикува сопствената вероисповед.

И Ватикан сметал дека причините за северноирскиот конфликт не треба да се бараат во религискиот елемент- својство што Ние (Црквата) би сакале да не се појавува како повод за несогласувања во односите меѓу луѓето, туку во многуте проблемите од историска, политичка и општествена природа што ја измачуваат оваа заедница. Но во реафирмирањето на правото на слобода на вероисповед во декларацијата Dignitatis Humanae од 1956 година, Павле VI потсетува и на должноста на властите да ја одбранат таа слобода и да не ја користат како изговор за вршење на насилни дејствија. (Папата Павле VI)

За многумина судирот бил политички судир којшто сведочи за соочувањето помеѓу унионистите и националистите како што тврди и Хјум кога истакнува дека „Северна Ирска е поделена заедница, поделена не според теолошки разлики, туку со спротивставени националистички аспирации“ (Hume, 1996). Но особено станувало збор за судир предизвикан од општествената нееднаквост помеѓу оние кои ја држат власта и оние кои ѝ се потчинети. Жестината којашто ѝ се дава на религијата и на поделбата на населението врз основа на различната религиозна припадност може да изгледа како претерување. Сепак таа жестина често ја даваат самите субјекти вклучени во Прашањето а не надворешните набљудувачи, а тоа е така бидејќи во Северна Ирска постои длабока конвергенција помеѓу

културно-историскиот идентитет, политичкиот идентитет и религиозниот идентитет.

Според Кенет Милн, фактот дека е возможно да се идентификуваат националистите со католиците и лојалистите со протестантите е значаен за да се одреди дека всушност се работело за религиозен конфликт бидејќи: „Иако судирот не бил третиран од научен аспект сепак допрел прашања поврзани со власта и со човековите права и во таа мера имал теолошка димензија“(Milne, 2002). Иако е дискутабилно оваа последно тврдење, многу научници се согласни дека религијата е дел од идентитетот на една заедница или на една етничка група. Во конкретниот ирски случај историските настани коишто ќе ги поминеме во оваа студија тежнеат да го претстават фактот дека Ирска не се состои од еден единствен национален идентитет туку од различни идентитети повикувајќи се на на различни етнички групи коишто се формирале на островот. Идентитети кои, како што ќе се обидеме да покажеме, се создале од прилично нагласени религиозни основи.

Паче тврди дека религиите влегуваат во војна меѓусебе не толку поради различното толкување на верата или поради непоправливиот доктринарен антагонизам, коишто одвреме-навреме, периодично се појавуваат, туку бидејќи стануваат значајни симболични средства во политиката на идентитетот. Така религиозниот идентитет на една заедница станува двигател на општествени и политички дејствија на коишто една група може да се повика за да добие легитимитет. Во оваа смисла религијата може да стане и политички инструмент како што појаснува Паче во продолжение:

„Општествените и политичките движења имаат потреба да ги убедат индивидуите да дејствуваат заедно разбирајќи го општествениот збир од симболи коишто секоја култура ги поседува и се зачувани во колективна свест долг период. Овој збир од сеќавања содржи длабоки идентификациски симболи на кои што општествените и политичките лидери

често се повикуваат кога се обидуваат да ја оправдаат нивната водечка функција“(Pace, 2011) .

Врз основа на овие размислувања би сакале да покажеме дека иако Ирското Прашање не може строго да се дефинира како религиозен конфликт, „факторот Р“ имал значајна улога и во креирањето на причините коишто се во основа на секташтвото и на судирите, и во дефинирањето на субјектите вмешани во Нередите и во одредувањето на ниваната динамика. Всушност како што тврди Пол Беј, доколку е вистина дека во Обединетото Кралство религијата уште од 1914 година била сметана за лично прашање и била одвоена од политиката, во Ирска „таа се поврзуваше уште поинтензивно со политичката верност(Bew, 2008).

Затоа целта на оваа студија ќе биде да се докаже дека северноирскиот конфликт потекнува од дамнешно време и дека поради тоа не било возможно да се дојде до негово решавање прибегнувајќи кон вообичаените методи на меѓународната политика. Згора на тоа, сакаме да покажеме, како што и претходно е кажано, дека религиозното чувство одиграло значајна улога во конфликтот и во условувањето на политичките дејствија на вмешаните актери.

Најпрво ќе го дефинираме влијанието на религиозната сфера врз конфликтот во вистинска смисла преку прикажувањето на фактот дека иако во основата не постоела теолошка полемика, религиозните субјекти активно учествувале во динамиката на „Нередите“. Потоа ќе го истражуваме потеклото на северноирската политичко-религиозна идентификација преку претставување на историјата на земјата и развитокот на улогата на религијата во политиката. На крај ќе анализираме на кој начин религиозниот фактор станал условувачка сила во меѓународните односи.

## 2.1 Протестанството и ирскиот конфликт

Доколку претпоставиме дека религијата како дел од идентитетот на една индивидуа или на една заедница може да придонесе за создавање на идеологија дефинирана како збир од верувања, вредности и мислења на една одредена општествена група тогаш може да се тврди дека постои протестантска идеологија. Френк Рајт на пример во Северна Ирска ги препознава оние што тој ги дефинира како „екстремни протестанти“, односно оној дел од протестантската заедница што ги доживува католиците како монолитна група непријателски настроена кон протестантството, којашто го одредува сопствениот идентитет врз основа на ексклузивистички принцип ние/вие. (Wright, 1973)

Екстремните протестанти наоѓаат оправдување за протестантската кауза во оние вредности и верувања коишто го поистоветуваат католицизмот како непријател. Поголемито дел од протестантите од север биле калвинисти од презбитеријански вид (Bruce, 2009). Овие верници се убедени дека се дел од одбрана група и припадниците на другите вероисповести ги сметаат за инфериорни (особено оние кои не го признаваат авторитетот на Светите списи), и не се во можност да најдат спас (Bruce, 2009). Во контекст како оној северноирскиот каде што физичката[6] и идеолошката поделба помеѓу двете заедници (католичката и протестантската) е силно изразена, оваа идеологија добива уште позначајна улога во одредувањето на перцепцијата што едната заедница ја има за другата.

Поради тоа оваа група протестанти сметала дека Католичката Црква и заедницата којашто ѝ е верна претставуваат закана за Протестантството во Улстер, правејќи ги непомирливи односите со таа заедница. И Елиот потврдува дека „Антикатолицизмот е важен елемент во протестантскиот идентитет, како што беше во цела Британија. Стравувањата од ‘политичкото папство‘ било огромно (Elliott, 2002).

Значи католиците биле гледани како опасност за општеството. Иако во неколку ситуации- на пример за време на владеењето на Теренс О'Нил[7]

[6] Познато е дека католичките и протестантските заедници живеат во одделни области, посетуваат различни училишта, навиваат за различни спортски тимови, па дури и читаат списанија и весници насочени кон едниот или другиот дел од населението.
[7] Првиот Премиер на Северна Ирска од 1963 до 1969

во шеесетите години-еден дел од унионистите (протестанти) ја разгледувале можноста да ги вклучат католиците во партиите коишто се за обединување (Северно-ирска работничка партија, Партија на Алијансата). Победиле порадикалните позиции коишто ја сметале таквата можност за опасна и непрепорачлива.

Затоа Северна Ирска е политички поделена врз основа на принципи тесно поврзани со религијата. Убедувањата што протестантската заедница ги има во врска со опасноста од политиката на католицизмот се заснова на два принципа: евангелистичкиот фундаментализам и спротивставеноста меѓу тиранијата на папистите и протестантската слобода.

Евангелистичкиот фундаментализам ја смета Библијата за единствен вистинит Божји збор и се базира врз друг принцип според кој спасението може да се добие само преку Божјата милост. Следствено на тоа, бидејќи Католичката Црква може да претставува пречка[8] за ширењето на Божјиот збор, Протестантството има потреба од политички средства за да се одбрани.

Како второ, католицизмот освен како религиозен се доживува и како политички систем кој го потчинува човекот којшто пак мора да биде подложен на бројни правила за да го задржи доброто однесување со цел да ја добие Божјата милост. Додека пак Протестанството, според протестантското гледиште, немајќи фигура што се испречува помеѓу верниците и Божјиот збор, се издига како заштитник на слободата која поради тоа треба да биде политички одбранета.

Протестанството како целина е религијата што од историска гледна точка има најдолготрајна врска со демократизацијата. Имено идеолошката природа на оваа религија бара индивидуална свест којашто директно се поврзува со Бога, поддржувајќи го концептот на еднаквост и оправдувајќи ги понекогаш националистичките чувства, или пак во ирскиот случај лојалистичките чувства кон Обединетото Кралство. Во првите земји во коишто се развила демократијата преовлдаувало калвинистичко население (Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Скандинавија,

[8] На пример преку учење, кое традиционално и во поголем дел од Ирска е доверено на Католичката црква.

Холандија), токму бидејќи калвинизмот го поддржувал отсуството на религијата во политичките партии.

И покрај тоа што во некои случаи протестантската вера била насочена кон анти-демократски средини (диктатурата на Кромвел во Англија, феномени како апартхејд во Јужна Африка и нацизмот во Германија и на крај Кју Клукс Клан) во најголем дел принципите коишто се во основа на протестантството придонеле за ширење на демократизацијата. Протестантската заедница во Северна Ирска чувствувала потреба да ја заштити демократичноста и индивидуалните слободи од католичката закана.

Освен тоа Рајттврди дека„Процесот на социјализација вклучува некои луѓе што ја „подучуваат" идеологијата:вклучува некои луѓе кои имаат интерес за проширување на идеологијата.Доколку таа идеологија служи за поддршка на постојните политичко-економски структури, сигурно е дека основните корисници на таа структура ќе сакаат да го задржат придржувањето на другите конидеологијата" (Wright, 1973).

Токму поради тоа Портокаловиот ред, а особено неговиот лидер Јан Пејсли можат да се окарактеризираат како извор и средство за ширење на протестантската идеологија и на процесот на поистоветување на Протестантството со унионистичките идеали во Северна Ирска.

## 2.2. Јан Пејсли и Портокаловиот Ред

Како што споменавме претходно, мнозинство во Северна Ирска биле презбитеријанците. Традиционално протестантските верници од редот на калвинистите изразиле склоност кон поистоветувањето на Католичката Црква со антихрист каде што терминот ‘анти‘ добива значење на ‘го презема местото на’(Bruce, 2004, p.80). Најконзервативните групи на Слободна Презвитеријанска Црква, основана во 1951 година од страна на пречесниот Јан Пејсли, продолжиле да веруваат дека Римската Црква дава лажни учења и дека „исто така се спротивстави на либералната демократија, за која Слободните презветаријанци веруваат дека е резултат на реформацијата и која ја ценат како систем што ја нуди вистинската

религија, дефинирајќи го католицизмот обратно, како носител на лажна религија. Овие фактори заедно со прогонувањата коишто ги претрпеле протестантите во XVII и XVIII век придонеле за создавањето на антикатолицизмот и на антипапизмот којшто ги карактеризира различните протестантски верници. На пример Лутер во неговите Политички Списитврди дека:

„...Божјото царство (така Тој ја нарекува Црквата) не е во Рим ниту пак е поврзано со Рим, не е тука ниту таму, туку во душата во којашто постои верба […]; накусо тврдењето дека црквата е во Рим или е поврзана со Рим и уште помалку дека таму по Божја волја се наоѓаат владетелот и поглаварот е бесрамна лага и го третира Христос како лажго“.

И уште додава:

„...првото Христијанство коешто е единствена вистинка Црква, не може и не сака да има владетел на земјата, ниту пак може да биде управувано од некој што се наоѓа над земјата, ниту од папа ниту од бискуп, туку единствено Христос на небото се наоѓа на чело и Тој самиот го предводи“(Luther, 1958).

Портокаловиот Ред основан во 1795 година останува и ден денес составен дел од унионистичката култура во Ирска. Организацијата е посветена на одржување на сеќавањето за Вилијам III и неговата победа во Битката кај реката Боин, којашто се одбележува секоја година на 12ти јули. Религиозниот аспект на Редот чијашто главна цел е зачувување на „Реформираната протестантска вера“(Bruce, 2009, p. 27)се потврдува со фактот што „Самите пропишани ритуали, кога се влегува во Ложите или пак кога во Ложите се одржуваат средби, имаат строго религиозен белег, речиси литургиски; литургијата завршува кога од Ложата се излегува со донесена  некаква одлука против папата“ (Bruce, 2009).

Дека редот прифаќал единствено членови протестанти[9] и дека отворено бил против католиците не е тајна, но останува да истражиме каква

[9] Редот на Orange е роден по судирот меѓу католиците и протестантите во 1795 година. Протестантите, по обезбедената победата, решииле да создадат организација за да ги бранат своите

улога одиграла организацијата на политичко ниво. Тројната врска помеѓу Редот Orange, политиката и религијата ја потврдува и Bruce:„Речиси сите протестанти припаѓале на Ирската Презвериерска Црква или Црквата на Ирска,, многумина беа во портокаловиот ред, а портокаловиот ред имаше главен збор во составот и политиките на Унионистичката Партија на Улстер" (Bruce, 2009). Врската помеѓу Редот и политиката ја потврдиле голем број пратеници, сенаторите во Стормонт, членови на парламентот, северноирски премиери итн. коишто се приклучиле во организацијата.

Министерот Јан Пејсли, освен што бил основач на Слободна Презвитеријанска Црква, бил и член наПортокаловиот Ред и поддржувач на Унионистичката Партија на Улстер[10] од 1949 година сè до крајот на Педесетите години. Кога во Шеесетите години владата на Теренс О'Нилпочнала да поддржува полиберална политика којашто се одважила да забрани маршеви и паради во тензичните подрачја со цел да се одржи редот,најрадикалната група на партијата ги сметала овие иницијативи како знак на слабост на Унионистичката Партијаи на нејзиниот претставник. Освен тоа кон крајот на шеесетите години партијата претрпела дополнителни притисоци коишто повторно потекнувале одвнатре.

Пејсли којшто заземал активна улога за спротивставување на движењето за граѓанските права добивал сè поголема поддршка повикувајќи се на религиозниот аспект на расправата меѓу лојалистите и републиканците. Огромниот успех се должел токму на фактот што полемиките околу религиозниот фактор освен што ја поддржувале работничката класа, наишле на одобрување и од страна на евангелистите коишто потекнувале од руралните средини (Bruce,2009).

Во 1971 година внатрешните тензии во партијата го достигнале врвот и на 30ти октомври дошло до прекин на односите со составот на Демократската Унионистичка Партија (ДУП) чиишто членови барале цврст протестантски идентитет. Принципот врз кој се засновале црквата и партијата основани од Пејсли бил истиот и се состоел во заштитување на

---

интереси од католичката закана. Првично, членовите припаѓале на црквата на Ирска но кога Home Rule почнало да добива поголемо влијание, бројни презвитеријци се приклучиле на организацијата.

[10]Основана во 1886 година од седум министри во Вестминстер, сите седум припаѓаат на Редот Orange

вистината пропишана од Бога, било од непријателите (католиците/националистите), било од пријателите (најлибералните фракции во внатрешноста на унионозмот)(Bruce,2009).

Ставот на Пејсли во однос на употребата на насилство е одраз на поимот за правото на отпор поврзан со калвинистичките учења коишто ќе бидат предмет на темелно истражување понатаму. Тој всушност тврди дека граѓаните треба да ѝ бидат верни на државата којашто пак е должна да ги заштити; но доколку Владата ги напушти своите граѓани тие имаат право да ги употребат сите средства со цел да се одбранат себеси и сопствената земја. Во едно интервју за Протестантски Телеграф Пејсли изјавува: ‘’Ако се направи обид да ги ставиме луѓето од Северна Ирска во Обединета Ирска, луѓето би се бореле и јас лично би се борел’’.

Всушност, доколку е вистина дека Пејсли јавно изјавувал дека ги осудува актите на насилство од страна на лојалистите, вистина е и дека често тој бил поборник на граѓанската непослушност. Во првите години на Нередите, но и по потпишувањето на Англо-Ирскиот Договорво 1985 година, во повеќе прилики пречесниот поттикнувал одржување на маршеви и демонстрации коишто биле забранети со цел да се одржи мирот. Против него биле покренати обвиненија и по повод епизодите на насилство извршени од страна на некои екстремистички групи како Протестантските Волонтери на Улстер, но неговата директна вмешаност никогаш не била докажана. И покрај тоа очигледна е улогата на почесниот во поттикнувањето  или давањето премолчена согласност за дејствувањето на најрадикалните унионистички групи.

## 2.3. Католицизмот и ирскиот конфликт

Како што ќе се обидеме да покажеме во следните параграфи, во Северна Ирска непријателството помеѓу протестантите и католиците има длабоки идеолошки и идентитетски корени коишто ја надминуваат простата економска и општествена поделба. Ако од една страна протестантската заедница се плаши од тиранијата на католицизмот, од друга страна

стравува од политичките ограноци на Протестанството во Северна Ирска (Elliott, 2002).

Прославувањата од 12ти јули наПортокаловиот Ред отсекогаш имале улога да го потсетат католичкото население на превласта на протестантската заедница. Овој став, освен вистинската дискриминација којашто традиционално била вршена врз католиците во Ирска (почнувајќи одказнените закони), овозможил да се распространи идејата што католичкото население ја имало за себе дека всушност се жртви. Таквата идеја била возвишувана од револуционерните движења коишто го споиле својот религиозен идентитет со ирскиот национализам, и понатаму била претворена во сила која била во состојба да ги оправда дејствијата- а во екстремни случаи и употребата на насилство- од страна на тие движења.

Северноирските националисти биле убедени дека единствениот начин за да ги добијат истите услови како нивните сонародници протестанти е да го истераат британскиот окупатор. Таквото убедување не се свело само на тоа да ги правда дејствијата на Ирската Републиканска Армија (ИРА) за време на борбата за независност во дваесетите години, туку продолжило да опстојува и во годините на „Нередите“.

Секако дека насилните дејствија на ИРА и на Привремени (односно членови на привременото крило на ИРА- Шин Фејн) за време на северно-ирскиот конфликт и протестите на затворениците од Х- Блокот не биле прифатени на вообичаен начин од католичката заедница. Напротив, во некои случаи предизвикале внатрешно расцепување на општествено и политичко ниво помеѓу најрадикалните и умерените претставници. Тој расцеп на пример може да се забележи во промените на политичките здружувања во националистичките партии: кога употребата на сила била сметана за неоправдана и неоправдлива, поголемиот дел од католичката заедница застанувале на страната на Социјал- Демократска Работничка Партија (СДЛП); кога пак насилните акти биле сметани за еднииствено можно средство за да се продолжи правдената национална кауза, партијата на Шин Фејн добивала најголема поддршка.

Католиците продолжиле во сите случаи да ја испоистоветуваат сопствената вера со сопствениот политички идентитет. Според Елиот,

слабоста на националистичката партија во Северна Ирска делумно се должела на фактот што Црквата им ги нудела на своите верници сите институционални инфраструктури од кои што би можеле да имаат потреба, правејќи да биде бесполезно тие да се бараат надвор од Црквата. Авторката го наведува и примерот со кажување молитви за време на републиканските манифестации како доказ за поистоветувањето на католичката вера со политичкиот идентитет (Elliott, 2002).

## 2.4. Ставот на Црквата

Либералните, националните и општествените револуции коишто ја засегнале Европа во 1848година сведочеле за тоа како Црквата во почетокот застанувала на страната на бунтовничкото население. За време на борбата за еманципација на католиците во Ирска, Црквата всушност се приклучила на страната на револуционерите.

Сепак, по ширењето на комунизмот, Католичката Црква заземала одбранбена позиција и водела непопустлива политика на меѓународно ниво. Ставот на папството, пројавувал опсесивна загриженост поради можна  завера на штета на католицизмот, на што папата се спротивставил со идејата за црква која за општо добро требала да почне повторно да врши авторитарна улога на универзално ниво.

Имено, според Католичката Црква модерниот и современ свет бил проткаен со грешки и измами коишто имале за цел да ја уништат Црквата и нејзината мисија. Оттука желбата повторно да се изгради општество според христијански модел, потчинето на духовната власт. Со доаѓањето на економскиот развој по втората индустриска револуција во втората половина на векот, Црквата пројавила поголем интерес за проблемите во општеството претставувајќи се како алтернатива помеѓу либералните и социјалистичките предлози за решавањето на општествените проблеми.

Со цел да ја приспособи католичката традиција на незапирливиот процес на модернизација, во 1891 година папата Лав XIII означува пресврт во историјата на Црквата со објавување на енцикликата „Рерум Новарум“. Со тоа Црквата- сфатена како единствен остварувач на природните права на човекот во состојба да ги реши проблемите на современиот

индустријализиран свет-зазема позиција во однос на општествените прашања коишто станале значајни во ерата на индустријализација и по вклучувањето на масите во политиката.

Почнувајќи од втората половина на деветнаесетиот век желбата на Католичката  Црква да ја обнови сопствената улога на политички водач покрај духовен-како реакција на стремежите кон секуларизацијата-сведочи за спротивставениот став  на Црквата кон движењата кои се залагале за независност.

Всушност предизвикот со секуларизацијата Католичката Црква го гледа како директна офанзива кон Христијанството. Воспоставувањето на лаичка држава било дефинирано како-вистинската причина за војната(Frank,1998). Модернизмот се доживувал како спој од сите ереси од претходните векови на кои што Црквата реагирала со цврста бескомпромисност. За да го потпомогне враќањето на непроменливиот поредок пропишан од „ancien régime“, Црквата застанала на страната на британската влада поддржувајќи ја политиката којашто е во согласност со британските норми и осудувајќи ги револуционерните движења и движењата кои се залагале за независност.

Понатаму, по Првата светска војна еден дел од католичкиот свет почнал да се запрашува околу можноста да се војува според начелата на христијанската етика. Како што ќе се покаже, преовладало мислењето според кое ‘’војната продолжувала да биде алатка кон која било допустливо да се прибегне за да се регулираат односите во меѓународната заедница’’ и впрочем на Црквата и припаднала задачата ‘’да одреди што е допуштено во војна и да ги дефинира од морална гледна точка исправните начини за нејзина реализација’’(Menozzi, 1998).

Со раѓањето на националистички движења и фашистички и тоталитарни режими во Европа, Црквата во повеќе случаи се приближила до авторитативните десничарски политики било затоа што тие си давале религиозна вредност било поради тоа што не ги прифаќале демократските и елементите на слобода типични за лаичкото либерално општество(Menozzi, 1998). Но според Меноци овие иницијативи биле

едниственото средство што ѝ останало на Црквата за да ја употреби својата моќ во свет којшто е обележан од световноста и од растечката дехристијанизација на општеството.

Уште од почетокот на XIX век Светата Столица ги пропишала условите што ја одредувале легитимноста или нелегитимноста на бунтот: експлицитниот опресивен карактер на владата; прибегнување кон бунтот единствено како последно средство во случај кога другите средства се покажале како неефикасни; уверувањето дека постојат добри можности за успех и најпосле, одобрување на бунтот од страна на мнозинството од населението (O'Beirne Ranelagh1999). Волјата да се одржи статусот кво јасно се гледала во осудата од страна на Црквата на тајните здруженија и организациите (од кои поголем дел примале протестанти во своите редови) како ИРБ, а понатаму и ИРА.

Непризнавањето на организациите од страна на Црквата било потврдено со отфрлањето на насилничките акти, што повеќепати било поткрепено од Ватикан по избивањето на „Немирите". Бројни биле апелите на Павле VI за да запре бруталноста и впрочем сведочеле за приближувањето на Католичката Црква кон екуменското движење.

Започнати во XVII и XVIII век и поттикнати од движењата за Будење, стремежите за повторно доближување и обнова на единството помеѓу сите цркви кои припаѓаат на Христијанството ги зафатиле Европа и светот.
Во првата долга фаза, движењето, кое го доби името на вселенско движење, потекнува од протестантскиот свет каде што била од големо значење посветеноста на мисионерските тела и федерациите меѓу црквите кои припаѓаат на истата традиција.[11]

Католичката Црква пак уште веднаш покажала непокорност кон започнувањето на процесот на повторно приближување со другите христијански вери. Причината за оваа противење се должела на

[11] Вселенскиот движење му овозможи на христијанството заеднички да се соочи со секуларизмот на современата ера. Протестантските цркви се обиделе да одржат активна улога во општеството преку нови мисионерски пристапи, кои имаат за цел да го решат проблемот со нееднаквоста и социјалната неправда во согласност со државните политики. Покрај тоа, протестантизмот покажа интерес за социјалните проблеми што произлегуваат од индустриската дифузија и капиталистичката политика, повторно толкувајќи го христијанството на работничкото движење со цел религиозен социјализам, што ги доближи принципите на демократскиот социјализам до принципите на христијанската солидарност.

убедувањето дека единството можело да се постигне само доколку заедниците што се оделиле се „вратат“ и се „потчинат“ на Рим (Menozzi, 1998).

Дури по повод Вториот ватикански собор, започнат од папата Јован XXIII во 1962, Католичката Црква ги направила првите чекори кон влегувањето во екуменското движење со другите цркви. Важноста на Црквениот сабор се должи и на јасната желба да се надмине носталгијата за црквата од *ancien régime* и на фактот што првиот повикан синод се оддалечил од политичките интереси. Токму благодарение на екуменскиот дух може да се утврди и во Ирска процесот на повторно приближување помеѓу Католичката Црква и Англиканската Црква.

Традиционалното отфрлање на насилството од страна на Црквата одело рака под рака со исто толку традиционалниот интерес на католицизмот за воспитниот систем, и со неговата вообичаена поддршка за национализмот и желбата за повторно обединување на островот. Имено, токму преку учењето, Црквата успеала да продре во ирската култура потопувајќи ги нејзините корени коишто низ годините се испреплетувале со оние на републикаскиот национализам.

И во времето на движењето за граѓанските права, Надбискупот од Армаг, Кардиналот Вилијам Конвеј и Бискупот Вилијам Филбин ги поддржале протестите вмешувајќи го и клерот (Elliott, 2002). Но кога избиле првите епизоди на насилство, Црквата го зазела својот вообичаен осудувачки став иако била цврсто наклонета кон национализмот. Непризнавањето за користењето на оружје дополнително се потврдува со зборовите коишто ги изговорил папата Јован Павле II по повод посетата на Ирска во 1979 година:

‘’Верата и социјалната етика бараат од нас да ги почитуваме законските власти во Државата. Всушност, вистина е како што вели Свети Павле дека кој ја има власта го држи мечот во рака од којшто ние се откажуваме во согласност со јасната препорака на Христос за Петар во Гестиманската градина, па сепак токму бидејќи нема со што да се браниме, ние имаме посебно право и обврска да влијаеме врз оние коишто го држат мечот на

власта. Бидејќи добропознато е дека на полето на политичкото делување како и на други полиња, не може сè да се добие со помош на мечот:постојат подлабоки причини и посилни закони на коишто луѓето од акција и народите се изложени. Наша должност е да ги разликуваме овие причини водејќи сметка да станеме наспроти властите гласници на моралниот поредок. Овој поредок е супериорен во однос силата и на насилството. Во оваа супериорност е изразено целото достоинство на луѓето и на нациите'' (Јован Павле II, 1979)

Во овој говор папата Војтилаја потврдува потребата од претпочитање на дијалогот и мирољубивите средства пред оние насилните, но изјавува и дека е праведно дури нужно човек да направи да го чујат неговиот глас оние кои ја држат власта.

Овој став е доследен на нормите пропишани од Црквата во поглед на легитимноста на војната. Тие норми биле официјализирани во 1992 година со составувањето на Катекизмот на Католичката Црква. Во овој официјален текст на Светата Столица е дефиниран поимот за праведна војна усогласувајќи го со христијанското учење за ненасилството.

Всушност Црквата тврди дека во отсуство на меѓународна власт којашто може да го гарантира мирот, државите се тие коишто треба да се погрижат за сопствената безбедност бидејќи имаат право на нужна самоодбрана. Откако ќе се утврди ова, треба да се каже и кои се условите кои ја оправдуваат воената интервенција во случај на нужна самоодбрана:

- предизвиканата штета од страна на напаѓачот на нацијата или на заедницата на нациите да биде трајна, сериозна и извесна;
- да сите други средства за да се стави крај се покажале како непрактични и неефикасни;
- да се создадени услови за успех;
- употребата на оружје да не предизвикува зла и нереди посериозни од злото кое треба да се отстрани. Во проценувањето на оваа состојба големо влијание има моќта на модерните средства за уништување.

Можеби поради оваа оградување од актите на насилство, Црквата била често обвинувана дека дури премногу се држела настрана за време на Нередите. На пример, и покрај официјалните осуди за сите насилни дејствија што ги извршиле и двете страни, на ниеден член на ИРА не му било ускратено да учествува во верските служби ниту добил ескомуникација од Црквата ниту пак му бил ускратен погреб според католичките обреди.

Во 1981 година Црквата ѝ ја предочила на британската влада својата загриженост во однос на штрајкот со глад на затворениците од Х-Блоковите. Според Вилсон, „Иако црквата официјално не го поддржуваше политичкиот статус на затворениците во Х-блок, таа продолжи да ги притиска Британците за концесии“. (Wilson,1995). Клерот го докажал сопственото учество и при умирањата на затворениците одбивајќи да ги признае како чин на самоубиство, но и преку вршење комеморативни служби во црквите во сите Соединети Американски Држави(Wilson,1995).Впрочем, овие иницијативи ја потхраниле идејата на најрадикалните лојалисти во врска со папистите и критиките на унионистите.

Иако била наклонета кон ирскиот национализам уште пред да започнат Нередите, Црквата ја изразила својата поддршка за иницијативите коишто предвидувале споделување на моќ наместо повторно обединување на Ирска. Згора на тоа,„Фактот дека самата Црква бараше и стана главниот канал од финансирање на владата до креирање на работни места во католичкиот западен Белфаст до 1980 година“.(Elliott, 2002) довел до дополнителен пад на нејзиното влијание помеѓу републиканците и работничката класа. Таквите одлуки допринеле Црквата од маргинална позиција да премине во прв план на политичката сцена, привлекувајќи го вниманието на државата.

Амбивалентниот став на Црквата може да се оправда со деликатната позиција во која се наоѓала бидејќи секое нејзино тврдење или иницијатива можеле да бидат погрешно протолкувани од двете страни и од

меѓународното јавно мислење. Сепак, очигледно е дека во голема мера таквиот став често бил наметнат од желбата да се зачуваат интересите на самата Црква.

## 3. Историските корени на ирскиот идентитет

Религијата секогаш имала примарна улога во општеството и во политиката. Во Европа од Средниот век политичката теологија била пропишана од провидението: постоел длабок дуализам помеѓу земскиот поредок на светот и небесниот поредок на светот, и двата организирани според пирамидална структура. Граѓанската моќ потекнувала од религиозната, а свештениците имале улога на општествени посредници помеѓу кралот и Бог. Општеството било поделено на три сталежи: на врвот на пирамидата се наоѓале владетелот и принцовите, потоа благородниците и на крај работниците. Во клерот пак на врвот се наоѓале папата и бискупите, свештениците и најпосле лаиците. Секој поединец останувал цврсто во сопствениот сталеж и не постоела можност да се извлече од тој непроменлив систем бидејќи бил пропишан од Бога. Како што тврди Стив Брус „Христијанската црква од средниот век беше строго авторитарна и ексклузивна во односот кон знаењето. Имаше единствена вистина и знаеше што е тоа. “ (Bruce, 2009)

Во античко време и во периодот на Средниот век, политиката и религијата образувале една целина и никој не се осмелувал да ја доведе во прашање таквата реалност бидејќи така сакал Бог. Религијата била присутна во секој сегмент од животот, во фамилијата, учењето, војната. Во ваква состојба религиозното чувство продрело во културата на поединците станувајќи значајно идентитетско обележје, средство што дефинира кои сме.

Во Ирска овој процес на општествена идентификација имал специфичен тек управуван од историските настани коишто ја засегале земјата уште од нејзиното создавање. Бидејќи идентитетот- особено религиозниот идентитет-на Ирците бил од основна важност во одредувањето на случувањата поврзани со Troubles поради тоа што му дал на конфликтот атипичен карактер, станува клучно да се разбере потеклото на овој феномен.

Но кога станува збор за Ирска идентитетот не може да се третира како еднозначен поим бидејќи нацијата е составена од различни општествени групи, секоја посебно поврзана со татковината. Значи тргнувајќи од приказната за потеклото на различните идентитети што живеат во Ирска, сакаме да ги реконструираме настаните што довеле до религиозна поделеност во денешно време.

Подоцна ќе преминеме на истражување на историјата за создавањето на американскиот идентитет. Всушност и Соединетите Американски Држави се одликуваат со посебна форма на идентитет која се состои од два елемента: од една страна идентитетот кој потекнува од процесот на создавање на нацијата од страна на татковците-основачи; од друга страна идентитетот кој ги обединува различните етнички групи коишто се дел од северноамериканскиот (*melting pot*)место на различни ултури. Особено ќе го рагледаме системот на врски што се воспоставил помеѓу Ирска и Соединетите Американски Држави по зголемувањето на ирската дијаспора почнувајќи од XVIII век. Оваа врска е важна бидејќи тежнееме да ја истражиме улогата на „факторот Р“ во меѓународните односи преку анализа на односите помеѓу овие две нации во текот на „Нередите“.

## 3.1. Градењето на ирските идентитети

### 3.1.1 Ирци и „Старите Англичани”: католиците

Потеклото на древното ирско население не е јасно. Некои историчари тврдат дека се работело за населенија по потекло од нордиските земји, коишто пристигнале на островот од Скандинавија и Шкотска преминувајќи низ копнени предели. Но оваа претпоставка не е потврдена од сите.

Во IV век п.н.е. поради Римската закана, многу Гелски келти се засолниле на островот Ирска за да се спасат од освојувањето. Јазикот, културата и видот на келтските заедници (од племенска природа) се распространиле низ целиот остров и останале непроменети речиси половина век. Станувало збор за аристократска воинствена заедница во којашто веќе можела да забележи традиционалната ирска загриженост за потеклото и во која роднинската врска била важно средство за контрола на општеството (Elliott, 2002). Религијата што ја практикувало племето била од

политеистички вид, верувале во бесмртност и за нив моралот се состоел во почитување на обичаите и племенските традиции.

Ова била заедницата што Свети Патрик ја затекнал кога во 431 п.н.е. пристигнал за првпат на островот за да ја исполни својата мисија за преобраќање. Се чини дека Свети Патрик го продолжил своето евангелистичко дело под заштита на кралот на Улаидите, древен народ од кој што го добила името северната провинција на Улстер. Иако за време на мисијата формирал некои монашки заедници, Свети Патрик првенствено основал епископална Црква.Сепак манастирите имале најголемо влијание во келтската заедница[12]. Во оваа фаза од ирската историја може да се потврди дека Христијанството не направило значајни измени во веќе постоечкиот општествен систем бидејќи се ограничило да се прилагоди на локалните обичаи и паганските верувања.

Кон средината на IX век, Ирска била под инвазија од страна на еден скандинавски народ, Данците, коишто успеале да окупираат некои области од јужниот и источниот брег на островот (De Beaumont, 2006). Норманските окупатори коишто доаѓале од Англија, Велс и Континентална Европа, ја отежнале веќе сложената политичка ситуација на територијата.

Ирска била поделена на пет покраини секоја со сопствен крал, Улстер, Манстер, Мит, Конахт и Ленстер. Кралевите на овие окрузи биле секогаш во војна меѓу себе бидејќи титулата крал на Ирска била само привидна и недостасувала централна власт којашто ќе го одржи политичкото единство. Кралевите на секоја покраина имале под своја контрола голем број други кралеви и принцови еднакво независни и во борба меѓу себе и покраините биле поделени на кланови, племиња и фамилии(De Beaumont, 2006). Земја со такво ниво на внатрешна политичка и општествена поделба тешко можела да се спротивстави на освојувањето од страна на странските сили.

Христијанството останало да биде од рурален вид, подложено на келтското влијание, проткаено со пагански елементи и предадено на култот

[12]Од осмиот век, манастирите биле вклучени во династичните конфликти на воените аристократии, добивајќи економски и политички придобивки. Ова им овозможило да привлечат голем дел од населението, формирајќи вистински монашки заедници кои можеле да се пофалат со богатство и моќ

кон светците. Самата религиозна сфера не била имуна на нереди и корупција: појави како- симонија, недостаток на доблести во клерот, црковен целибат, контрола на клерот од страна на лаиците, закон за брак (Bradshaw, 2003), корупцијата и непотизмот биле опасно распространети.

Со цел да се запре негрижата во ирскиот религиозен систем, папата Адријан IV во 1155 година издал була насловена наречена „Laudabiliter“ со која го овластувал англискиот крал Хенри II да го окупира островот и повторно да воспостави ред во Ирската Црква. Англискиот владетел се задржал на островот шест месеци (од октомври 1171 година до април 1171 година) без да го освои но покорувајќи ги англиските и велшките поданици коишто се населиле таму во потрага по богатство и моќ. Освен тоа Хенри II принудил голем дел од ирските кралеви да се заколнат на верност. На овој начин подготвил почва за трајно англиско владеење на територијата на Ирска.

Во 1172 година Хенри II во соработка со бискупот од Лизмор го свикал црковниот собор во Кашел за да спроведе реформи[13] во Ирската Црква што било желба на папата Адријан IV и на неговиот наследник Александар III. Но важноста на соборот се должи на фактот што сите бискупи што учествувале биле согласни да го признаат владеењето на Хенри II во Ирска. Од друга страна, земја како што е Ирска во која единствена признаена норма од сите е онаа пропишана од религијата, не било возможно некој да се спротивстави на владетел којшто легитимно дошол да го наметне сопственото присуство по волја на поглаварот на Црквата. Волја изразена претходно преку „пофалната“ булата и потврдена од Александар III за време на соборот, со што му се дава целосна поддршка на англискиот владетел и официјално се признава неговата власт. Како последица соборот во Кашел направил пресврт во историјата на Ирската Црквата од Средниот век. Новиот владетел на Ирска бил прифатен од ирските бискупи без колебање и бил силно поддржан од папството (Bradshaw, 2003).

[13] Движењето за реформа на Црквата на Ирска бил дел од најголемиот проект на Грегоријанскиот реформи започна минатиот век. Оваа програмата имала за цел да го афирмира авторитетот на папата над власта на секој друг епископ и надмоќта на црквата Рим над локалните цркви. Врската помеѓу временската моќ и духовната моќ била сменета, каде се наведува дека Црквата требало да донесе црковни одлуки во целосна автономија, отфрлајќи го секуларното мешање од императорот.

Во текот на XII и XIII век во Ирска пристигнале нови англо-нормански миграциски струи од јужен Велс кои успеале да преживеат приспособувајќи се на постоечкиот сојузнички систем и прифаќајќи ги обичаите и културата на локалното население. Кон крајот на XIII век пристигнале шкотски платеници кои потекнувале од западните острови и чиишто јазик и култура биле од гелско-скандинавска природа. Нивната асимилација во ирското население била олеснета поради заедничкото потекло. Зачестиле и мешовитите бракови кои ја потпомогнале интеграцијата помеѓу двете заедници. Англо-норманското население кое се населило тука потекнувало од различни социјални слоеви (селани, трговци, занаетчии) и формирало вистински колонијални центри, села и градови (Bradshaw, 2003).

Воспоставениот иституционален правен и владин модел бил оној англискиот и иако делумно независен подлежел на контрола од страна на англиската круна. Сепак според Де Бемонт „Победеното население, меѓу кое националниот дух беше длабоко вкоренет, природно не чувствуваше дека треба да го преземе новиот закон на освојувачот;се држеше до античките традиции и старите обичаи“ (De Beaumont, 2006). Новите жители на Ирска кои тука се упатиле со намера да не останат дефинитивно кога најпосле се населиле „Тие не престанаа да припаѓаат на Англија“(De Beaumont, 2006). Може да се каже дека односот што се воспоствил бил еден вид компромисен однос. Англо-норманското население не било многу распространето на ирската територија: првично стигнало до северната покраина на Улстер, во текот на XIV век се повлекло и сè до владеењето на кралицата Елизабета I (1558-1663) не успеало да надмине една третина од цела Ирска.

Територијата која била под контрола на англиската влада била наречена „Оградата“ (*the Pale)* поради палисадите и тврдините кои биле изградени за да ѝ ги одредат границите. Често англо-норманите се обидувале да преминат преку границата но отпорот на Ирците го спречил походот без притоа да успеат дефинитивно да го истераат окупаторот од островот. Двете групи наместо да се обединат формирале две оделни заедници, една ирска и една англо-норманска, таканаречените „Старите Англичани“.

Религиозната компонента одиграла многу важна улога во процесот на англизација на Ирска, иако во голема мера тој бил ограничен на територијата на „Оградата“ [14]. Но и покрај сè, гелските владетели навикнати на сосема поинакви традиции, ја гледале црквата како нешто непознато, туѓо. Поради тоа на почетокот на векот дошло до еден вид враќање на паганските обичаи во рамките на Ирската Црква.

Во втората половина на IV век, со цел да се увери заедницата, ослабната од постојаните ирски притисоци, било одлучено преку донесувањето на Статутите од Килкени во 1366 година да се официјализира ‘’дискриминацијата на национална основа’’(O’Beirne Ranelagh,1999) којашто Англиската Црква веќе неколку години ја вршела врз ирското население. Таквото правно уредување го озаконило англискиот како единствен јазик што треба да се користи во рамките на заедницата, ги принудувало Ирците коишто живееле во границите на „Оградата“ да го прифатат англискиот начин на живот и ги забранувало мешовитите бракови. И покрај тоа, честите отстапки и прилагодувања со цел да се надминат ограничувањата наметнати од статутите се доказ за делумното мешање помеѓу двете заедници. Но целосната духовна преродба во Ирска се случила благодарение на делата на монашкото движење кое се појавило на островот во XIII и XIV век.

Доминиканците и францисканците (а потоа и кармелитанците и августинците) и покрај тоа што биле врзани за англиската област во која што се населиле, успеале без многу тешкотии да продрат и на територијата на гелска Ирска донесувајќи нов бран на евангелизација на целиот остров. Многу францисканци и доминиканци основале заедници надвор од Pale и во повеќето случаи станале бискупи и на двете територии, англиската и ирската.

Питачкиот ред во Ирска достигнал толкава распространетост што не може да се спореди со онаа во другите земји. Во ирското религиозно опкружување од особена важност било Реформаторското движење коешто

[14]Прво, бројот на англиски или англо-ирски епископи во ирската црковна хиерархија драматично се зголеми во текот на тринаесеттиот век. Понатаму, во обид да се инкорпорираат традициите на Црквата на Англија во ирската, се создала црковна бирократија слична на англиската, како во нејзината организација така и во јурисдикцискиот систем, изградени се манастири и катедрали во англиски стил и огромни земјишта биле доделени на владиките.

почнало да се шири на островот почнувајќи од XV век и се задржало во и надвор од „Оградата“. Во шеесетите години на XVI век питачките редови веќе биле присутни на целата западна територија каде го ширеле христијанството живеејќи во манастири кои биле принудени да ги напуштат. Потоа во осумдесетите години успеале да продрат во внатрешната област на „Оградата“ (Bradshaw, 2003).

Пристапот на движењето кон религијата предвидувал строго почитување на монашките правила, живеење во сиромаштија и лишување од црковните привилегии. Овој нов начин на живот им овозможил на монасите да бидат во близок контакт со населението, учејќи на тој начин елементи од народната култура а особено ирскиот јазик. Токму благодарение на ширењето на христијанството од страна на монасите помеѓу најниските слоеви во општеството, католичката вера длабоко навлегла во народната култура на Ирците.

### 3.1.2. Периодот на Реформата

На почетокот на новиот век, XVI и XVII, во цела Европа дошло до премин во апсолутна монархија што довело до централизирање на моќта во рацете на владетелот. Од овој момент монархот бил поистоветуван како единствена политичка и духовна моќ бидејќи се сметало дека моќта што му била доделена потекнувала директно од Бога. Владетелот бил крунисуван од папата или од високи верски достоинственици. Вклученоста на Црквата во ваков вид на церемонии имала за цел да ја обезбеди лојалноста на монархот којшто од своја страна го признавал авторитетот на папата.

И во модерниот свет религијата и политиката биле цврсто меѓусебно поврзани и со заедничка сила го условувале функционирањето на самиот систем. Сепак како што се покажало во Ирска, веќе од XIII век и во текот на XV век (во годините на Западната Шизма), во внатрешноста на религиозниот свет била почувствувана потребата да се реформира Црквата за да добие повторно исклучиво духовна улога, прочистена од корупцијата и од материјализмот.

Оваа потреба се должела на неуспехот на Соборот од Базел (1431) на кој било предложено одлуките на црковниот собор да бидат супериорни

во однос на оние на папата. Всушност по овие случувања, Папската власт си ја повратила силата и ја зацврстила сопствената позиција како ‘’врховна власт на чело на една цврста модерна Држава која се залагала за градење сојузништво со националните монархии’’(MacCulloch2011). Папата во својство на поглавар на Црквата и шеф на државата доживеал процес на централизирање на моќта сличен на оној што ги зафатил поголемиот дел од европските држави на прагот на Новиот Век[15].

Духовните и политичките вредности на Папската власт се подудирале, а понекогаш оние духовните се потчинувале на политичката сфера како во примерот со простувањето на гревовите. Имено, не е случајност што леснотијата со која се давале индулгенциите во замена за пари, го навела Мартин Лутер, зачетникот на Реформаторското движење во XVI век, да ги изнесе своите тези. Индулгенциите кои биле наменети да ги ослободат од гревовите оние кои го заслужуваат тоа, станале всушност начин преку кој Црквата се самофинансирала.

На 31 октомври 1517 Лутер изнел 95 Тези за да го разјасни ефектот од индулгенциите, одговарајќи на тој начин на потребата од обнова и започнувајќи континуиран и сестран процес на дискусии и преформулирања поврзани со основите на Христијанската вера. Во неговото дело *Слободата на христијанинот* од 1520 година го разработил односот помеѓу човекот, Бог и светот тврдејќи дека човекот може да најде спас само преку верата, не благодарение на сопствените дела, туку единствено благодарение на Божјото милосрдие. Впрочем поради ваквите ставови се судрил со Еразмо којшто го критикувал Лутер дека го разорува поимот за индивидуална одговорност.

Политичко-територијалниот фактор одиграл значајна улога во ширењето на Лутеровото движење. Всушност, искористувајќи ја слабоста на централната власт-бидејќи Карло V повел војна против Франција и против Турците- и поддршката на германските принцови и на слободните градови, лутеранството го уништило религиското единство поделувајќи ја

[15] Процесот на зајакнување на политичото кнежество на папството кореспондира со начин на разубавување на територијата на државата, која бара значителни финансиски средства и на тој начин ги охрабрила појавите на корупција и непотизам.

Германија на две верски сфери. Како реакција на тоа што се случувало во неговата империја, Карло V во 1530 година го свикал Соборот во Аугсбург којшто им „објавил војна“ на протестантите.

Одговорот на тоа било создавањето на Шмалкалдскиот сојуз, политичко-воено и антиимперијално здружување со кое се предвидувало интервенција од страна на сите членови во случај еден од нив да биде нападнат поради религиозни причини. Впрочем врската помеѓу религијата и политиката станува уште појасна ако се земе во предвид дека Сојузот барал поддршка од надворешни сојузници (Франција, Англија и Данска). Кога најпосле императорот изјавил дека сака да ја направи наследна императорската титула, протестантите кои се плашеле да ги изгубат своите „германски слободи“ под владеење на Филип II (подоцна ќе стане поддржувач на Противреформацијата) се побуниле здружувајќи се со Анри II крал на Франција (Campi, 2008).

Во 1555 година бил потпишан Аугзбуршкиот мир со кој дошло до разединување на религиите во империјата и било утврдено-правото на владетелите (принцовите и слободните градови) да ја одредат религијата на своите поданици според принципот cuius regio eius religio (оној кому му припаѓа територијата ја одредува религијата), но од ова право биле исклучени протестантските цркви (Цвинглијанската и Калвинистичката црква) (Rubboli, 2007).

Со Аугзбуршкиот мир дошло до религиско помирување во империјата, но сепак не била дозволена слобода на вероисповед во поединечните територии што биле дел од империјата. Со мирот врската меѓу религијата и политиката не само што се подобрила туку и се засилила. Всушност од овој момент верата на владетелот на која требало да се прилагоди верата на државата, имала одлучувачко влијание врз неговиот светоглед, а потоа и врз неговото политичко делување, а религиозната дисиденција била сметана како напад врз владетелот.

По религиското разединување во Европа на почетокот на XVI век, заедно со појавата на првите протестантски цркви започнало и Противреформаторското движење преку кое Црквата се обидела да ја промени својата улога на светската сцена. Како што веќе беше кажано,

еден значаен дел од овој обновувачки процес се должи на Реформаторското движење на монашките или питачките редови кои имале желба да направат пресврт во средновековната неумереност. Делото на монасите имало особено значење во Ирска каде се чувствувала потребата за прочистување на Црквата од суеверија и од пагански влијанија.

Освен тоа во XVI век дошло до појава на нови братства од кои најзначајно и најраспространето било Дружбата Исусова. Езуитите бидејќи му се заколнале на верност на папата, биле подготвени да извршат секаква задача-од религиозна или политичка природа- којашто им ја доверил поглаварот на Црквата. Освен што придонеле за ширењето на католицизмот и на противреформациските сфаќања преку непрекидна мисионерска работа на глобално ниво, езуитите честопати имале улога на исповедници-советници на принцовите, учествувајќи на индиректен начин во политичките дејствија на државите (Vismara, 2008).

Згора на тоа во XVI век дошло до силно враќање на инквизициските активности. Во годините на политичко-религиозни потреси и создавање на модерни држави, репресивните дејствија кои ги спроведувала Инквизицијатанаоѓале оправдување во потребата да-се стекне контрола врз религиозното мислење сфатено како опасно жариште на политичка субверзија(Vismara, 2008).

Но вистинскиот пресврт во реформаторската дејност на Црквата се случил со Трентскиот собор којшто Рим и државите го посакувале но истовремено и се плашеле од него. Ако од една страна Папската власт стравувала дека европските сили би можеле да го искористат Соборот за да вршат влијание, државите се плашеле од можноста соборот да стане средство за зголемување на моќта на императорот.

Најзначајната промена по завршувањето на Трентскиот сабор била централизацијата на папската власт којашто имала за цел да ја потврди својата централна улога во христијанството и да се спротивстави на лутеранството, а исто така имала и важно политичко значење. Всушност како што тврди Висмара „процесот на менување на црковните структури е тесно испреплетен со создавањето на модерните држави''. Тој процес се инспирирал од паралелното создавање на модерните национални држави

чијшто апсолутизам соодветствувал на-еден вид „духовен апсолутизам“на Црквата (Vismara, 2008).

Црквата си создала црковна организација со исто значење како оние во државите, развивајќи систем на нунцијатура-чијашто политичка функција се состоела во одржување на дипломатските односи со европските сили- и залагајќи се да одржи извесна економско-политичка независност, со цел да му овозможи на папството да ја извршува својата духовна функција. Последиците од Протестанството претставувале тежок предизвик за Црквата и за Католичката противреформа.

За протестантите Библијата била основната алатка на која требале да се повикаат, единствена доктринарна власт којашто ги пропишувала правилата на однесување во општеството. Парадоксално, расправата околу толкувањето на Светите Списи била и причината за поделбата во рамките на самото Протестанство. Поради тоа невозможно е да се зборува за Протестанството како за единечен поим бидејќи и покрај тоа што елементите кои биле во основата на протестантското движење останале истите што ги предложил Лутер, различни биле понатамошните толкувања и примени.

Пред сè Реформацијата се поделила на четири главни струи. Лутеранството кое се припоило кон политичката моќ за да ги оствари сопствените цели; радикалната реформација којашто ја продолжувала идејата за поделба помеѓу религиозната димензија и онаа граѓанско-политичка, на оваа реформација припаѓале анабаптимот и спиритуализмот (којшто ја усмерувал намерата за обнова кон внатрешна и индивидуална религиозна потрага); калвинизмот кој се одликувал со непопустливост кон Католичката Црква и верување во судбина; и најпосле англиканството коешто иако претставувало средно решение помеѓу Протестанството и Католицизмот, доделувало одлучувачка улога на политичката моќ во водењето на Црквата(Potestà &Vian, 2010).

Лутеранската реформа пред сè се распространила во Данска каде во 1536 година станала државна религија, во Шведска и првично во

Швајцарија кадешто во понатамошниот период се развило движењето на Цвингли. Благодарение на неговата мисија, во Цирих и во други градови биле спроведени реформи во јавната помош утврдени со државни закони и доверени на поединци наместо на верски институции. Освен тоа, Цвингли како поддржувач на идејата дека Божјото царство било единствено и ја опфаќало не само духовната сфера туку и онаа политичката-барал сојузништво со германските принцови лутерани ‘’го започнал смелиот план за создавање големо антиимперијално сојузништво коешто требало да се протега од Северот до Југот на Европа и да ги опфати и Миланското Војводство, Венецијанската Република и Франција (Campi, 2008).

Претставниците на „радикалната реформација“ се група или одделни мислители коишто се бореле за своите реформаторски идеали без да побараат поддршка од принцовите. Поделени од различните гледишта претставниците на оваа движење сепак биле обединети од некои заеднички идеали, меѓу кои убедувањето дека верниците треба да се држат надвор од политиката, и обратно дека граѓанската власт не треба да се меша во религиозната материја. Помеѓу припадниците на движењето на радикалната реформација особено се истакнувала групата на анабаптистите[16]. Со оглед на нивото на меѓусебно пресметување помеѓу граѓанското општество и Црквата во тоа време, неизбежно било ставовите на анабаптистите да предизвикаат реакции од страна на политичките и религиозните институции кои започнале да вршат безмилосен прогон против нив. Но и покрај тоа, а можеби и поради прогонувањата кои ги принудиле анабаптистите да се распрснат, движењето успеало да продре во Швајцарија, Германија, Холандија и Полска.

Нивниот придонес во рамките на Протестанството бил значаен бидејќи дел од нивните идеи биле преземени во текот на XVII век од оние протестанти кои се бореле за да се оддели Црквата од државата и да се стекне мир и слобода на вероисповед (Campi,2008).

[16] Во спротивност со одржувањето на врската помеѓу граѓанската и верската заедница типична за средниот век, анабаптистите имале комунитаристичко општество во кое е одбиено поседувањето на различни стоки, превземање на граѓански или воени позиции и одбивале да дадат заклетва.

Жан Калвин, за разлика од Лутер, бил лаик со правно образование кој создал модел на презбитеријанска црква која се стремела за независност од секуларната граѓанска власт, но за разлика од замислата на анабаптистите, не барал целосно одделување на религијата од граѓанското општество. Тој се залагал за соработка помеѓу граѓанските институции и Црквата што нема да ѝ наштети на слободата на самата Црква. Благодарение на неговото дело, во втората половина на XVI век, Женева станала град за кој се врзувала Протестантската реформација. И покрај цврстиот отпор од страна на католиците, калвинизмот се проширил во Франција, Холандија, Шкотска, Германија, Унгарија и Полска[17].

Во Шкотска, ситното благородништво и буржоазијата потпишале пакт (Covenant) за да се спротивстават на филофранцуската и филокатоличката политика на привремената владетелка Марија од Гиза. Придонесот на Џон Нокс, пастор и проповедник со калвинистички убедувања, бил клучен за да се засади семето на Протестантската реформа во Шкотска и да ѝ се даде јасен калвинистички белег.

Во Холандија, на почетокот на XVII век настанала препирка помеѓу бескомпромисните калвинисти-гомаристи (следбеници на Франц Гомарус) поддржани од Orange и потолерантните аминијанци (следбеници на Јакоб Арминиј) поддржани од аристократијата и од крупната буржоазија. Ако првите посакувале монархистичка влада во Обединетите Покраини и ја поддржувале војната против Шпанија; арминијанците, движење кое во редовите на своите приврзаници може да се пофали со филозофот и правник Хуго Гроциј, тежнееле да се оствари републиканскиот модел во кој одделните автономни покраини ќе придонеле за подобрување на меѓународните односи.

Најригорозната калвинистичка струја била доминантна сè до смртта на Мориц Орански-Насауски (1625) кога најпосле ‘’Републиката на Обединетите Покраини станала првата држава во светот која се откажала од верското единство и покажала вистинска религиозна слобода

[17] Во Германија, Калвинизмот се шири благодарение на воспоставувањето на фламански, англиски и шкотски заедници, но исто така и заради придржувањето на територијалните принципи во реформската калвинистичка вера. Во Франција и Холандија судирите беа особено насилни до тој степен што резултираа во Француските религиозни војни (1562-1598) и Осумдесетгодишната војна или Холандската револт (1568-1648).

загарантирана од протестанската црква, подготвена самостојно да се соочи со секаков вид на противења без да се откаже од сопствениот идентитет''(Campi, 2008).

Што се однесува до англиканството, треба да се потенцира дека Реформацијата во Англија имала променлив тек што се должело на политиките што ги воделе различните владетели кои середеле на тронот во периодот од 1531 година до 1603 година. Шизмата се случила поради тоа што папата Климент VII одбил да дозволи поништување на бракот помеѓу Хенри VII и Катерина Арагонска. Но значаен бил англискиот контекст во кој помеѓу населението и во парламентот биле ''силно изразени негативното чувство во однос на Рим и мрачниот национализам кои не давале право на ниту една власт, ниту на папската, да се меша во внатрешните работи на Англија''(Campi, 2008). Токму во рамките на парламентот, особено благодарение на фигурата на министерот Томас Кромвел се појавила желбата за доближување на Англија кон власта во Рим.

Во 1534 година бил донесен Актот за супремација со кој Хенри VII се прогласил за „врховен владетел на земјата на Англиската црква“. Сепак на теолошки план не се случиле многу промени во однос на католичката доктрина бидејќи Хенри VII, и покрај шизмата, останал убеден католик.

Во овој долг период, најзначајни резултати од Реформацијата биле процесот на приспособувањето кон етички и идеолошки принципи и исклучувањето на црквата од политиката. Како прво приспособувањето кон етички и идеолошки принципи на територијата на империјата врз основа на критериуми утврдени со Аугзбуршкиот мир довело до создавање на национални цркви со сопствено уредување. Руболи тврди дека првично појавата на национални протестантски цркви го означила почетокот на национализација на религијата која одиграла значајна улога во создавањето на националните идентитети во земји како Англија, Шкотска, Холандија и Шведска бидејќи ''идентитетот се состоел од чувство на припадност кон заедницата, а верските заедници честопати биле сметани за најважни'' (Rubboli, 2007). Така религијата станала дел од културниот

идентитет и од националната политика; идентитет којшто ги придружувал верниците во текот на нивните патувања и преселби кои биле поттикнати од верскиот прогон.

Како второ, бидејќи било нарушено религиското единство на Католичката црква, Реформацијата придонела целосната политичка и религиозна моќ да премине од папата, којшто во својство на поглавар на Црквата барал да му се признае апсолутна моќ, на модерните држави со што се отворил патот за понатамошен процес на секуларизација на политиката.

### 3.1.3. „Новите Англичани": протестантите

Почнувајќи од династијата Тјудор, со владеењето на Хенри VII (1485-1509) и понатаму за време на владеењето на Хенри VIII (1509-1547), Едвард IV (1547-1553) и Марија I (1553-1558) започнала вистинска масовна колонизација на Ирска. Откако во 1517 во Европа земало замав протестантското Реформаторско движење, Новите Англичани од англиканска вероисповед пристигнале во голем број како последица на освојувачката политика на Тјудор со која се предвидувало да се пресели во Ирска голем дел од британското население. Всушност терминот, Новите Англичани служи да го разликува овој нов составен дел на ирското општество од претходните окупатори англо-норманите коишто веќе се прилагодиле на заедницата со гелско потекло.

И покрај реформаторското движење во Европа населението во Ирска не ја чувствувало потребата, како што тоа било случај во Англија и Шкотска, да ја реформира Црквата бидејќи на локално ниво таа сè уште значително се прилагодувала на народните традиции. Ирската религиозност во многу области била сè уште проткаена со елементи на суеверие и еден вид пантеизам којшто ја продолжувал претхристијанската традиција.

Кога во 1534 година Хенри VIII го донел „Закон за воспоставување власт" со кој го официјализирал одделувањето на Англиската Црква од Римската Црква. Одлучил и дека фигурата на кралот треба да се совпаѓа со фигурата на поглаварот на Англиканската Црква. Згора на тоа го потврдил преминот на Ирска од сињорија во кралство менувајќи ја својата титула од

господар во крал. Причината за ваквиот чин се должела на фактот што голем број Ирци продолжувале да го гледаат владетелот како обичен претставник на англиската власт додека пак цврсто ја одржувале својата верност кон Папата како поглавар на Црквата.

Бидејќи Англија добро ја прифатила Реформацијата, сакала да ѝ ја наметне и на ирската заедница воспоставувајќи на тој начин не само политичка туку и религиозна власт.

Како што беше објаснето и претходно, Реформацијата во Велика Британија немала континуиран тек. За време на владеењето на Едвард VI, Англиканската Црква се приближила до ставовите на лутераните и протестантите, бидејќи младиот владетел бил изложен на влијанието на регенскиот совет составен од поддржувачи на протестанството. Но по искачувањето на тронот на Марија I, вистинска католичка и мажена за Филип II крал на Шпанија-поддржувач на Противреформацијата-црковните закони коишто ја направиле англиканската црква протестантска, биле поништени (со исклучок на „Закон за воспоставување власт“).

Освен тоа кралицата на Англија поттикнала насилно прогонување на протестантите кои за да се спасат од масакрот се иселиле од островот. Според Кампи ‘’сеќавањето на мачениците кај јавното англиско мислење, освен желбата веднаш да се ослободат од шпанското вазалство, предизвикало и длабока и незапирлива аверзија кон католицизмот...“(Rubboli, 2007). Оваа антикатоличка настроеност го следела англиското протестантско население во местата кои биле наменети за иселување, а особено во ирскиот случај кадешто антагонизмот помеѓу католиците и протестантите бил одлучувачки во одредувањето на судбината за земјата.

Најпосле, со владеењето на Елизабета I, којашто била протестантка, биле поништени одредбите на полусестрата Марија I и дошло до зацврстување на англиканството коешто било изразито наклонето кон протестантите.

Распространетоста на Реформацијата во Ирска била дел од една поширока политичка реформа, план за англизација, благодарение на новата династија на тронот. Планот за колонизација, започнат од

половината на XVI век којшто бил дел од најголемата политичка замисла, претставувал првична форма на *Plantations.* Во Ирска, реформата на династијата Тјудор била доживеана како ‘’узурпација на нејзините економски и политички интереси, како повреда на омиленото наследство од привилегии и слободи и како навреда на чувството на независност на сопствената политичка зедница во однос на Англија’’ (Bradshaw, 2003).

Врз основа на тој план, пред сè, вицекралот и функционерите кои биле испратени во Ирска, не требале да бидат веќе Англо-Ирци туку Англичани. Ова не само што значело губење на локалната независност, туку пред сè овозможило да се населат алчни англиски владетели коишто станале вистински населеници. „Новите Англичани“ ја промениле општествената и политичка структура на земјата заменувајќи ја веќе постоечката елита од гелско или англо-ирско потекло[18]. Како второ, локалната феудална војска била заменета од еден англиски гарнизон кој за кратко станал ‘’окупаторска војска’’(Bradshaw, 2003), користена со цел да се продолжи освојувањето на островот. И на крај се обиделе да го реформираат општеството водејќи истрајна колонизаторска политика.

„Новите Англичани“имале потреба од земја каде да се населат со своите семејства, каде да ја „засадат“ сопствената култура и да ја практикуваат својата протестантска вера. Новите колонијални населувања завршиле со окупација на земјата која традиционално припаѓала на старите ирски елити предизвикувајќи бројни судири и бунтови од страна на локалното население коешто малку по малку се обединило против окупаторот.

Во овој нов општествен контекст Католицизмот тешко наоѓал простор. Многу често Ирците и „старите Англичани“ (потомци на англо-норманите коишто се населиле во времето на Хенри II) кои не ја прифатиле Реформацијата, биле сведоци на попречување на можностите за економско и политичко подобрување поради нивната верска определба. Всушност тие имале заедничко етничко потекло со Англичаните, но иста религија со Ирците.

[18]Во седумнаесеттиот век, системот на закони познати како Брехонски закони (Brehon laws) биле напуштени во корист на вметнување, на Англискиот обичен закон (English Common Law) во Ирска. Многу британски колонисти, запознаени со новиот правен систем, ја искористија предноста пред локалното население да се здобијат со многу повеќе земјиште.

Во создадениот политичкиот и општествен хаос, единствената сламка за којашто можеле да се фатат била вербата во Католичката црква. Политичките и религиските цели повторно се вкрстиле бидејќи како што тврди Брендан Бредшо ‘’бунтовниците одлучиле да заземат заеднички идолошки став во однос на религијата’’ (Bradshaw, 2003).

Всушност, бунтовите против англиската круна коишто се нижеле во XVI век[19] во поглед на Противреформацијата[20], биле поттикнати со цел да се спречи злоупотребата на власт од страна на еден крал окарактеризиран како’’еретик/ наследник’. Од повеќе причини, во 1570 година по издавањето на булата „*Regnas in Excelis*“со која се предвидувала ескомуникација на Елизабета I по наредба на папата Пиј V, ирскиот народ сметал дека е оправдано да се побуни против политичкиот авторитет на кралицата. Всушност, бидејќи била исклучена од Црквата,Елизабета I немала веќе легално право да ја води Ирска затоа што била сметана за еретик. Папата го овластил кралот на Англија Хенри II да го окупира островот Ирска со цел да ја поддржи и да ја поттикне тамошната христијанизација, но бидејќи Елизабета I (а пред неа и Хенри VIII) не ја признавала Папската власт го изгубила легитимното право да владее со таа земја.

Битките за враќање на политичката и религиозната независност во Ирска, биле одлучувачки во градењето на националниот идентитет којшто за Република Ирска и добар дел од населението во Северна Ирска и ден денес останал недопрен. Како што раскажува Бредшо‘’каузата на католичката вера и ирската кауза веќе го започнале процесот на идентификација. Повикувајќи се на древното наследство на Ирците, бунтовниците се прогласиле за бранители на римскиот католицизам како вековна вера во која Свети Патрик во V век ги конвертирал Ирците’’(Bradshaw, 2003)

[19] Првиот вооружен протест од благородното семејство Фицџералд од Килдаре се случил во 1534 година; Следеле немирите од 1569 и 1579 предводени од Фитџералдс на Дезмонд. Фактот дека кнезовите се бореле за зачувување на верата е симптом на провинцијализам типичен за гелското општество. По поразот на бунтовниците, исто така погодена од сериозна глад, и земјиштата биле конфискувани и понудени на англичаните. Според Де Буммонт, вкупното земјиште одземено од Ирците и доделено на новите англиски колонисти изнесувало околу двесте илјади акри; како последица на експропријацијата, старите земјопоседници се преселиле во шумите и планините каде што би можеле да го продолжат своето богослужение, далеку од очите на англиската власт.

[20] Движење што ја виде Католичката црква како обид да се реформира за да се спротивстави на последиците од протестантската реформација. За таа цел во 1545 година (и до 1563 година) бил свикан Советот на Тренто со кој се официјализирал ставот на Црквата кои бил спротивен на протестантизмот и неговота дифузија.

### 3.1.4. Републиканските Дисиденти

Во контекст на Противреформацијата во Ирска, активностите на монасите-мисионери овозможиле католичката вера да навлезе во ирската традиција успевајќи на тој начин да се спротивстави на ширењето на Реформацијата поддржана од власта. Протестантските реформатори коишто се обидувале да ги преобратат католичките верници, често наидувале на пречки во приближувањето до народната култура бидејќи го користеле англискиот јазик. Нивниот план бил создавање на англизирано општество во кое црковните обреди од англиканска традиција ќе се вршат на англиски јазик.

Всушност протестантите во многу ситуации чувствувале одбивност кон гелската култура. Калвинизмот на пример, бил религија која се засновала на интроспекција и индивидуализам, верувала во судбина и го сметала папата за антихрист[21]. Ова била причината поради која сметале дека Ирците бидејќи католици, биле осудени на вечни маки и мислеле дека не можат да бидат спасени. Згора на тоа, нивната индивидуалистичка религиозна перцепција очигледно се судирала со перцепцијата на ирските католици во која се испреплетувале поимите религија, територија и семејство. Оваа врска го покажува единството помеѓу религијата и ирскиот идентитет како што тврди и Елиот: „Католичката црква, во која доминирале членовите на гелската елита, се придвижија брзо да го дефинираат католицизмот како„Предците на религијата“ добиена од страна на нивните предци. Со тоа ги создадле текстовите што биле дел од подоцнежниот национализам “ (Elliott, 2001).

Како што беше прикажано, расправата што се водела околу Реформацијата имала и политичко значење бидејќи го доведувала во прашање непроменливото владеење на Католичката Црква и се залагала за слобода и секуларизација на политиката. Од таа причина не станувало збор само за религиско прашање бидејќи Англичаните се плашеле дека Католичката црква можела да ги совлада Реформацијата и слободата која била гарантирана.

[21] Црквата на Ирска изрично прогласи дека папата е антихрист со издавање на статии на вера од 1615 година.

Освојувањата на династијата Тјудор започнати во втората половина на XVI век, завршиле со крајот на Деветгодишната Војна позната и како Тиронски бунт. Војната била водена од 1594 до 1603 и била судир помеѓу Ирците предводени од Хју О'Нил, гроф од Тирон иРед Хју О'Донел, и англиското владение на Елизабета I. Со цел да се запре англискиот поход на гелска територија и да се спречи ширењето на Протестанството во католичка Ирска , Хју О'Нил-кој впрочем силно посакувал да заземе владејачка позиција во англиската колонија- се приклучил на ирските водачи во борбата за слобода, регрутирајќи и војска составена од шкотски платеници.

Грофот од Тирон за да стекне верска толеранција за католиците, направил борбата да стане камен-темелник на војната против англиската опресија, без да го изостави политичкиот елемент: Во изјавите и во написите коишто ги издал во 1599, О'Нил ги измешал аспирациите за верска слобода и оние за национален суверенитет прифаќајќи идеологија на „Вера и Татковина" Ирскиот парламент, некои важни статути на Реформацијата ги претворил во закони, но на тоа се спротивставила ирската елита.

Конфликтот којшто настанал претежно во северните области на Улстер, завршил во 1607 година со пораз и прогонство на ирските водачи (Бегство на Грофовите). Овој неуспех ја одредил судбината на земјата бидејќи земјиштата што ги поседувале гелските владетели биле конфискувани од страна на Англичаните со што започнала вистинска англиска колонизација во Ирска позната под името *Plantation,* и се ставило крај на гелскиот поредок во Ирска.

Според Џорџ Риди, последицата од победата на Елизабета I била „појавата во ирската политика на обединувачка сила: омраза кон Британците. Населението се претворило од исклучена група на воински племиња во општество со мисија - да се ослободи од омразената доминација на странски освојувач" (Reedy, 1991). Сепак, било потребно време пред оваа свест да добие политичка форма и значење.

По смртта на Елизабета I во 1603 година, нејзиниот наследник на тронот Џејмс I (1603-1625) го продолжил планот за освојување на островот. Откако во име на круната била конфискувана земјата на шестте грофовии на север- Дери, Донегол, Тирон, Фермана, Каван и Армаг-новиот владетел одлучил да им ја додели не само на англиските поданици туку и на Шкотите од презбитеријанска вера, покажувајќи извесна пристрасност кон својата земја на потекло.

Откако поради претходната колонизација од страна на Елизабета I дошло до населување на пуританци и ширење на калвнистичките принципи и во рамките на Ирската Црква, со овој нов бран на миграции започнало населување на Шкоти и презбитеријанци во Ирска (De Beaumont, 2006) (особено во Северна Ирска) коишто го создале третиот елемент на ирскиот идентитет: Дисиденти.

Во најострата фаза од „Плантажа“, кралот Џејмс одлучил да им ја одземе земјата на сите кои не ја заслужувале сопствената титула, добивајќи на тој начин огромен имот за да може да го раздели на протестантското население. Првично според Елиот, „Плантажата“ во северниот дел на Улстер се развила во соработка со Ирците; намерата не била да се воведе данок за населението туку станувало збор за измени во системот за сопственост на земјиште. Северните покраини биле поделени на шест грофовии од кои еден дел бил наменет за Англичаните и Шкотите, еден дел можел да биде доделен на Ирците кои биле заслужни и на поданиците, како на пример кралски службеници, и на крај еден дел наменет за црквата и за Тринити Колеџ[22]. Сепак самата Елиот признава дека основните услови за да се добие имот предвиден со планот за„Плантажа“ биле припаѓање на протестантската вера и неприпаѓање на ирската заедница. (Elliott, 2001)

## 3.2. Пристапот на Христијанството кон војната

Идентитетите што се формирале на таков начин во Ирска, не биле изложени на процес на мешање туку останале одвоени низ вековите.

[22] Основано во 1592 година, Тринити колеџ првично имал функција да го подготви реформираното свештенство за да изврши евангелизација низ целиот остров.

Религијата, испреплетена со идентитетот на ирските заедници, го условувала нивниот светоглед. Во таа насока, протестантите и католиците развиле одредени ставови во однос на употребата на насилство и особено во однос на правото на отпор кон власта. Важноста да се истражат католичките и протестантските традиции од тој аспект, потекнува од фактот што религиозните учења на тема отпор делумно би можеле да се објаснат со дејствијата на двете групи во однос на конфликтот.

### 3.2.1 Споредба помеѓу католичката и протестантската традиција: правото на отпор

Во минатото, кога привремената власт се потчинила пред духовната власт воспоставувајќи ја врската помеѓу државата и Црквата којашто продолжила и во Модерното Доба, императорите наоѓале во верата оправдување за војната којашто честопати била толкувана како израз на Божјата волја. Ако од една страна императорите се прогласувале за заштитници на Црквата подготвени да ја бранат со меч, од друга страна Црквата ја признавала легитимноста на тие чинови. И покрај тоа, не недостасувале размислувања од страна на христијанскиот свет, поврзани со етичноста на војната.

Првичната дефиниција за тоа што е допуштено во вооружената борба потекнува од делата на Свети Августин во V век. Според него една војна може да се смета за праведна единствено доколку нејзината цел е да одговори на нанесената неправда по која не следело каење и надомест. Но тврдел дека војната сигурно е оправдана доколку е посакувана од Бога. Како што потсетува Партнер: „Идејата за праведна војна којашто влијаела врз христијанските бискупи уште пред Августин, била поврзана со стоичката филозофија и со римското право: оправдано било војната да се користи како средство за заплашување и одмазда против напаѓачот, и во IV и V век, христијаните тврделе дека праведното објавување на војна можело да ги стави настрана учењата на Христос околу вртењето на другиот образ кон оној што врши неправда“(Partner, 1998).

Впрочем помеѓу IX и XI век имало многу случаи во кои самите папи влегувале во војна со сопствена војска за да ги одвратат муслиманските сили кои воделе *џихад*, или пак за да ја потврдат својата моќ во борбите за доаѓање на положба.

Во текот на Средниот век Христијанството било вклучено во светите војни кои го добиле името крстоносни. Во 1905 Урбан II го повикал на помош лаичкото население за да тргне во Светата Земја и да се бори против неверниците и да ја ослободи Црквата во Ерусалим; за возврат верниците ќе добиеле прошка за сите гревови и намалување на казните. На овој начин од света војна водена под Божја заштита, се преминало на војна допуштена од Божја власт.

Почнувајќи од Втората крстоносна војна (1147) можело да се забележи учеството на европските сили (Франција и Германија) кое се должело на влијателната дипломатска дејност на папите и на официјализирањето на војните акти врз основа на канонското право. Всушност тргнувајќи од овој период-големите западни монархии се обиделе да„го ограничат влијанието на папската власт врз нивните политички одлуки...'' (Partner, 1998).иако продолжувале да учествуваат во светите војни поттикнати и од религиозниот порив и од политичка корист.

Крстоносните војни влијаеле и врз освојувањата во колонијалната ера, кога освојувањето имало формална христијанизаторска нишка. За таа цел, повикувајќи се на постулатот за праведна војна, Инокентиј IV во првата половина на XIII век го вовел принципот врз основа на кој папата бил овластен да користи сила со цел да ги натера неверниците да ја прифатат христијанизацијата во нивната земја. Оваа идеја за света војна[23] продолжила да опстојува во текот на XVI век, иако во понеизразена форма и покрај спротивставувањата на Протестанството коешто ја критикувало Црквата за продавање на индулгенции со цел да ги финансира Крстоносните војни против муслиманите.

[23]Таканаречените религиозни војни кои ја зафатија Европа до мирот во Вестфалија, нашле легитимност во одбрана на својата вера, дури и ако причините за конфликтите би можеле да бидат од различна природа. Концептот на светата војна бил напуштен само на крајот на Триесетгодишната војна и во поголема мера со доаѓањето на просветителството во осумнаесеттиот век, кога причината и рационалноста на конфликтот ги замениле светите христијански војни.

Во европските земји во кои реформаторските движења не наишле на одзив, религиозните судири често се испреплетувале со политичките превирања. Историско-политичките околности кои го проследиле ширењето на Реформацијата, придонеле да се обликува Протестанстската мисла во однос на употребата на сила и правото на отпор, поради што не може да се дефинира како еднозначна.

Лутер, врз основа на теоријата за „двете царства“ разработена во Трактатот за световната власт од 1523 година, тврди дека не може да постои религиозно оправдување за употребата на сила против власта. Напротив, сметал дека принцовите биле овластени да го употребат „мечот“ за да го одржат општествениот поредок: ‘’потребно е да им се даде цврста основа на световнот право и на мечот, иако никој не се сомнева дека мечот постои во светот поради Божја волја и наредба’’(Luther, 2003).

Бидејќ моќта на владетелот била воспоставена од Бога, задолжително било да ѝ се покориш. За таа цел Лутер го цитира Петар и тврди: „ моќта што постои, од Бога е наредено да постои. Така што оној кој пружа отпор на моќта се опира и на Божјата наредба, и оние кои ќе се спротивстават ќе навлечат проклетство на себе’’(Luther, 2003).

Лутер, како и многу мислители од тоа време, бил убеден дека човекот е злобен по природа. Од таа причина Бог се погрижил да му наметне на човештвото два вида норми: „онаа духовната којашто преку Светиот Дух ги прави христијаните побожни и покорни на Христос, и онаа временската која ги предупредува нехристијаните и злобните со цел барем однадвор да го задржат мирот и да бидат спокојни и против нивна волја“(Luther, 2003). На овој начин Лутер ја препознава потребата од граѓанска власт која иако одделена од духовната сфера, сите луѓе треба слепо да ја слушаат бидејќи тоа е Божја волја.

Како што треба да се почитува таткото, според Мојсеовите заповеди, така треба да се почитува владетелот:-истото треба да се каже и за послушноста кон световната власт којашто(како што рековме) има статус на татко во поширока смисла.И додава: „доколку даде отпор или се побуни, нека знае другата страна дека нема да добие никаква милост ниту

благослов"(Luther, 2003). Но според Лутер, постои граница на оваа послушност:

„Сега, доколку твојот принц или Господ на земјата ти нареди да бидеш со папата или да веруваш во ова или во она, односно да пишуваш книги, ти ќе му речеш: Не му доликува на Луцифер да седи покрај Господ. Драг господару, јас сум должен да Ве слушам со телото и со душа. Затоа заповедајте ми според големината на Вашата моќ на земјата и јас ќе Ве послушам. Но доколку ми наредите да верувам или да пишувам книги, јас нема да Ве послушам. Всушност во тој случај ќе станете тиранин и би барале премногу давајќи наредби таму кадешто немате право ниту способност, итн."(Luther, 2003)

И помеѓу претставниците на Католицизмот ги имало оние кои ја споделувале идејата за принц-тиранин. Еразмо Ротердамски, католик и претставник на холандскиот хуманизам, бил еден од главните поддржувачи на реформата којашто требала да се случи во рамките на Црквата, а не преку поделбата која се случила по протестите на Лутер. Сепак како и Лутер, сметал дека е тиранин принцот којшто не ги почитува Божјите закони и се занимава само со сопствените интереси без да мисли на благосостојбата на народот. Еразмо ја признава и злобната природа на човекот тврдејќи дека ''народот е бунтовен по природа''Erasmus (1997), но не го признава правото на народите да ја подриваат власта на принцот во случај да се покаже како тиранска.

Гледиштето на Лутер, веројатно било условено од фактот што за време на неговата кампања за Реформација можел да смета на поддршката на изборниот кнез на Саксонија, Фридрих Мудриот, којшто му понудил заштита кога бил прогонет од империјата. Напротив германскиот протестантски пастор Томас Минцер (1489-1525) застанал на страната на селаните кои во 1524 се побуниле и во име на христијанската слобода барале,меѓудругото, еднаква распределба на црковните даноци и укинување на кметството. Спротивно на размислувањата на Лутер, Минцер давал целосна поддршка за употребата на сила со цел спротивставување на неправдите од страна на власта, критикувајќи го всушност Лутер дека

бил попустлив кон германските принцови и дека го ставал во втор план народот (Campi, 2006).

Калвин како и Лутер, бил убеден дека човечкиот род е злобен по природа. Да биле оставени луѓето сами, без водач, ќе се создадел хаос споредлив со хаосот во царството на животните. Поради тоа Бог морал да создаде граѓанска власт којашто ќе воспостави ред и ќе се грижи за доброто на народот.

Бидејќи тој ред бил создаден од Бога, Калвин смета дека луѓето се должни да му се покорат и да го почитуваат: ‘’доколку оние, што по Божја волја живеат според принципите и природно се зависни од нив, ја префрлат моќта на себе обидувајќи се да направат некаков бунт или промена, еден таков обид не треба да се смета само за апсурден и бесполезен туку жалосен и штетен’’. И додава: ‘’Не можеш да му се спротивставиш на државниот чиновник без да му се спротивставиш на Бог’’и уште, ‘’народот не треба да предизвикува буни и да презема иницијатива за да ги задуши или да се меша во нешто што не е во негова надлежност’’(Calvino, 1971).

За калвинистите судбината била сигурно нешто. Според тој принцип човекот не може да го менува создадениот ред, туку треба единствено да моли за Божја помош во чиишто раце се наоѓаат душите на кралевите и смената на власт. И покрај тоа, Калвин тврди дека:

‘’Во идејата за послушност … кон владетелите, постои секогаш граница или поточно правило кое треба да се почитува во целост: таквата послушност не треба да не оттргне од послушноста кон оној чијашто волја ја почитуваат сите кралски едикти, по чија волја сите декрети отстапуваат и пред чија величественост треба да се наведне и да се покори секаква власт. … Значи Господ е крал на сите кралеви и штом отвори уста треба да го послушаме пред сите. Од ова произлегува дека треба да им се покориме на оние кои владеат со нас исто како што му се покоруваме нему. Но доколку овие наредат нешто против Господ не треба да им се обрнува внимание. И во тој случај не треба да се има никаква почит кон моќта на владетелите којашто не се намалува кога е потчинета на Божјата моќ, којашто е единствена и вистинска’’.(Calvino, 1971).

Како што забележува Меким цитирајќи го самиот Калвин, кога еден принц ќе ги надмине сопствените овластувања сакајќи да биде дел од Божјата моќ, не можеш да го послушаш без да го навредиш Бог (McKim, 2004). Тој, исто така признава дека отпорот може да вклучи примена на сила.

Во однос на тиранијата на принцовите, Калвин се повикува и на францускиот режим „„Место во кое - вистината за Бога, чиста религија и доктрината за вечното спасение се уништени" (McKim, 2004).

Во Франција во 1562 година, откако Катерина Медичи го признала правото на француските реформатори да ги вршат јавно своите верски обреди, католиците реагирале со масакр врз хугенотите, кои пак одговориле со колеж врз монаси и свештеници. Така започнале низа крвави Религиозни војни коишто завршиле дури во 1598 година, со Нантскиот едикт[24]. Кога во 1685 година Луј XIV го поништил Нантскиот едикт, хугенотите масовно емигрирале за да најдат прибежиште во други протестантски земји.

И во Холандија каде што калвинизмот длабоко навлегол почнувајќи од 1540, Филип II кралот на Шпанија (1523-1555) водел отворена антипротестантска политика. И покрај поддршката од холандското благородништво и од принцот Вилијам I Орански, синот на Карло V не покажал подготвеност да направи компромис со протестантите, туку напротив започнал насилно да ги угнетува. Во 1568 избила Осумдесетгодишната војна која завршила во 1648 година со признавањето на независноста на Обединетите Покраини каде протестантската црква најпосле станала државна религија.

Овие години обележани од прогонот и крвавото угнетување на протестантите од страна на католиците, биле одлучувачки во обликувањето на калвинистичкиот став во поглед на примената на насилство. Всушност калвинистите, верни на учењата на женевскиот реформатор, станале

[24] Издадено од Хенри IV, едиктот им гарантирал граѓанска и верска слобода на протестантите и, како гаранција за мир, тој им дал сопственост на некои утврдени градови.

промотори на правото да се даде отпор на наредбите на тиранинот (католичка Шпанија) во случај кога истите се сметаат за спротивни на христијанската етика.

Најпосле во втората половина на XVI век некои политички филозофи (католици и протестанти) развиле доктрина според која-волјата на народот е основа на легитимноста на власта Предвесниците на значајни демократски принципи, противниците на монархијата (антимонархисти) давале суверенинтет на народот, којшто можел да го оствари своето природно право да се спротивстави на тиранскиот владетел и да му ја одземе власта. Езуитот Франсиско Суарез (1548-1617) стигнал до таму да размислува дури за убивање на тиранинот којшто го лишува од слобода сопствениот народ. Ваквите размислувања наишле на големо одобрување во Велика Британија. Овие размислувања имаат особено значење доколку се вметнат во контекст на револуциите во Англија во XVII век.

### *3.2.1.1. Англиските револуции*

Појавата на пуританското движење во рамките на Англија на почетокот на XVII век, била особено значајна за овие настани. Пуританизмот потекнува од желбата да се доведе религијата до првобитната „чистота", достапна единствено преку читањето на Библијата, прочистувајќи ја од остатоците на католицизмот коишто останале во обредите и во бискупатот. Во текот на XVII век, во рамките на пуританизмот се создала и Баптистичката Црква којашто тежнеела кон слободно религиозно општество независно од граѓанското општество.

Она што особено ги загрижувало приврзаниците на пуританското движење бил предлогот за презбитеријански модел во Англија којшто требал да го замени англиканскиот бискупски систем. Сепак овој предлог за промена не наишол на поддршка од новиот владетел.

По смртта на Елизабета I, кралствота на Англија, Шкотска и Ирска за првпат во 1603 се обединиле под круната на Џејмс I. За време на неговото владеење се засилиле поделбите на религиозна основа. Всушност Џејмс I

го поддржувал Англиканството иако во земјата сè повеќе биле распространети пуританизмот и калвинизмот коишто се стремеле кон едно општество во кое поединецот ќе најде простор да ја практикува својата вера.

Во овие години, владетелот, којшто традиционално смета дека неговата власт е дар од Бога, се обидува да ја централизира власта врз себе бидејќи не е подготвен да напправи компромис со парламентот. Поради тоа се обидува да го стави парламентот во тешка ситуација, но безуспешно. Кралот стравувал дека презбитеријанскиот модел којшто го предложиле пуританците во Англија, би можел да ѝ наштети на монархијата како што веќе се случило во Шкотска. Тој всушност сметал дека ‘’бискупатот и круната се две институции коишто взаемно се поддржуваат’’(Campi,2008), спротивно на протестантската мисла којашто претпочитала да се поделат граѓанската и духовната власт.

Уште еден мотив за судирот била одлуката на кралот да даде поддршка на шпанската круна во првата фаза од Триесетгодишната војна. Всушност протестантите се плашеле дека ваквата одлука повторно ќе направи кралството да стане зависно од католичка Шпанија и од Рим. Аверзијата на пуританците, впрочем поттикната преку контрола на проповедалниците, била сфатена како отворено противење кон кралот во рамките на англискиот парламент што било изразено на поексплицитен начин за време на владеењето на Чарлс I (1625-1649).

Новиот владетел којшто ги наследил филокатоличките чувства од мајката, ги засилил грижите на пуританците бидејќи водел толерантна политика кон католиците. Згора на тоа, на финансиски шпекуланти им доверил вреден кралски имот и бил принуден да побара финансиска помош од парламентот за да се справи со воените трошоци во Франција. Сепак парламентот се спротивставил на дејствијата на кралот кој пак реагирал донесувајќи одлука да го распушти. Тогаш кралот одлучил да владее сам, но сепак ја доверил внатрешната политика на Премиер а религиозната политика на надбискупот од Кантербери.

Кога се обидел да ја наметне „Англиска Книга на заедничка молитва“и да промовира бискупизам во Шкотска, избил бунт. Како што

видовме, наметнувањето на закон од страна на властите што го спречува слободното практикување на сопствената вера, протестантите го сметале за чин на принц-тиранин. Поради тоа во такви околности, според учењата на Калвин, било оправдано да се реагира пружајќи отпор кон волјата на владетелот.

Во 1640 година Чарлс I повторно го свикал парламентот бидејќи имал потреба од фондови за да се справи со шкотскиот бунт, но веднаш го распуштил (Краток парламент) поради барањата да се укине таканаречениот *ship money* данок и да се одобрат нормите против самоволното распуштање на парламентот. Најпосле, по поразот од Шкотите, истата година кралот бил принуден повторно да го свика парламентот којшто оттогаш нема никогаш повеќе да биде распуштен (Долг парламент). Парламентот во кој мнозинство биле пуританците продолжил да биде непријателски настроен кон монархот.

Во Ирска, веќе во триесетите години на XVII „Плантажа" достигнала извесна стабилност, Ирците продолжиле да бидат мнозинство а некои од нив вршеле и државни функции; главно била на сила еден вид „премолчена верска толеранција"(Campi, 2008)што според Елиот би можела да се задржи доколку конфликтот помеѓу кралот Чарлс I и англискиот парламент-освен економската криза во тек-не предизвикал заострување на тензиите. Ситуацијата се променила на полошо кога грофот од Страфорд, Томас Вентворт, прогласен за вицекрал во 1633 година, ја создал Новата Ирска Партија во 1639 година којашто претежно била составена од католици.

Станувало збор за контекст во кој токму непријателството помеѓу кралот и парламентот во однос не само на буџетото туку и на религијата, прераснало во вистинска граѓанска војна којашто ја вклучувала не само Англија туку и Шкотска а на крајот и Ирска. Чарлс I (1625-упорно сакал да ја наметне англиканската вера на народ (Англичаните и Шкотите) чијашто религиозна определба била сè повеќе склона кон позициите на пуританците и на клавинистите. И ирската национална црква во 1634 година ги прифатила триесет и деветте начела на англиканската црква, но ја задржала калвинистичката определба.

По избивањето на бунтот во Шкотска во 1638 година, Ирска во 1641 година водена од војската што ја формирал Вентворт, одлучила да нападне пред да биде нападната, дигајќи се против колонизацијата на англиските протестанти. Првично, бунтот бил со поблаг интензитет со цел да си ја вратат одземената земја. Сепак по првата победа, бунтовничкиот дух се разгорел до тој степен што започнал бран на насилства врз англиските колонизатори, што довело до граѓанска и религиозна војна која траела десет години. Истребувањето на околу дванаесет илјади протестанти(англиканци и презбитеријанци) предизвикало реакции од страна на британската влада:

„Англиската нација тогаш, преку својот парламент, изјавиla дека веќе нема да толерира папизам во Ирска (8ми декември 1641 година); тогаш цела Англија на цел глас викала дека Католичката Ирска мора да биде уништена; Протестантизмот мора да се воспостави во Ирска; последниот Ирец ќе биде истребуван наместо да дозволи католицизам во оваа земја. (..)Оваа војна на уништување треба да биде насочена кон секој Ирец; парламентарна одредба „дека не треба да се дава соседство на ниту еден Ирец или папист роден во Ирска.“ (De Beaumont, 2006)

Особено зборовите „Католичката Ирска мора да биде уништена; протестантизмот мора да се воспостави во Ирска “го потенцираат фактот дека по бунтот од 1641 системот на „Плантажа“пропаднал и религијата станала единствено вистинско оправдување за одземањето на земјата. Од друга страна во ова епоха религијата создала нераскинлива врска со политиката и се сметала за суштински елемент во одржувањето на постоечкиот поредок. Во 1645 надбискупот Џовани Батиста Ринучи пристигнал во Ирска во својство на нунциј назначен од папата Инокентиј X, со цел повторно да го врати католицизмот во Ирска. Неговата силна спротивставеност кон Англичаните ја исклучувала можноста да се постигне било каков компромис што ја попречува верската толеранција кон католиците и спречила постигнување на договор помеѓу двете страни.

По распуштањето на парламентот во кралството на Чарлс I дошло до граѓанска војна (1642) помеѓу двете фракции: партијата на кралот

(аристократијата и Англиканската црква) и поддржувачите на парламентот (ситното благородништво, припадници на слободни професии, трговци, занаетчии, пуританци и сите оние кои биле против Националната Црква и Католицизмот). Црквите одиграле важна улога во ова фаза од немирите. Од проповедалниците биле упатувани пораки до народот кои го поттикнувале да застане на едната или на другата страна во зависност од сопствената вера: англиканските жупници со поддршка за кралот, пуританските со поддршка за парламентот.

Поддржувачите на парламентот го сметале Оливер Кромвел за политички и воен водач којшто со својата војска успеал најпосле да го порази кралот. Фигурата на Кромвел е особено значајна:

Бидејќи пораснал во пуританска средина, идниот „Заштитник“ бил претставник на една радикална струја на движењето чиишто приврзаници биле наречени „конгрегационалисти“ или „независни“. Тие се спротивставувале на монархистичкиот апсолутизам и на бискупската црква не прифаќале никаква национална црква, се залагале за слобода на религија за сите граѓани и целосна независност на поединечните локални заедници (на англиски congregations) во поглед на вера и црковна дисциплина. ( De Beaumont, 2006)

Дејствијата на фракцијата предводена од Кромвел се чинело дека ги одразуваат идеите разработени од страна на противниците на монархијата. Според нивните идеи оправдано е да се изврши екстремен бунтовнички чин против граѓанската власт како што е убивањето на владетелот. Обезглавувањето на кралот силно одекнало во Европа и предизвикало чудење и загриженост. Убивањето на владетелот го означило крајот на самиот монархистички принцип: „Англија станала Комонвелт(1649-1660), „држава во која пуританскиот религиозно-етички идеал се поистоветувал со потрагата по „општото добро“ не за да доминира туку да стане иновативен поттик на сите полиња, од економија до мода, не исклучувајќи ги правдата и надворешната политика.“ (De Beaumont, 2006)

Кромвел создал Република којашто од 1653 се претворила во воена диктатура. Исклучително значаен за целите на оваа студија е фактот што во годините помеѓу 1642 година и 1658 година, судирот меѓу пуританските

трупи на Оливер Кромвел и војската која во најголем дел била составена од Шкоти и Ирци со католичка вероисповед, следбеници на кралот Чарлс, довел до невидено рушење на политичкото единство во Англија. Сето ова придонело за конечно исфрлање на прашањата поврзани со религиозниот поредок од меѓународната политика.

Жестината со која Англичаните се истуриле врз ирското население станала незапирлива особено по падот на Чарлс I и создавањето на Републиката на Оливер Кромвел. Освен тоа војниците на Кромвел кои се сеќавале на приказните поврзани со масакрот врз протестантите којшто се случил во почетната фаза од бунтот, постапувале со особена свирепост бидејќи ја сметале војната како можност за одмазда. Кампањата што ја водел Кромвел покажала рамнодушност кон ирските католици и „старите Англичани“ бидејќи биле сметани за поддржувачи на „заговорот на папистите“ [25]во полза на кралот а на штета на Републиката.

Папизмот според Елиот главно бил политичко прашање: „Таа обединета вера се сметаше за корумпирана, суеверна и прогонувачка на надворешно-политичките закани на јакобитизмот и апсолутната монархија, а сликата се одржуваше од честите војни со католичките сили на континентот“(Elliott, 2001). Од таа причина ‘’Кромвел одбил да ја дозволи католичката вера во било каков облик, а свештениците и бискупите биле прогонети од Ирска со закана за смртна казна за нив и за нивните помагачи’’. (Bradshaw, 2003)

И покрај тоа католиците останале мнозинство во Ирска. Бидејќи смртта и прогонот не се покажале како доволни, единствено корисно решение според Кромвел било географска поделба на двете заедници. Поради тоа, било утврдено од четирите тогаш постоечки покраини во Ирска три да бидат населени со протестанти и само една, покраината Конахт, со ирски католици. Токму во овие години, според Де Беомонт, се случила идеолошката поделба меѓу двете заедници во Ирска, протестатската и

[25]Тој што не бил член на новата реформирана црква на Ирска се сметал за папист, со што се докажала верна на Римската црква и на папата, кој остварувал/покажувал и духовна и временска моќ над католиците

католичката.Поделба која продолжила да опстојува низ вековите сѐ до ден денес. (De Beaumont, 2006)

Откако се погрижил да ги расели католиците од нивната земја за да ги собере  во единствената покраина во која им било дозволено да живеат, многу имоти останале празни. Според она што било утврдено со „Законот на авентуристи“донесени од страна на англискиот парламент, добар дел од овие имоти биле доделени како награда за оние луѓе кои биле во потрага по подобра иднина и коишто дале придонес во финансирањето на војната. Друг дел од територијата бил доделен на војниците на Кромвел кои бидејќи не сакале да се населат таму решиле да ги продадат имотите. Така во многу случаи претходните сопственици кои биле католици успеале да си јаповратат земјата. Други војници пак одлучиле да останат и често стапувале во брак со жени од местото и на тој начин станувале и тие католици. Поради тоа може да се каже дека и покрај напорите кои што ги правела владата на Кромвел, голем дел од католиците останале на својата земја.

По смртта на Кромвел (1558) дошло по повторно воведување на монархија под водство на Чарлс II Стјуарт (1660). Во овој период којшто бил наречен Англиска реставрација (1660-1685), ирските католици гаеле нови надежи за верска толеранција. Откако круната се вратила во рацете на потомокот на династијата Стјуарт, тој им ветил на протестантите дека ќе можат да ја задржат сопствената земја, но дека и католиците коишто ѝ останале верни на круната ќе ја добиеле назад земјата којашто им била одземена за време на владеењето на Оливер Кромвел.

Но Елиот наведува дека „надвор од Антим, помалку од 4 проценти од земјата во Улстер останаа во католичка сопственост“ (Elliott, 2001). Всушност кралот не успеал да ги исполни своите заложби бидејќи партиите во парламентот коишто го поддржале неговото враќање на тронот, освен бескомпромисни англиканци биле и монархисти и презбитеријанци непријателски настроени кон католиците. Поради тоа направил англиканството повторно да стане национална религија и донел закони со кои се забранувале тајни верски состаноци.

Овие наредби кои биле желба на парламентот, имале за цел да наметнат нетолерантен режим спротивно на намерите на владетелот „католик во душа“(Campi,2008). Во периодот што следи се засилило непријателството во однос на папизмот бидејќи „во време кога религијата и политиката беа тесно поврзани“ (De Beaumont, 2006) било недозволиво да се толерира Католицизмот спротивставувајќи се на волјата на парламентот и на англискиот народ.

И покрај жртвувањето на Чарлс II којшто се откажал од сопствената вера поради политички причини, надежите на католиците продолжиле дури и по неговата смрт, кога филокатоликот Џејмс II (1685-1688) го наследил на тронот. Неговата политичка толеранција кон католиците предизвикала реакција од страна на англискиот народ којшто започнал битка против приврзаниците на папската власт „што довело до кинење на веќе тенката врска помеѓу националната црква и владетелот“ (De Beaumont, 2006)Џејмс II се обидел да воведе повторно апсолутистичка монархија, но парламентот одлучил да го тргне од положбата претпочитувајќи принц од редовите на протестантите на тронот на Англија, Шкотска и Ирска.

Изборот паднал на Вилијам III Орански којшто го прифатил крунисувањето полагајќи за првпат заклетва над Декларацијата за Правата. Со тоа започнала војна (1689-1691) помеѓу Џејмс II, којшто не бил подготвен да се откаже од своето владеење, и Вилијам III, којашто завршила со Битката кај Боин на 1 јули 1690, со победа на Вилијам III и со потпишувањето на Трактатот од Лимерикво 1691.

По „Славната Револуција“ се појавила идејата да се подели власта помеѓу народот и кралот. Доколку порано се мислело дека власта на владетелот потекнува од Бога и дека единствено Бог може да му ја одземе, сега кралот требало да добие легитимитет кој зависел од волјата на парламентот и од волјата на народот на индиректен начин, претворајќи ја апсолутната монархија во уставна монархија.

Значајно било и одобрувањето на Актот за Толеранција во Обединетото Кралство со кој парламентот прогласил слобода на вероисповед за независните религиозни групи, иако англиканството останало државна религија. Климата на толеранција којашто се создала во

Англија овозможила поголема културна отвореност: ‘’се развиле културните институции на пуританските дисиденти, се создале услови за процут на шкотските универзитети, од презбитеријански вид, коишто во наредниот век доживеале врвен период со великани како Дејвид Хјум, Адам Смит, Адам Фергусон, Дугалд Стјуарт’’ (De Beaumont, 2006). Споредливи единствено со либералната клима во Обединетите Покраини, англиските општества станале модел за инспирација на меѓународно ниво. Доволно е да се спомне дека француското просветителство го земало за пример англискиот систем со кој се отворил патот за Француската Револуција и појавата на јавното мислење на политичката сцена измислувајќи ја уметноста на управување.

#### *3.2.1.2 Последиците во Ирска: зацврстување на идентитетот*

Битката кај Боин била исклучително важна не само поради фактот што ја одредила судбината на една цела земја туку и поради тоа што довела до конкретизација на поделбата на земјата по религиска основа. Од таа причина битката станала дел од колективната свест на Ирците; овој настан е дел од општествената меморија на протестантската заедница која секоја година го прославува со паради и манифестации со цел да ја истакне својата улога во општеството. Всушност, Битката кај Боин на победниците им всадила менталитет на опсада и го означила почетокот на градењето на моќни односи кои сè до денес се одлика на Северна Ирска.

На симетричен начин за ирските католици таа претставува почеток на низа дискриминации и прогони кои биле легално спроведени. И покрај тоа што Трактатот од Лимерик привидно гарантирал извесна слобода за ирските католици, оваа слобода всушност била укината од „низа закони кои предвидувале целосно исклучување на католиците од политичкиот живот, додека остатокот од имотите на католиците бил префрлен на протестантите“ (Bradshaw, 2003). Побединиците кои биле во помал број се плашеле дека повторно ќе се спроведат насилнички акти од страна на католиците со што ќе се доведе во опасност нивната положба и ќе им се врати на католиците одземената земја. Со цел да си обезбедат доминација над католиците, протестантите побарале помош од парламентот.

Ова било почетокот на една епоха обележана од Кривичните Закони, донесени од страна на ирскиот парламент[26] по наредба на англиската влада. Главната цел на овие закони била да им обезбеди земјиштен имот на протестантите (бидејќи поседувањето земја било единствен легитимен извор на политичката моќ) и да го спречи прозелитизмот на католиците кои биле сметани за бунтовници, за да Ирска конечно стане протестантска земја. Поради тоа во 1698 бил донесен декрет за прогон со кој целиот клер, езуитите, монасите и бискупите во Ирска биле принудени на егзил. Доколку се врателе назад ќе се соочеле со санкции, додека пак била предвидена парична награда за секој кој ќе го пријави нивното присуство на ирско тло. (De Beaumont, 2006)

Кривичните Закони ги казниле Ирците поради нивната вера, но се одразиле и на нивниот политички и општествен живот. Всушност поради овие законите на младите католици им била ускратена можноста да се да добијат образование ( освен ако не се работело за протестантско учење); на католиците им било забрането да вршат секаква професионална дејност (со исклучок на лекарската дејност) или пак биле принудувани да работат во неповолни услови; доколку не положеле заклетва за верност на англиската круна[27], биле исклучувани од јавните функции; биле забранети мешовитите бракови (свештениците кои помагале во склучувањето на мешовитите бракови можеле да се соочат со смртна казна) и било забрането прикажување на богатство кое било поголемо од онаа на протестантите. (Elliott, 2001)

Католиците не можеле да добијат имот од протестантите; доколку некое од децата преминело во Протестанството станувало сопственик на земјата; и најпосле по смртта на еден католик, земјата којашто ја поседувал требала да биде поделена на сите деца. Накусо, целта била ирските католици да бидат лишени од земја, граѓански права и вера. Според

[26]Ирскиот парламент основан во 1264 година подлежи на англиски авторитет. Сепак, додека ирскиот парламент мораше да има дозвола од англискиот парламент да ги донесе своите закони, англискиот парламент имаше моќ да воведе каков било закон во Ирска без ирскиот парламент да го ратификува. На почетокот на осумнаесеттиот век се основаше Унијата помеѓу законодавните тела на двата парламента, со цел да се заштитат привилегиите на англо-ирското население.

[27] Од 1693 година, католиците немаат пристап до парламентот, освен ако не положат заклетва против авторитетот на папата; им било одземено и правото на глас во 1728 година, право кое тие би можеле да го вратат само со заклетва за абдурација (со кое се одрекувале од кралот Стјуарт).

католиците последица од овие закони било уништувањето на католичката аристократија.

Суровоста на Кривичните Закони и огорченоста кон оние кои ги спровеле, имале придонес во формирањето на културниот идентитет на ирската католичка заедница, идентитет којшто се создал спротивставувајќи се на „другиот", оној што прогонува и што ја држи власта, протестантот. Протестантите пак имале неодредени чувства кон татковината. Идентитетското чувство на англо-ирските протестанти („новите Англичани") се состоело од гордоста што во Ирска се повеќе Англичани отколку Ирци- и поради тоа имале извесни привилегии-и бесот што не биле сметани за еднакви со Англичаните во Англија.

По поразот на Џејмс II во 1690 и со наметнувањето на протестантската власт и Казнените Закони, економската состојба и општествената положба на ирските католици драстично се влошила. Верската нетолеранција, сиромаштијата (често на екстремно ниво) и неможноста да се искачат на некоја положба во општеството биле главните причини кои ги навеле Ирците да се упатат кон други земји. Овие причини ги предизвикале првите миграции на Ирците во текот на наредниот век. Многу Ирци се упатиле кон земји како Франција, Чиле, Аргентина, Канада, Австралија итн.; но најголемата ирска заедница денес се наоѓа во Соединетите Американски Држави каде што почнувајќи од XVIII век еден голем дел од ирското население масовно се упатило во потрага по слобода и економска благосостојба.

## 3.3. Американското влијание

Одлуката да се истражи и создавањето на американскиот идентитет, произлегува од фактот дека Соединетите Американски Држави одиграле активна улога во Ирското Прашање. Учеството на Соединетите Американски Држави се должи главно на две причини: (1) природата на младата американска нација којашто уште од своето создавање се состоела од просветлен карактер и убедувањето дека треба да одговори на *очигледната судбина*: да се рашири демократијата насекаде во светот; (2)

врската којашто, преку ирската дијаспора на северноамериканскиот континент, ги обединила двете нации врз основа на длабоки религиозни корени.

Историјата на Северна Америка овозможува да се објасни создавањето на националниот идентитет којшто се состои од два елемента. Најпрвин Соединетите Држави се одликуваат со посебна„јавна религиозна димензија“којаштоРоберт Белах ја дефинира какоамериканска граѓанска религија. Овој збир од „верувања, симболи и ритуали“настанал заедно со младата нација и е дел од американскиот идентитет (Bellah, 1967). Граѓанската религија долго време влијаела врз надворешната северноамериканска политика и сигурно имала значајна улога во одредувањето на политичките потези на Соединетите Американски Држави поврзани со „Нередите“.

Како второ миграцијата на Ирците на новиот континент поттикната главно од религиозни причини, придонела за создавање на дијаспора којашто задржала дел од идентитетот кој се формирал во татковината. Но со време Ирските Американци се идентификувале со земјата којашто ги прифатила, Соединетите Држави, и на тој начин се создал феномен на двојна лојалност: кон земјата на предците и кон новата татковина. Ирската дијаспора заедно со бројни други етнички групи коишто живеат во Соединетите Американски Држави, е дел од вториот идентитетски северноамерикански елемент: „место на различните култури“.

Бидејќи и двете компоненти на американскиот религиозен идентитет го одредиле влијанието на Соединетите Американски Држави во „Нередите“, сакаме да го објасниме потеклото на една толку силна национално-религиозна идентификација, присетувајќи се на историските околности коишто довеле до тоа. Најпрво ќе ги објасниме оние светски настани кои довеле до создавањето на Соединетите Американски Држави и им припишале својства коишто ја направиле нацијата различна од сите држави на стариот континент. Понатаму ќе ги издвоиме специфичностите на американската демократија којашто е плод на Револуцијата од 1776 година. Згора на тоа, ќе ги анализираме двете компоненти на американскиот идентитет: граѓанската религија, а земајќи го во предвид

„melting pot“[28] ќе го изанализираме и идентитетот на Ирските Американци. На крај ќе истражиме какво влијание имале во Ирска создавањето на новата американска нација и Револуцијата.

### 3.3.1 Од Вестфалскиот мир до Просветителството

Амриканскиот континент, освен од страна на англиската бил предмет на освојување и на шпанската, португалската и француската империја. Но во Северна Америка надвладеале англичаните, а особено предоминирал британскиот демократски модел. Френсис Бејкон, во своето дело Новата Атлантида објавено во 1627 година, добро ги опишал британските чувства во тоа време односно во годините кога се формирале првите американски колонии. Тој раскажува како Америка би можела да стане основата на една светска утопија чијашто движечка сила во создавањето на „новата Атлантида“ требале да бидат Англичаните.

Династијата Тјудор, освен што биле творци на „Плантажите“ во Ирска, биле и зачетници на колонизацијата на североисточниот брег на Америка[29]. Во времето кога првите доселеници пристигнале на територијата на денешните Соединети Држави, на „стариот континент“ преовладувале религиозните војни коишто длабоко ги вознемириле повеќето Европјани. Тие биле во потрага по нова земја каде би можеле да си создадат живот без религиозни или политички присилби и каде би можеле да создадат економска благосостојба.

Првите кои се населиле во 13те колонии во 1621 година биле познатите Пилигрими, членови на англискиот пуританизам коишто дошле во Америка за да побегнат од верскиот прогон. Во Англија биле прогонувани не само поради фактот што нивната вера била спротивна на државната религија туку и поради тоа што пуританзимот не бил само религиозно

[28] Мешање на повеќе нации, етнички групи, култури и обичаи. Мп е метафора како хетерогено општество да стане се повеќе хомогено, со различните елементи кои „се стопуваат“ во една хармонична челина со заедничка култура. Особено користена за да се опише асимилацијата на имигрантите во САД, во употреба од 1780те.

[29] Истражувањето на британската империја во странство започна во 1497 година со Себастиано Каботото, за време на владеењето на Хенри VII. Во 1599 година ЕлизабетаI ја започнала окупацијата на Северна Америка, со населување на таканаречените „13 колонии“(New Hampshire, Massachusetts, Rhode Island, Connecticut, New Jersey, New York, Pennsylvania, Maryland, Delaware, Virginia, North Carolina, South Carolina, Georgia)

учење туку од многу аспекти се испреплетувал и со најапсолутните демократски и републикански теории (De Tocqueville, 2002).

Првите жители на Америка биле претежно селани или крајно сиромашни луѓе во потрага по подобар живот и жртви на верски прогон во потрага по слобода; дел од нив биле и политички изгнаници и интелектуалци кои припаѓале на средната класа коишто поради страдањата од апсолутната монархија, сонувале за свет во кој ќе го засадат семето на толеранцијата, каде ќе ги распространат принципите на еднаквост и идеалите на демократијата.

Освен тоа не треба да се заборави дека американските колонии коишто се формирале во текот на втората половина на XVII век, биле дел од една поширока меѓународна заедница:

„Формиран на мирот на Вестфалија во 1648 година, овој нов систем се обидуваше да стави крај на години на крвавите религиозни судири со тоа што ќе го засили статусот и улогата на нацијата.Засновано делумно врз концептите развиени од Уго Гротиус, холандскиот политички теоретичар и татко на меѓународното право,Вестфалија воспостави принципи како суверена еднаквост на државите, територијалниот интегритет на државата,немешање од една држава во внатрешните работи на другите, мирно решавање на споровите и обврската за придржување кон меѓународните договори.“ (Herring, 2011)

По Вестфалскиот мир во 1648 година Модерното Доба е обележано од централната улога на Државата како единствен легитимен актер во меѓународните односи и оној што има право на присилба, од правилото за неучествување (резултат на принципот на *cuius regio eius religio*) и од одрекувањето од страна на Соединетите Држави да наметнат една религија. Поимот за „државна причина“ и поимот за „рамнотежа на моќта“ ја замениле потребата од универзален морал којшто Црквата отсекогаш го промовирала. Државните интереси биле ставени на прво место во одредувањето на политичките дејствија коишто требале да се преземат бидејќи последната цел требала да биде зачувување на самата Држава дури ако е потребно и на штета на религиозното единство.

Всушност по завршувањето на Триесетгодишната војна дошло до воспоставување на апсолутистички режим и постигнување на рамнотежа во Европа со што големите европски сили биле одделени преку централен појас од мали држави кои биле слаби политички. На сличен начин се тежнеело да се поделат религиите во ограничени територии. Всушност Вестфалскиот мир ги потврдил одредбите од Аугзбуршкиот мир со кои толеранцијата важела и за калвинистите, а на владетелите им било наметнато да ги почитуваат религиозните малцинства на нивните територии.

Всушност поради Реформацијата дошло до ширење на идејата за различност којашто била во спротивност со претходното единство на религиозната заедница и се залагала за создавање на поствестфалски политички поредок врз основа на религиозен плурализам. Ако од една страна Вестфалскиот мир придонел за создавање на модерна држава-нација и единствена национална култура, од друга страна како последица растела религиозната разноликост. Според Стив Брус решението на овој парадокс било создавање неутрална држава или уште подобро секуларна држава (Bruce, 2010).

Поради тоа уште од своето создавање Соединетите Американски Држави ја граделе својата политика врз основа на овие вредности. Може да се каже дека формирањето на Соединетите Американски Држави претставува обид да се спроведе во пракса создавањето на држава којашто навистина ќе биде секуларна.

Во оваа нова реалност, улогата на папската власт во меѓународната политика се намалила. Поради тоа доколку претходно Црквата тежнеела да ја потврди својата улога помеѓу државите, сега го свртела сопственото внимание кон нејзините внатрешни проблеми, промовирајќи-еден нов период на дисциплинарен реформизам(Vismara, 2008).

Сепак секуларната држава не се создала веднаш по Вестфалскиот мир, туку била резултат на долг и постапен процес. Во текот на целиот XVIII век религијата останала цврсто поврзана со политичкиот и општествениот живот. Според Тартароло:

„Идентитетот на поединците во голема мера бил од религиозна природа а и нивниот општествен и политички идентитет во суштина зависел од нивните ставови кон црквата којашто била доминантна. Начинот на кој се доживувал Бог и начинот на кој поединецот се поврзувал со него ја сочинувале суштината на постоењето: не само важните настани во животото на поединецот како што се раѓањето, бракот и смртта имале религиозно значење, туку и во секојдневниот живот, работата, празниците, осаменоста и односите во општеството религијата имала доминанта улога. Празниците и обредите тесно ги поврзувале секојдневниот живот и институционалната религија којашто била јавно признаена. Во католичките земји присуството на религијата било распространето во зависност од степенот на независност на црковните институции во односите со граѓанската власт“ (Tortarolo,2001).

Почнувајќи од холандските и англиските кругови, климата на верска толеранција, слободата на мислење и истражување во XVIII век допрела до европската културна елита овозможувајќи да се упати остра критика кон филозофите од времето на стариот поредок, да се појави просветителската култура, да започне патот којшто во доцниот XVIII век довел прво до Американската револуција, а потоа и до Француската револуција. (Campi, 2008)

Во овие години од просветителството произлегле многу размислувања за односот со религијата. Иако се смета дека просветителството им давало предност на разумот и на науката во однос на религијата, всушност критиката на просветителството се стремела да ја реформира религијата, а не да ја исклучи од општеството и од политиката.

Многу филозофи, претставници на Просветителството, ги почувствувале на своја кожа прогонувањата и тоа влијаело на нивните размислувања во поглед на религијата. Особено татковците на просветителската мисла поврзана со религијата, Спиноза, Бејл и Лок дале забелешки коишто послужиле како основа за усовршување и реинтерпретација на понатамошни поразвиени размислувања.

Лок сметал дека единствено преку разумот можело да се донесуваат одлуки поврзани со верски прашања и дека разумот треба да послужи како

светло за извлекување на вистината од мноштвото предрасуди и домги коишто религијата традиционално ги наметнувала. На сличен начин Спиноза сметал дека разумот е единствената алатка за правилно толкување на Светите Списи. Бејл, хугенотски бегалец, тврдел дека клерот имал премногу интереси за да биде навистина основа и пример за моралност. Тој во центарот на своите размислувања го ставал поединецот којшто требало да ја пронајде вистината потпирајќи се единствено на сопствената совест. (Tartarolo, 2001)

Всушност, во основата на просветителската мисла поврзана со религијата постоела „една општествена и интелектуална фигура, човек кому му била вродена критиката кон традиционалнта религија и кој се одликувал со длабока потрага по самозадоволноста во однос на божеството и на моралната независност“.(Tartarolo, 2001)Овие размислувања го поттикнале развитокот на поекстремни ставови како што се деизмот и атеизмот.

Еден од најславните и најзначајните претставници на деизмот, Волтер, за да ја развие својата политичко-религиозна мисла се повикал на искуството што го стекнал живеејќи во прогон во Англија. Земајќи го за пример англискиот политички и културен систем, Волтер се залагал за мирна коегзистенција помеѓу различните вери во една држава. Тој ја гледал Англија како цивилизациски модел којшто треба да се следи бидејќи била современа и толерантна кон бројните религиозни секти на нејзината територијата. Освен тоа англискиот систем се темелел на еднаквост пред законот, јавното мислење било силно застапено во политичкиот контекст и постоела слобода на печат, на што Волтер се восхитувал. Најпосле тој тврди дека разумот не ја отфрла верата туку го потврдува постоењето на Господ како творец на светот и на воспоставениот поредок. И Монтескје ги прифатил деистичките ставови, но за разлика од Волтер сметал дека религијата е претежно општествена појава. Всушност тој сметал дека религијата доколку е умерена би можела да делува заедно со цивилните закони за да го поддржи моралното однесување во општеството.

Другото екстремно сфаќање, атеизмот, којшто сепак не постигнал ист успех како деизмот во Франција, ја критикувал традицијата на католичката вера и ги ставал во прв план науката и улогата на јавните институции. Може

да се потврди дека претставниците на Просветителството не гледале целосна противречност помеѓу науката и модерниот дух од една страна и христијанската вера од друга страна. Сепак католицизмот бил отфрлен од некои претставници како што е Русо бидејќи-неговата двојна и ривалска врска на зависност од црквата и од државата го уништувала општественото единство. Русо како и Дејвид Хјум, сметал дека е погрешен деистичкиот став дека религијата треба да се заснова врз разумот и ја претпочитал идејата дека религијата потекнува од чувствата и страдањата на човековата душа.

Во текот на XVIII век дошло до длабока промена во религиозното чувство и размислувањата во однос на улогата на религијата во политиката се доближувале, иако внимателно, кон сѐ поголемата секуларизација. Секако дека религиозната поделба којашто следела по Реформацијата, со текот на годините овозможила да се создаде неутрална држава од религиозен аспект, но постоеле и други елементи коишто придонеле да се постигне ваков резултат[30]. Може да се каже дека постапниот процес којшто довел до создавање на секуларна држава не се должел на одредени разммислувања или на неуспехот на некои религии.

Благодарение на Реформата, била отстранета културолошката бариера којашто го попречувала патот кон економската модернизација. Модернизацијата овозможила да се подели работата, а со тоа идејата за егалитаризам станала дел од колективната свест. Индустријализацијата и економскиот развој создале еден вид индивидуализам којшто е во потрага по економска и општествена еднаквост и поголема професионална мобилност. Според Стив Брус:

„Разновидноста ја создаде секуларната држава. Модернизацијата со себе ја зголеми културната разновидност на три начина.Народите се преселиле и го довеле својот јазик и религија во нов амбиент.Второ, експанзивната нација-држава опфаќа нови народи. Трето, особено вообичаено во протестантските средини, економската модернизација

[30] Некои од пресудните фактори што доведоа до секуларизација на модерната држава беа индустријализацијата, последователниот економски развој и технолошкиот напредок.

создаде класи што создадоа конкурентни секти.Оттука и парадоксот: во исто време кога нацијата-држава се обидуваше да создаде обединета национална култура од илјадници мали заедници, и со тоа зголемување на верската разновидност. Решението беше неутрална држава.“ (Bruce, 2010).

Брус заклучува дека последица од таа разноликост било раздвојувањето помеѓу државата и Црквата кое впрочем било потврдено од волјата на просветлените апсолутни монархии духовната власт да се потчини на привремената власт[31].

Оваа волја била заедничка за голем дел од политичките филозофи од поствестфалскиот период и била поттикната од протестантската Реформација ( особено преку теоријата за двете царства којашто ја создал Лутер и според која требало да се прави разлика помеѓу духовното царство и царството на луѓето). Ако од една страна Протестанството го предизвикало расцепот во христијанскиот свет, од друга страна поттикнало размислувања кои го покажале-излезот од таа криза и политичките категории со кои треба да се изгради новиот меѓународен поредок.

### 3.3.2. Американската демократија: од првите колонии до Револуцијата

Американската револуција била поддржана од поголемиот дел цркви присутни на нејзината територија. Всушност различните вери биле обединети во желбата за слобода којашто прераснала во независност откако татковината станала политички независна. Во северноамериканските колонии постоеле многу различни вери, од кои поголемиот дел воделе потекло од протестанството:

„Татковиците на американската револуција главно припаѓале на „протестантското секташтво“ кое имало двојна вкоренетост: вкоренетост во библиската традиција и вкоренетост во една понеодредена форма на

[31] Владетелите од седумнаесеттиот и осумнаесеттиот век всушност iura circa sacra, права со кои го ограничуваат мешањето на папството во државната политика. Во оваа ера, раширена е идејата дека науката и разумот ќе ја заменат религијата во нејзината улога во општеството и дека ќе ги дадат оние одговори што верата не може да ги даде. На пример, научните и технолошките достигнувања ја ставаат религијата во позадина во однос на решавањето на проблемите на кои популарната култура честопати им се припишуваа на несреќи, божествени казни, суеверија и демони.

рационална религија (поврзана на индиректен начин со англискиот деизам и проткаена со духот на просветителството).“(De Tocqueville, 2002).

Револуцијата во 13те колонии била поттикната особено од несовладливата желба за ослободување од англиската власт којашто иако била симбол на потчинетоста од која колониите сакале да се спасат, сепак им дала посебна карактеристика со која ќе се одликуваат во иднина: ист јазик, заеднички законски систем, современ поглед на светот. Но онаа што го овозможило создавањето на „новото“ општество различно од било какво европско општество коешто постоело во тој период, бил фактот што англиските колонии на извесен начин биле независни од матичната земја. Англиската влада им давала слобода да формираат политичко општество и да владеат самостојно во сѐ што не е спротивно на нејзините закони(De Tocqueville, 2002). Поради тоа, американското општество дало погодна почва да се засади семето на народниот суверенитет, на еднаквоста и конечно, на демократијата.

Освен тоа во XVIII и понатаму во XIX век се развило жестоко движење за религиозна преродба која допринела верниците од сите вери мирно да се обединат и да ги продолжат заедничките идеали кои во иднина ќе станат столб на американскиот народ.

Татковците на американската нација, таканаречените Татковци-Основачи биле убедени христијани во поинаква смисла во однос на пуританците. Биле застапници на просветителството, претежно деисти, но свесни за фактот дека населението во Соединетите Американски Држави било составено од христијански верници коишто припаѓале на различни вери и во повеќето случаи пристигнале во Америка, како од економски причини, така и од притисокотда го почитуваат принципот еден владетел, една држава, една религија. Татковците на нацијата верувале во поединецот и сметале дека секој треба да си го најде сопствениот пат и среќа во зависност од неговите предиспозиции. Поединецот требало сам да си ја бара сопствената среќа, а државата во краен случај само требала да ги отстрани пречките коишто го отежнуваат постигнувањето на таа цел.

Така е создаван и Уставот на Соединетите Американски Држави кој не требал да се меша во изборот на слободата на вероисповед.

Неизбежно било политичките идеи на првите доселеници да се развијат од европските институции и идеи, но биле прочистени од елементите коишто биле спротивни на принципите за еднаквост, слобода и демократија.Уставот од 1789 година бил напишан од ‘’еминентни претставници на културата и уште поголеми патриоти’’ (De Tocqueville, 2002) кои сакале да ја доживеат слободата од којашто биле лишени во Европа.

Новата нација, плод на поствестфалскиот систем, имала сосема нови карактеристики во однос на сите други нации. Ставот кон другите земји зависел од принципот на немешање којшто од историска гледна точка одиграл клучна улога насочувајќи ја надворешната политика на Соединентите Американски Држави кон неутралност, несакајќи да бидат вмешани во војните кои го погодиле стариот континент. Но парадоксално, новата нација била убедена дека треба да ја оствари очигледната судбина што служело како оправдување за северноамериканскиот експанзионизам: да се прошири слободата и демократијата кај сите народи.

### 2.3.2.1. Граѓанската религија во Соединетите Држави

Поимот за граѓанска религија не е нов во политиката. Жан-Жак Русо е првиот филозоф кој целосно го разработил овој поим, признавајќи ја-како што пред него направил и Макјавели-важноста на религијата во одржувањето на рамнотежа помеѓу политиката и граѓанското општество. Но ова не требало да го занемари планот за секуларна држава. Во осмото поглавје од IV книга од *Општествениот договор* (1762), насловено „За Граѓанската Религија“ Русо тврди: ‘’...секако дека е важно за државата секој граѓанин да припаѓа на некоја вера којашто ќе го натера да ги сака своите должности, но догмите на оваа вера не ја засегаат државата ниту нејзините членови, освен во случај кога тие догми се однесуваат на моралот и должностите што оној кој ја проповеда е должен да ги исполни во однос на другите.’’ (Rousseau, 1762)

Како што веќе кажавме, создавањето на северноамериканската нација било поттикнато од просветителската мисла. Татковците-основачи иако не ја поддржувале отворено идејата за граѓанска религија, сигурно биле инспирирани од неа како дел од културната клима од која се хранеле нивните идеали. Тие идеали оставиле длабока трага во американската идентитетска култура, како што потврдува Белах: " Зборовите и делата на татковците- основачи, особено првите претседатели, ја обликувале формата и тонот на граѓанската религијата како што се одржувала уште од времето."(Bellah, 1967)

Интересот на американската влада за случувањата во Ирска, може делумно да се објасни со оваа неодложна морална должност којашто се поврзува со интересот кој произлегува од крвната врска помеѓу ирската дијаспора и татковината.

### *3.3.2.2.* Ирските Американци

Како земја која примила доселеници по потекло од целиот свет, Соединетите Американски Држави се дом на значителен број заедници. Секоја од нив иако продолжила да одржува силна врска со родната земја, развила и силно чувство на припадност кон северноамериканската нација. Формираниот *melting pot* е втората компонента на американскиот идентитет. Во оваа поглавје посебно внимание ќе обрнеме на ирската дијаспора.

Како прво Соединетите Американски Држави и Северна Ирска се обединети од освојувањата од страна на британската империја во минатото којашто откако го уништила автоктоното население, се стационирала на територијата донесувајќи ги сопствениот народ, сопствената култура, а на поразличен начин и сопствената вера. Причините коишто го предизвикале првиот голем миграциски бран кон Соединетите Држави (првата половина на XVIII век) биле четири.

Пред сѐ, слично како и голем број други населенија коишто мигрирале во Америка, првите Ирци пристигнале на американското тло во потрага по слобода на вероисповед. Кога во 1691 година Вилијам III

Орански го поразил Џејмс II воспоставил протестантска власт и со тоа започнал првиот миграциски бран во XVIII век, составен претежно од жители на Северна Ирска коишто не биле подготвени да се потчинат на владеењето на протестантското малцинство(Dolan, 2008). Кривичните закони всушност предизвикале поделба во општеството: од една страна богатите земјопоседници и имотната средна класа, од друга страна населението од „серија Б“ кое поради дискриминаторските закони се наоѓало на работ на сиромаштијата. Оваа поделба неизбежно се совпаѓала со поделбата која се правела врз основа на друг критериум, верата. Имено, бидејќи кривичните закони ги казнувале оние кои не го прифатиле англиканството, сиромашното население било поистоветувано со католиците (и во помала мера со презбитеријанците), додека богатото било составено од протестанти-англиканци.

Како второ, на дискриминациите кои се должеле на кривичните закони, се придодале и економските потешкотии предизвикани од слабите жетви во дваесетите години од XVIII век и падот на индустријата на лен во 1729 година. Уште од почетокот на XVIII век двете земји биле обединети од трговските врски, преку испраќање на ленено семе од американските брегови наменето за снабдување на индустријата на лен во Ирска.

Освен тоа, клучна улога имало и делото на презбитеријанските мисионери коишто благодарение на нивните чести интерконтинентални патувања успеале да воспостават религиозни врски и да ја прошират во Ирска сликата за Соединетите Држави како земја во која е гарантирана слободата на веросиповед.

Всушност, самите американски колонии ја поддржувале миграцијата со цел да се насели пространото ненаселено земјиште'[32]. Збирот од овие фактори, претежно религиозни или економски, го определил првиот голем егзодус на Ирците кон новиот континент. Првите Ирци кои пристигнале на американскиот континент,  а кои во најголем биле протестанти, го сочувале контактот со старата татковината.

[32] Со оглед на високо евроцентричниот менталитет во тоа време, имало тенденција да не се сметаат домородните Американци за легитимни сопственици на земјиштео во кое живееле. Нивното несоодветно ниво на цивилизација и примитивните религиозни верувања(кои понекогаш вклучувале практики на канибализам) честопати се користеле како оправдувања за да се легитимираат освојувањето и истребувањето.

Кога следните мигрантски бранови им се придружиле на првите „пионерите“, можеле да ја искористат веќе постоечката транснационална мрежа за да се вклучат во заедницата. Од овие мигранти мал дел биле католици бидејќи провинцијализмот којшто им бил својствен и јазичната пречка (поголемиот дел зборувале само келтски) придонесувале тие да останат во сопствената земја или пак да избираат европски дестинации. Згора на тоа, племенскиот карактер на нативните Ирци ги поттикнувал да бараат слични услови како во средината што ја напуштиле со што останувале цврсто приврзани за заедницата. Вековите поминати под јаремот на законите наметнати од странскиот окупатор, придонеле да се зацврсти лојална врска со семејниот круг.

По долготрајната криза во Ирска со жетвите и покачувањето на цените за наем на земјиштата, најсиромашното население одлучило да се побуни. Во 1760годинатаканаречените „Нивелери“ (Levellers**)** кренале бунт токму против превисоките цени за наем коишто ги барале земјопоседниците. Незадоволството и растечката невработеност во северните региони каде што индустријата на лен бележела силна криза, предизвикале втор миграциски бран во седумдесетите години.

Ирците коишто пристигнале во Америка по овие два миграциски текови, главно се населиле во колониите на Мериленд, Њујорк, Пенсилванија и во помала мера во Нова Англија[33]. Некои припадници на ирската заедница во Америка успеале да се збогатат, да добијат престижни позиции и да учествуваат во политичкиот живот во државата. Пример за тоа е Чарлс Карол ирски католик од Мериленд којшто им ја дал својата поддршка на федералистите во борбата за независност од Велика Британија, го поддржал Уставот, станал сенатор и бил еден од потписниците на Декларацијата за независност во 1776 година (Dolan, 2008).

Членовите на една дијаспора се склони да негуваат заеднички чувства и на единство кои што ги врзуваат за татковината. Етничкиот

[33] Пенсилванија, основана во 1681 година од Вилијам Пен, се покажала како толерантна. Покрај тоа, колонијата веќе била поврзана со регионот на Улстер преку трговски односи.

идентитет на дијаспората се состои од комбинација насоцио-културните елементи коишто го сочинуваат минатото на еден поединец, вклучувајќи ја и верата. Ирско-американската заедница покажувала постојана солидарност кон татковината и загриженост за нејзиниот опстанок и благосостојба. Секако тоа било овозможено благодарение на либерална клима во Соединетите Американски Држави која им дозволила на имигрантите да го задржат и отворено да го манифестираат сопствениот идентитет, создавајќи го така амриканскиот „melting pot“којшто постои и ден денес.

### 3.3.3. Влијанието на ирската дијаспора

Со оглед на врската која се создала помеѓу двете нации, не изненадува фактот што американската револуција од 1776 година имала силен одек во Ирска. Како што тврди Де Бермонт: „Америка ја научи Ирска дека покорен  народ може да стане слободен и ја научи Англија дека е опасно да одбие слобода на оние што можат да ја освојат“. (De Beaumont, 2006)

Една од последиците што Револуцијата ги предизвикала во Ирска било донесувањето на Законите за намалување на казните во 1778година и понатаму во 1782 година, со кои се намалиле некои одредби донесени со Казнените закони. (De Beaumont, 2006)

Влијанието на американските настани било неспорно: престојните закони за еманципација во голема мера се должеле на бунтот на американските колонии и на зајакнувањето на патриотскиот дух кај ирските протестанти. Одекот на Американската револуција и на Француската револуција од 1789 година година го разбудиле патриотскиот дух и во Ирска: под тоа влијание ирските протестанти познати под името „волонтери“се повеќе ги прифаќале либералните идеи. Овие настани го поттикнале ирскиот парламент да прогласи независност од англискиот парламент на 19 јули 1782 година.

По ова, во 1791 година дошло до обединување помеѓу патриотите протестанти, радикалните презбитеријанци и католиците кога во Белфаст заедно го основале Друштвото на Обединетите Ирци, чијашто првична цел

била да се направи уставна реформа во Ирска. По извесен период, истото станало револуционерно движење кое се стремело кон стекнување на националната независност.

Но ирскиот национализам кој бил во зачеток бил подложен на внатрешните поделби.Поделбата била позабележлива во северните региони каде, во согласност со „менталитетот на опсада“ којшто бил карактеристика на протестантската заедница, презбитеријанците од Улстер биле решителни да ги одбранат сопствените интереси со употреба на сила, предизвикувајќи бројни насилства. Во 1795 година протестантите го формитале Лојалното Портокалово Здружение, кое што подоцна го добил името Портокаловиот Ред,чиишто припадници се заколнале на верност и поддршка кон британската круна сѐ додека тие ја гарантираат солидарноста кон протестантската заедница.

Со цел да ја стекнат независноста, „Обединетите Ирци“, водени од Волф Тон безуспешно барале соработка од Франција. Во 1798 година избил бунт организиран од движењето кој сепак бил крваво задушен од страна на британските сили. По бунтот Англија одлучила да го укине ирскиот парламент и, и покрај противењето на населението, а британската влада во 1800 година го прогласила обединувањето со Ирска. Актот за обединување довел до создавањето на Обединетото Кралство на Велика Британија и Ирска, што го раздразнило духот на Ирците кои длабоко ја посакувале независност.

Откако го озаконила Обединувањето, британската влада дала сѐ од себе да го обесхрабри феноменот на миграција во Ирска. Помеѓу причините коишто го одредиле ваквиот став бил стравот дека и миграцијата на протестантите ќе остави празнина во ирското општество кое ризикувало да се наполни со католици (влошувајќи ја на тој начин демографската структура на населението). И покрај тоа, за да се спасат од затвор или од смрт, стотици следбеници на движењето, поголемиот дел биле презбитеријанци но и католици (28%), мигрирале во Соединетите

Американски Држави носејќи со себе и личнаповрзаност со политичките настани во Ирска[34]. (Dolan, 2008)

Освен вредностите како потрага за правда, еднаквост и слобода, ирците го донеле во Америка нивниот националистички дух проткаен со силното „чувство на идентитет"(Dolan, 2008). И покрај тоа што ирскиот идентитет бил хетероген како резултат на различните етничко-религиозни корени, во Соединетите Американски Држави поради новите случувања, разликите помеѓу различните заедници преминале во втор план. Всушност секташтвото во дијаспората не било толку застапено како во татковината.

Кога Актот за обединување ги срушил надежите за политичка независност, во ирскиот национализам (во татковината и во дијаспората) цврсто се вкоренила омразата кон Англија. Она што ги поврзувало различните ирски идентитети во Америка бил токму бесот кон британското владеење.[35]

Како што веќе споменавме, првите ирски доселеници биле претежно презбитеријанци. Но почнувајќи од дваесетите години на XIX век,ирската католичка заедница која припаѓала на сиромашните слоеви во општеството, ја надминала емиграцијата на побогатите протестанти. Покрај ова, и политичкиот активизам во кој бил вклучен добар дел од католичката заедница во Ирска го одредил бегството на многумина кон Америка каде што ќе можеле да придонесат за каузата а без да го ризикуваат животот.

Вклученоста на католиците во каузата за независност се должела на кампањата за граѓанските права која го добила името Католичка Еманципација, предводена од адвокатот Даниел О'Конел. Движењето тежнеело да постигне укинување на преостанатата дискриминација којашто потекнувала од Казнените Закони. За таа цел во 1823 година со помош на

[34] Ирските иселеници дале важен придонес во американската политика во време на изградбата на демократска република. Победата на Демократската - републиканците Томас Џеферсон, дозволено укинување на ''Alien and Sedition Acts'' (акт донесен во 1798 година од страна на федералисти, која има за цел да се ограничи влез и престој на странците во американска почва) поттикнување на доаѓањето на новите имигранти во САД, како и зајакнување на односите меѓу ирски и американската демократска партија.

[35] Обединетите Ирци (United Irishmen) го засадија семето на национализам во Америка во почетокот на деветнаесетти век. И протестантските и католичките емигранти споделија заложба да ја следат ирската независност што ги надминува верските и политичките разлики.

О‘Конел била основана Католичка Асоцијација, организација којашто станала вистинско политичко движење. Барајќи помош од ирските свештеници, О‘ Конел успеал да ги вклучи католиците во политичката кампања и преку паричен придонес.

Иако Елиот смета дека станува збор за благо претерување, овој фактор повеќе од сè друго, го одредил создавањето на национална католичка заедница. (Elliott, 2001)

Движењето за католичка еманципација одекнало и во Соединетите Американската Држави, а информациите брзо се прошириле меѓу американските ирци.Благодарение на поддршката од двете заедници во април 1829 година О‘Конел (ослободителот) бил избран во англискиот парламент и конечно ја обезбедил посакуваната еманципација за католиците. Сега кога оваа битка била извојувана, новата мисија на ирското лидерство била да влијае на укинување на Актот за Обединување.

Ослободителот, како што го паметат, од Ирска направил земја способна да се надева на подобра иднина и да се бори за сопствената независност. Благодарение на привилегиите кои успеала да ги стекне и на интензивната внатрешна реформација, Црквата во Ирска станала посилна(Elliott, 2002). Заложбите на клерот да ги засили основите на католицизмот се должеле и на фактот што на почетокот на векот и во текот на триесетите години, голем број евангелистички заедници во Ирска почнале интензивно да се преобраќаат. Поради тоа дошло не само до влошување на односите помеѓу католиците и протестантите туку и до активирање на Католичката црква која одлучила да ги преземе потребните мерки за да го одбрани ирскиот католицизам.

Доколку на почетокот Црквата ја дала својата поддршка за Обединувањето со Обединетото Кралство благодарение на дејноста на О‘Конел којшто директно ги вклучил членовите на клерот во кампањата за еманципација, во четириесетите години католичките бискупи преминале на страната на опозицијата[36], правејќи католичката вера да стане јадрото на

[36]Црквата, како и ирските националисти, се плашеле дека миграцијата на католиците ќе предизвика Ирска да биде депопулирана, со што ќе се ослабне движењето за независност. Иако првично ја обесхрабрувале миграцијата, тие на крајот ги искористиле позитивните аспекти: националистите биле во можност да ги искористат предностите на сумите пари што сонародниците во Америка им ги

ирската нација. Овој националистички дух и демократските идеали коишто ги застапувал O‘Connell ги следеле ирските католици во Соединетите Држави.

Вториот голем миграциски бран кон Соединетите Американски Држави се должи на Гоемиот глад од 1845 година. Немаштијата не ја погодила на ист начин цела Ирска. Областите каде најмногу била распространета се наоѓале на југот и на западот од островот. Состојбата во северните региони била поинаква од многу аспекти. Како прво на север имало поголема концентрација на протестанти, поголемиот дел биле презбитеријанци. Освен тоа, почнувајќи од XVIII век, на север се развила плодна индустриска активност којашто упорно продолжила да опстојува.Населението на север многу брзо сфатило дека благосостојбата што потекнува од индустријата, во голема мера се должела на Обединувањето со Велика Британија и на ползата којашто можеле да ја извлечат од Индустриската револуција. Освен што го поддржувале Обединувањето (бидејќи им одговарало и од економска и од политичка гледна точка) стопанствениците протестанти коишто се занимавале со земјоделство и индустрија на северот претпочитале да бидат опкружени со протестантска работна сила. Сепак, делумно како последица од немаштијата, бројот на католиците на север почнал да се зголемува, и иако останале малцинство во вкупното население нивната положба се подобрила.

Токму заради Големиот глад голем број католици се упатиле кон индустријализираните области на север со надеж дека ќе најдат работа, предизвикувајќи од половината на XIX век повторување на епизодите на секташко насилство во Улстер.

Со оглед на отежнатите услови за живот, околу два милиони луѓе одлучиле да емигрираат[37]: за време на гладот, од 1846 година до 1851 година, повеќе отколку што емигрирале во претходните дваесет и пет

испраќале за да ги финансираат активностите на движењето; Црквата започнала да ја смета миграцијата како средство со кое да може да се продолжи ширењето на католицизмот во светот.

[37] Меѓу најбараните дестинации беа Австралија, Канада, Латинска Америка и Велика Британија, но најголем проток на емигранти е регистриран во Соединетите држави (еден и пол милион).

години. За единаесет години, од 1845 година до 1855 година, повеќе луѓе ја напуштиле Ирска (2,1 милиони) отколку во претходните 250 години. (Dolan, 2008)

Ирците кои во четириесетите и педесетите години пристигнале во Соединетите Американски Држави со Ковчешки бродови[38]биле претежно сирмашни католички селани, коишто немале ниту школување ниту одреден занает. Оваа маса неквалификувани работници одговарала на потребите од работна сила само во оние американски градови кои биле во екот на индустрискиот развој и на урбанизацијата (Hickman, 2002).

По овој миграциски бран во Соединетите Американски Држави започнале епизодите на дискриминација за кои спомнавме и претходно, а кои се должеле на фактот што американската нација претежно била составена од протестанти и антикатолици. Освен религиозниот фактор, помеѓу северноамериканците се раширил и стереотипот за Ирците како простаци и насилници, којшто бил потврден од нивната вмешаност во насилните немири[39] во втората половина на XIX век. По растечкиот прилив на католици на континентот, склоноста кон секташтвото се зголемила и во рамките на ирската заедница во Америка: Ирците презбитеријанци претпочитале да бидат нарекувани Шкотски Ирци за да се оградат од Ирците**,** термин кој ги опишувал католиците и имал погрдно значење бидејќи во колективната свест се поврзувал со стереотипот за Ирецот католик виден како сиромав, прост и насилен. И покрај тоа Ирците успеале да најдат простор во американското општество благодарение на демократските и либералните принципи кои владееле во него.

Потребата да се потпре на ирската заедница којашто се населила во Америка во претходните децении, придонела да се создаде посебна врска помеѓу Ирците во Америка којашто ја надминувала обичната припадност на групата и ја правела дијаспората пообединета отколку самата нацијата во Ирска. Од друга страна пак широко е покажана нивната лојалност кон

[38] Многу мали и екстремно преполни бродови, кои го направиле преминувањето вистинска борба за опстанок.
[39] Draft Riot (Предлог немирот) од 1863 година, во спротивност со законот со кој се дозволува да се избегне воена служба во замена за голема сума пари (што Ирците не можеле да си ги дозволат)

новата татковина- тие станувaат американци со ирско потекло. Заедничко на сите останала омразата кон Велика Британија[40].

[40] Велика Британија долго време била обвинета за геноцид од повеќето ирски католици за не навремено интервенирање за да му помогне на населението.

# 4. Северно-ирскиот конфликт („Нередите“)

## 4.1. Потеклото на Ирското Прашање

### 4.1.1. Правилата за Управувањеи Независноста

Членот на Младите Ирци, Џејмс Стивенс, којшто побегнал од притвор во 1848 година, дознал за постоењето на едно тајно револуционерно италијанско друштво наречено Карбонари (O'Beirne, 1999). Инспириран од оваа друштво, одлучил да создаде слично такво во Ирска со цел да се постигне националната независност: на 17 март 1858 година во Даблин го основал Ирското Републиканско Братство (ИРБ). Истата година во Њујорк го основал Фенианското Братсво кое соработувало со ирската „сестра“ во организирањето на нов бунт во 1867 година, кој сепак бил безуспешен.

Понатаму во шеесетите годиниИсак Бут, развил предлог за Правила на Управување или Самоуправашто се состоело во доделување автономија на ирскиот парламент за внатрешните работи, оставајќи ги на Вестминстерводењето на надворешните работи, трговијата и вооружените сили(O'Beirne, 1999). Во 1877 година водач на движењето станал протестантотЧарлс Стјуарт Парнел, син на една Американка чиишто антибритански идеи имале влијание врз неговиот светоглед.

Парнел соработувал со ИРБи со американските колеги, а добил поддршка и од фенијанецот Мајкл Дејвид основач на Ирската Национална Земјишна Лига, политичко движење коешто го поддржало во кампањата за реформи поврзани со земјиштето. Работата на движењето се базирала врз принципот според кој земјата во Ирска припаѓа на луѓето од Ирска и оној што ја обработува има поголемо право да ја поседува од оној кој од нејзе зема само профит.

Организацијата започнала вистинска „Војна за Земја“поттикнувајќи го штрајкот на закупците и вршејќи насилни дејствија врз земјопоседниците со цел да добие признавање на тројството- фер закуп, фиксен закуп и слободна продажба.На крајот англискиот премиер Гладстон ги прифатил барањата на организацијата и вовел институција надлежена за одредување еднакви закупнини. Битката на Парнел продолжила сè додека во 1886

година и премиерот одлучил да ја поддржи програмата за Самоуправување воведувајќи го првиот Ирски Правилник за Управување[41].

Партијата можела да се пофали со поддршката од Католичката црква која во Самоуправувањето гледала можност за добивање значајни придобивки особено во областа на воспитувањето[42]. Во овие години на политички превирања, Католичката црква продолжила да дава свој придонес во својство на извор на легитимитет и мировен водач на националистичките групи. Освен тоа, Црквата се надевала дека со активно учество во политичкиот живот ќе ги оствари и сопствените интереси.

Програмата за Самоуправување наишла на жестока спротивставеност од страна на протестантите во Улстер а особено од страна на Портокалвиот ред коишто се плашеле дека парламентот бил под силно влијание на Католичката црква.

Смртта на Парнел во 1891 година и внатрешните судири во партијата довеле до создавање на унионистичка опозиција којашто откако се одделила од либералната партија, во 1886 започнала кампања за зајакнување на единството со Англија. Реформата не била спроведена ниту во 1893 година,вога по повлекувањето на Гладстон во 1894 година, Домот на лордовите се изјаснил против и се чинело дека нема повеќе надеж за Самоуправување.

Во 1905 година, група националисти ја формирале партијата Шин Фејн[43]. Грифит, којшто бил сметан за лидер и основач на партијата, замислувал една независна Ирска која сепак ќе ја задржела верноста кон англиската круна. Во 1912 година, либералната партија по третпат го предложила правилникот за Самоуправувањекојшто конечно бил одобрен и станал закон во 1914 година со согласност на кралот Џорџ V (1910-1927).

Унионистите од север не задоцниле со реакцијата: Едвард Карсон, северноирски унионист изјавил дека денот кога Самоуправувањето ќе стапи

[41] Причините што го натерале Гледстон да го смени своето мислење биле поголемиот број претставници во ирската партија и зголемувањето на бројот на ирските гласачи по реформскиот акт од 1884 година, кој исто така им овозможил на бројните католици пристап до политиката.
[42] Учеството на Католичката црква во ирската политика им дала легитимност на политичарите и овозможила вклучување на населението преку печатот и јавните говори на епископите за поддршка на националистичките движења за време на политичките состаноци.
[43] Шин Фејн е галски израз што значи и ние самите (we ourselves).

на сила, ќе се состави Привремена Влада за Улстер; освен тоа во јануари 1913година била формирана еден вид вооружена војска Волонтерски Сили од Улстер (УВФ). Унионистите се плашеле дека Самоуправувањето ќе ја минира економијата на север и ќе ја загрози општествената структура во Улстер. (O'Beirne, 1999)

Како одговор во 1913 година националистите ја основале Ирските Волонтерикоишто имале за цел да ја одбранат слободата и заедничките права на сите Ирци. Но неколку недели пред кралот да стави потпис на конечното одобрување на законот, Велика Британија на 4 август 1914 година ѝ објавила војна на Германија. (O'Beirne, 1999)

И покрај јасниот став на ирските водачи во целиот овој период, било видливо дека во националистичкото движење бил вклучен многу мал дел од населението. Се добива впечаток дека ирците немале јасна позиција ниту во корист на Самоуправувањето ниту во полза на обединувањето, можеби затоа што новата ера од дваесеттиот век донесе со себе прагматизам со кои старите идеализми изгледаат непотребни. Според таквиот прагматизам, одделувањето од Велика Британија не било поволно ни во економска ни во политичка смисла. Поради тоа многумина се приклучиле во британската војска и земале учество во новата војна.

Набргу по избивањето на Првата светска војна, националистичките екстремисти помислиле дека треба да ја искористат тешката ситуација во која се наоѓала Британската владата. Состојбата се развила до таму што Ирските Волонтери ја контактираат германската влада и да договорат во Ирска да пристигне товар на оружје на ден 23 април 1916 година, неделата на Велигден.Разговорите биле пресретнати од британската влада и откако ги открила намерите на бунтовниците, го запрела бродот и се подготвила да ја спречи акцијата на Волонтерите. И покрај тоа што Еоин МекНил, шефот на организацијата, официјално ја откажал операцијата, по овие настани Патрик Пирс (водач на организацијата) сепак одлучил да дејствува веќе следниот ден, понеделник по Велигден.

Пирс и Џејмс Конолизаедно со други поединци ја окупирале Поштата во Даблин, додека други групи окупирале други стратешки објекти во градот. Во една изјава,Пирс го навестил прогласувањето на привремената

влада на Независната Република Ирска. Опсадата кој траела пет дена, била предводена од група наречена „Ирска Републиканска Армија“ (ИРА), име под кое Коноли сакал да ги обедини Волонтерите и Граѓанската армија. Набргу пристигнале британските трупи и наредниот четврток почнале да ги бомбардираат објектите сè до 29 април, кога лидерот на ИРА, Пирс се предал. (O‘Beirne, 1999)

Бунтот не наишол на одобрување од страна на населението кое напротив ја доживеало како олеснување британската интервенција која имала за цел повторно да воспостави ред. Лидерите на бунтот биле осудени на смрт од страна на британските власти и бил наметнат воен закон. Згора на тоа, 1.867 лица биле уапсени и префрлени во англиските затвори. Со првите егзекуции јавното мислење се сменило и вообичаените антибритански чувства повторно се засилиле додека „маченицитe“ од бунтот биле славени како херои. (O‘Beirne, 1999)

Англискиот премиер Хербет Хенри Асквит плашејќи се дека Соединетите Американски Држави поттикнати од јавното мислење ќе се откажат од неутралноста, влијаел за да Самоуправата се примени пред завршувањето на Првата светска војна. На север сè повеќе растела спротивставеноста, сè додека во 1916 година англискиот премиер Лојд Џорџ не одлучил да започне одделни преговори со Унионистите и со Ирската партија за да ги убеди да го прифатат Самоуправувањето, исклучувајќи ги привремено од декретот шестте покраини на североисток.Џон Радмонд, лидер на Ирската партија го одбил договорот и предложил нова серија преговори. Популарноста на пратијата на Шин Фејн,од 1916 година, почнала да се зголемува. Аспирациите на пратијата независноста на Ирска да се стекне преку нови бунтови, придонеле за пропаѓање на преговорите.

Во 1919 година Шин Фејн основал уставотворно собрание Дел Еирен (Dáil Éireann)[44], ирскиот парламент, и продолжил да најавува нова Декларација за независност и да ја реафирмира републиката од 1916 година со сопствена влада за чиј водач бил назначен Де Валера. Шин

[44]Dáil Éireann- на ирски значи „Парламент на Ирска“

Фејнпобедил на изборите во 1918 година[45] со ветување дека ќе ја претстави ирската кауза на Париската мировна конференција на која се ставил крај на Првата светска војна. Бидејќи наишле на недоволен интерес од страна на победничките сили, револуционерите на чело со Колинс започнале нови бунтови.

И ирската заедница во САД извршила притисок врз претседателот Вудро Вилсон за да се заложи за ирската кауза за време на преговорите за мир. Сепак претседателот, сомневајќи се во двојната верност на дијаспората, одлучил да не го третира прашањето поврзано со самоопределувањето на ирскиот народ. СпоредПрестон, идеализмот на Вилсон главно е производ на неговите религиозни гледишта. (Preston, 2006) Неговата презбитеријанска определба веројатно била одлучувачка во одредувањето на неговиот став во поглед на барањата на ирските националисти.

Де Валера, олицетворението на национализмот, се упатил во Соединетите Американски Држави во 1919 година со цел да собере парични средства и да ги активира политичарите да ја поддржат ирската кауза. Првите емигранти (XVIII век) и втората генерација покажале солидарност кон планот за обединета Ирска, независна од британската влада. Ирците коишто пристигнале во Америка во годините на гладот но и во периодот по него, имале визија којашто зависела од етничко-религиозната група на која припаѓале.

За време на отсуството на Де Валера, ИРА којашто се заколнала дека ќе ја брани Ирската република и Парламентот, започнала низа герилски операции против британските сили. Владата на Лојд Џорџ одлучила да ја засили Кралската Ирска Полицијаи во 1920 година испратила група поранешни офицери и британски војници**.**

Со цел да се стави крај на судирите, двете страни одлучиле да отворат дијалог. Британската влада одобрила нов — Акт на Владата на Ирска којшто го заменил оној што бил донесен во 1914година и со кој се

[45]Успехот на Шин Феин, исто така, го достигна парламентот, од тоа да има шест претставници во 1916 година (против дваесет и шестте синдикалисти) до освојување на 70% од гласовите во 1918 година. Меѓу нив, Ејмон де Валера, Артур Грифит и Мајкл Колинс, лидер на "IRB. Сепак, избраните кандидати на Шин Фејн одбија да седат во парламентот во Вестминстер.

предвидувало поделба на Ирска врз основа на границите што ги одредил Лојд Џорџ во 1916 година и две Самоуправи (една во Даблин и една во Белфаст за шестте покраини на север) со можност да дојде повторно до обединување на Ирска кога унионистите ќе бидат подготвени да го сторат тоа. Шин Фејн го одбил договорот и дејствијата на ИРА продолжиле.

Лојд Џорџ одлучува да го покани Де Валера во Лондон, во својство на лидер на националистите за да постигнат договор. Де Валера одлучил да остане во Даблин за да го контролира републиканскот во Лондон да испрати делегација предводена одМајкл Колинс и Артур Грифит. По долго преговарање бил постигнат договор врз основа на кој на новата Слободна Ирска Држава ѝ бил загарантиран статусот на владеење, со обврска да положи заклетва на круната; освен тоа Договорот ѝ овозможувал на британската влада да контролира некои ирски пристаништа и ја обврзувал Ирска да го подели јавниот долг со Обединетото Кралство. И покрај спротивставувањата на Де Валера којшто се повлекол од својата функција и го оставил Грифит да го води движењето, на 7 јануари 1922година, Договорот бил одобрен од двете страни.(Fleming, 1979)

Не сите биле наклонети кон прифаќањето на Договорот. Особено националистите од  ИРА биле одлучни да се спротивстават на поделбата на Ирска поради што гордо се бореле. Во јуни 1922 година избила граѓанска војна во која се судриле силите кои го поддржувале договорот предводени од Колинс и оние кои биле против на чело со Де Валера.И Грифит и Колинс ги загубиле животите во август 1922 година, а во периодот помеѓу 1919 година и 1921 година британска влада извршила бројни егзекуции.

И покрај тоа на 6 декември 1922 година Договорот стапил на сила и следниот ден, владата на Северна Ирска ја избрала опцијата[46] да не се приклучи на Република Ирска и се изјаснила во корист на обединувањето со Велика Британија,  со што поделбата на островот станала официјална. И Црквата, во минатото „соучесник“ на националистите, сега се изјаснила во

[46] Членот 12 од Договорот, всушност, предвидувал дека доколку Северна Ирска решила да не учествува заедно со јужните окрузи во проектот на обединета Ирска, Комисијата (гранична комисија) би обезбедила да се проследат границите што ќе ги одделат двете области засновани на економски и географски размислувања.

корист на Договорот и поттикната од владата ги осудила републиканците кои не сакале да ги прифатат условите кои произлегувале од истиот.

### 4.1.2. Секташтво на Север

Северните покраини се разликувале од јужните и од економска гледна точка и во поглед на општествената структура. Благодарение на распространетата индустријализација, се создала трговска врска со Англија што одело во полза на обединувањето:

„Во северо-источен Улстер мнозинството биле протестанти. Тие ги поседувале поголемиот дел од индустриските и трговските гранки и вработувале претежно протестанти.Во 1911 година, протестантите сочинуваа 76% од населението во Белфаст и управуваа 92% од работата на градот во градежништвото и 88% од работните места во инженерската индустрија.“ (O’Beirne, 1999)

Кога се чинело дека кампањата за Самоуправување добива поголема поддршка, во Улстер се разгореле секташките чувства кои биле присутни во покраината кон крајот на претходниот век. Протестантите се плашеле да станат малцинство во обединета Ирска и да ги изгубат општествените, економските и политичките погодности кои им биле загарантирани со нивниот статус. За нив Самоуправувањето претставувало опасност од губење на привилегиите во корист на католичката заедница. Поддршката на Католичката Црква за планот за Самоуправа поттикнала многу протестанти да се плашат од ширењето на папската „тиранија“ во Ирска.

Кога во осумдесетите години на XIX век англиската Конзервативна партија предводена од Лорд Рандолф Черчил, припадник на Портокаловиот ред, се изјаснила во корист на обединувањето, унионистичкото движење во Улстер се активирало и бројот на членовите на Редот значително се зголемил. Здружението чиишто членови биле протестанти станало симбол на кампањата против Самоуправа, а тоа го искористиле политичарите за да го поттикнат протестантското население да ги брани сопствените интереси. Искорисувајки ја Черчил ја потхранил идејата за Северна Ирска поделена

на религиозна основа разделувајќи ја работничката класа на север за да го зачува империјализмот на Обединетото Кралство.

Откако Англо-Ирскиот договор од 1922 година стапил на сила, Слободната Ирска Држава добила самоуправувачка влада која продолжувала да биде дел од британскиот Комонвелт останувајќи всушност потчинета на круната. Ирските националисти не го прифатиле Договорот којшто меѓудругото ја делел земјата на два одвоени политички ентитети.

Ако во Ирска (Eire)[47] благодарение на Де Валера имало обид да се одделат државата и Црквата, во Северна Ирска католицизмот се обединил со ирскиот национализам. Црквата била директно вмешана во Националната Лига на Северот основана во 1928 година, којашто примала и членови кои припаѓале на клерот. Освен тоа, ја давала својата поддршка на политичарите националисти во текот на изборните кампањи со цел да ја задржи сопствената улога во јавното образование. Свесни за врската помеѓу Католичката Црква и владата на југ, протестантите во Северна Ирска се плашеле дека доколку дојде до обединување на Ирска ќе мораат да се потчинат на држава според клерикален модел. Поради тоа може да се каже дека поделбата на островот предизвикала влошување на состојбата со секташтвото во Улстер.

Создавањето на покраината Северна Ирска било пропратено со немири. Во обидот повторно да воспостави ред, владата во 1922 година ја формирала Кралската Полиција на Улстер (РУЦ) која претежно била составена од протестанти коишто ја гледале католичката заедница како закана за поделбата (католиците кои учествувале биле секогаш помалку од 20%). Всушност владата[48] којашто сè до 1972 година била предводена од Унионистичката партија на Ултер чиишто членови биле и членови на Портокаловиот ред, отворено била против ирскиот национализам. Ангажирањето на полициски и воени сили било сметано како средство со

[47] На 7 септември 1948 година Ирска била прогласена за република.
[48] Парламентот на Северна Ирска, со седиште во Стормонт од 1932 година, бил формиран во јуни 1921 година. Составен од Претставничкиот дом (52 члена) и Сенатот (26 члена), моќта била строго ограничена од Вестминстер. Британската влада ја задржа својата надлежност за прашања како војна и мир, меѓународни односи, одбрана, надворешна трговија, државјанство, валута, авторско право и др.

кое ќе се загарантира безбедноста во покраината и ќе се заштити протестантското малцинство. Освен тоа примената на Законот за посебни овластувања[49] почнувајќи од 1922 година, придонела да се влоши тензичната атмосфера помеѓу двете заедници.

Освен тоа Северна Ирска и покрај високото ниво на индустријализација, тргнувајќи од 1921 година се соочила со сериозни економски потешкотии кои биле потврдени од константната невработеност. Борбата со цел добивање работа го влошила проблемот со секташтвото во покраината. Целта на унионистите била секогаш да си обезбедат мнозинство и да ги држат националистите во ситуација да не можат да ги сменат нештата. Околу 1935 година ваквите услови довеле до повторно создавање на немири коишто веќе станале редовна појава и составен дел од животот во покраината Улстер.

### 4.1.3 Новиот став на Ирските Американци

На почетокот на XX век сликата за Ирците во Соединетите Американски Држави радикално се сменила. Делумно поради новите миграциски текови од југот и од истокот на Европа (Италијанци,Евреи, Словени) кои го зазеле местото на Ирците во најниските слоеви на општеството; делумно бидејќи втората генерација Ирци почнале да се интегрираат во општеството и да заземаат важни позиции. Поради општествените промени во повоениот период, сè повеќе американски Ирци постигнале општествен и економски успех. Како резултат на стекнатата благосостојба, национализмот и чувствата на солидарност кај овој голем дел од ирското општество во Америка, почнале да се намалуваат.

Следствено на тоа може да се каже дека почнувајќи од XX век, особено помеѓу 1920 и 1960година, се создавал еден нов ирски идентитет во Америка, којшто барал да му се признае правото да припаѓа на општеството на исто ниво како и на останатите. Овој „нов само-идентитет“ (Dolan, 2008)според Долан се состоел од три елементи: патриотизмот кон државата која ги прифатила (САД); верност кон татковината (и покрај

[49] Законот за специјални овластувања на граѓанските власти и овозможил на владата да преземе какви било активности што смета дека це соодветно за одржување на редот и мирот.

опаѓањето на националистичките чувства кои биле поттикнати од воспоставувањето на Слободната Ирска Држава); и најпосле религијата. Антикатолицизмот бил широко распространет во американското општество и дошол до израз во дваесетите години со епизодите на расно насилство, меѓу другото вршено и од страна на Кју Клукс Клан[50].

Во САД верноста на Ирците кон нацијата станала верност кон Демократската партија. Амбицијата да бидат прифатени ги поттикнала Ирците да влезат во американската „политичка машина*“(Dolan, 2008).*Таа претставувала токму модел на политичка организацијакојашто ја поддржувала но и често се вклучувала во законски формираната владата, искористувајќи го избирачкиот систем. Целта била да се обезбеди што е можно поголем број гласови нудејќи им услуги и помош на потенцијалните гласачи. Во таа смисла ирските имигранти претставувале плоден извор бидејќи можеле да дадат гласови во замена за помош за добивање државјанство или за да си обезбедат работа.

Ирците го искористиле овој систем за да се искачат на општествената скала што им овозможило да го потврдат својот статус на американски граѓани. Благодарение на ова се вклучиле во политичкиот систем и успеале да стигнат дури до Конгресот а најпосле и до Белата Куќа. Овој механизам бил од помош за време на претседателската кампања на Франклин Делано Рузвелт, избран во 1932 и 1940 година, кој си обезбедил победа за неговиот трет мандат благодарение на поддршката од Демократската партија и помошта од „машината“. На тој начин системот ја искористил можноста да навлезе во федералната структура каде успеал да вметне елементи од ирската заедница на национално ниво.

Со влегувањето на Соединетите Американски Држави во Втората светска војна, еден патриотски дух (американскиот) ги обземал сите општествени слоеви и етнички групи распространувајќи се и помеѓу Ирците:

---

[50] Ку Клукс Клан извршил големо политичко влијание благодарение на убедувањето на многу бели и протестантски Американци кои го сфаќале проширувањето на католичката, еврејската и црната заедница како закана за нивните традиции и вредности. Католицизмот особено се сметал за некомпатибилен со американската демократија заради амбивалентност при манифестирање лојалност кон државата и авторитетот на Рим.

‘’Тие станна поголеми Американци од Ирци, лојални патриоти кои се повикуваа на ирското потекло но имаа американски идентитет“(Kennedy, 1963). Всушност одлуката на Валера да ја прогласи неутралноста на Републиката и неговите противења на присуството на американските трупи во Северна Ирска, ги покренале критиките наИрските Американци. Ставот на  Премиерот ги доведувал во опасност атлантските воени стратегии на Соединетите Држави и на Обединетото Кралство.

Тешкотиите на кои наишолЏон Фицџералд Кенеди како демократски кандидат и католик со ирско потекло, за време на претседателската битка се слични на тешкотиите со кои морал да се соочи Алфред Смит. Она што му овозможило на младиот сенатор да победи, за разлика од Алфред Смит, била смелоста да зборува отворено со избирачите за проблемот со религијата.

„Јас верувам во Америка каде одвојувањето на црквата и државата е апсолутно кадешто ниеден католички свештеник нема да му каже на Претседателот (доколку е католик) како да се однесува, а ниту еден протестатски министер нема да им каже на своите вереници во парохиите за кого да гласаат. Јас верувам во Америка која официјално ниту е католичка, ниту протестанска, ниту еврејска, каде што ниедно религиозно тело не се обидува да ја наметне својата волја директно или индиректно врз популацијата или јавните акти на официјалните лица ... Јас верувам во Претседател чијшто религиозни гледишта се неговата приватна работа, а не наметнати од него врз нацијата или наметнати од нацијата врз него како услов за стекнување на таа функција.“ (Kennedy, 1960)

Секако дека религиозниот фактор бил одлучувачки на изборите според кои се забележува повисок процент на гласови во корист на Кенеди во оние области во кои имало поголема концентрација на католичко население. Победата на Кенеди во САД претставувала симбол на заоѓањето на протестантската хегемонија наспроти растечкиот религиозен плурализам во американското општество.Иако претседателот се обидувал што повеќе да го сокрие „факторот Р“ во неговата полтика, ‘’неговата

реторика не штедела да го спомне Бог и мисијата на САД којашто била посакувана од Бога.’’(Gentile, 2008)

Интересен е и ефектот што го имала победата на Кенеди врз ирската заедница од двете страни на океанот. Во Соединетите Држави значела надминување на предрасудите во однос на ирската дијаспора. Во Ирска, влегувањето на еден ирски католик во Белата Куќа, влевало доверба дека постои можност да се излезе од дискриминаторската состојба во која биле принудени да се наоѓаат многу католици на Север.

Посетата на Ирска од страна на претседателот Кенеди ја симболизирала историската етничка врска меѓу двете земји. Во текот на посетата не биле третирани теми од политичи интерес, што го докажува фактот дека интересот на дијаспората и на американската влада за случувањата во Ирска се намалил во последните години. Но избувнувањето на „Нередите“во 1968 година ги разгорело страстите на ирската заедница во САД којашто повторно одиграла значајна улога во случувањата во Ирска.

## 4.2. Ирското Прашање

Економската војна што ја започнал Де Валера со одлуката да останат неутрални во текот на Втората светска војна и особено со напуштањето на доминантната позиција и прогласувањето на Ирската Република поддржано од Акт на Владата на Ирскаво 1949 година, довеле до истакнување на разликите помеѓу јужните покраини и Северна Ирска. Всушност, за разлика одИрска, Улстер соработувал со сојузниците преку изградба на бродови и нудејќи им на САД почетна поддршка за дејствијата во Европа. Згора на тоа, како дел од Обединетото Кралство можел да извлече полза од социјалната политка што ја водела британската влада и од реформата во образованието со која им било овозможено и на помалку богатите ученици (значи пред сè католици) да добијат повисоко секуларно образование (сè до овој момент образованието продолжувало да биде водено од религиозните институти и од Католичката Црква).

Како што рековме, во 1960 година, изборот на Кенеди за претседател на САД бил потврда за ирските католици дека и тие можат да дојдат до високи позиции ширејќи оптимизам меѓу нив и охрабрувајќи ги да

се борат за подобри услови за живот. Овие фактори заедно со „Допринесот на Папата Јован XXIII,гестовите на новата влада на Вилсон во Лондон и промената на политичкото мислење во Даблин, придонесоа за растечката католичка самодоверба“. (Elliott, 2002)

Резултатите од значајните реформи во областа на образованието и од промените во глобалното општество, биле видливи во шеесетите години кога и во Ирска како и во остатокот од западниот свет, учениците почнале да се организираат и да манифестираат. Во овие околоности започнале движењата за граѓанските права коишто ја воделе битката против дискриминацијата, невработеноста и нееднаквата распределба на живеалишта којашто кулминирала со „Нередите“.

Како и во минатото, за време на конфликтот од една страна застанале ирските националисти и републиканците, претежно католици, кои сонувале за обединета Ирска, и од друга страна унионистите и лојалистите, претежно протестанти, кои претпочитале да останат дел од Обединетото Кралство. Но за разлика од поранешните битки, она што го одредило избивањето на Нередите била желбата на дел од населението да ги подобри сопствените услови за живот во рамките на едно историски поделено општество во кое дискриминацијата била сметана за основно средство за одржување на статус кво. Како што тврди Бекет, „Нервозата за Граѓанските права - со кои започна кризата, не беше барање за обединување со Република ...во прашање не беше континуитетна постоење на Северна Ирска, туку начинот на кој требаше да се управува …’’ (Beckett, 1971).

Првите чекори кон промена на политиката ги направил О’Нил, премиер од 1963година, којшто се обидел да ги подобри односите помеѓу националистите и унионистите и помеѓу Северот и Југот преку низа симболични чинови и со поцентристички пристап обидувајќи се да го смири либералниот дух од кој биле обземени новите генерации. Сепак неговата политика им дала лажна надеж на католиците и предизвикала негодување кај најрадикалните унионисти а неговите обиди за помирување биле залудни бидејќи почнувајќи од 1964 година низа бунтови избиле во градовите на Север. Во 1966 година по повод 50 годишнината од Велигденското востание и од Битката на Сома, зголемените тензии помеѓу

двете заедници го поттикнале О'Нил да ја укине (УВФ). Во февруари 1967 година група националисти католици и републикански лидери ја основале Северно- Ирската Асоцијација за Граѓански Права (НИКРА),организација инспирирана од движењето за граѓанските права на црнците и од настаните поврзани со Прашката пролет. Освен тоа на 9 октомври 1968 година некои студенти од Универзитетот во Квин во Белфаст меѓу кои и една студентка по социологија Девлин ја основале Народната Демократија, порадикален огранок на НИКРА[51] којашто се стремела да создаде социјалистичка република во Ирска.

Судирите започнале по насилствата за време на мирната демонстрација на НИКРАво Дери во октомври 1968 година. Во јануари следната година за време на еден мирен марш од Белфаст до Дери, толпа унионисти протестанти ги нападнала демонстрантите додека полициските сили се воздржале од интервенција покажувајќи јасно дека се на страната на лојалистите. По неколку дена, на 12 август по повод традиционалната парада на т.н. Момчиња чираци во Дери, група екстремисти од редовите на унионистите кои биле присутни помеѓу манифестантите, почнале да фрлаат монети кон толпата католици од Богсајд којашто се наоѓала под градските ѕидини каде што се одржувала манифестацијата. Во следните три дена, во соработка соРУЦ  и со т.н. Б Мажи(B' Specials), унионистите насилно упаднале во католичко-националистичкиот кварт во Богсајд. Ескалацијата на немирите предизвикала насилна реакција од страна на жителите на Богсајд (12-14 август 1969, познатата Битката на Богсајд) коишто најпосле успеале да ја оддалечат полицијата и да подигнат барикади за да го одбранат квартот од извикот „Слободен Дери"!

Во знак на солидарност со жителите на Богсајт и како протест против полициските дејствија, на 13 август во Белфаст биле организирани маршеви кои почнувале од Фалс Роуд (католички кварт во Белфаст). РУЦ ја

[51] Денес е универзално признаено дека НИКРА, исто така, пронашла инспирација од движењето за граѓански права на Афроамериканците и од филозофијата на нејзиниот лидер, др. Мартин Лутер Кинг. Понатаму, судирите што ја потресоа Северна Ирска во 1968-69 година, честопати се споредуваа, според американскиот печат, со проблемите на расната дискриминација со која се борат против црнците во Америка.

овластилаВ‘ Specials да ги нападне националистичките квартови каде се случиле првите престрелки. Таа ноќ толпа протестанти ги запалила куќите на католиците долж улиците кои ги поврзуваат Фалс и Шанкил Роуд (протестантски кварт во Белфаст). По овие настани дошло до распуштање на В‘ Specials и до разоружување на полициските сили сè до 1971 година. Застрашувачки настани како оној од 13 август зачестиле во годините по 1969 година, принудувајќи од 30.000 до 60.000 жители на Белфаст да ги напуштат своите домови. (Elliott, 2002)

Британската влада која од 1922 година престанала да се интересира за внатрешните работи на Северна Ирска, се погрижила да испрати вооружени трупи за да ги задуши немирите. Пристигнувањето на британската војска во 1969 година првично било поздравено од страна на населението, посебно од католиците. Но во следните месеци репресијата којашто ја спроведувале властите искористувајќи го закон за специјални овластувања, од битката за граѓански права направила вистински конфликт помеѓу унионисти/лојалисти/протестанти и националисти/републиканци/католици.

Во 1971 година година започнале апсењата без легален судски налог и интернациите[52] што довело до заострување на граѓанските протести. Некои зони во Белфаст и Дери останале изолирани, заштитени со барикади додека во останатите делови на градовите траела вистинска воена состојба.

Британската војска почнала да се доживува како сојузник на непријателот и многу католици националисти се увериле дека заштита може да се очекува единствено од ИРА која уште од триесетите години била посветена на одбраната на католичката заедница особено за време на парадите. Интервенцијата на Привремената ИРАможело да доведе до масакр на католиците од страна на протестантите, но завршила со концентрирање на вниманието врз религиозниот елемент како одлучувачки фактор во судирите и во поделбите.

[52] Во периодот од 1970 и 1975 година, 2.518 луѓе биле интернирани. Кога се раширила веста дека затворениците биле малтретирани, избувнал нов бран на насилство и востанија.

На 30 јануари 1972 година дошло до нов пресврт. За време на мирни демонстрации во Дери во знак на протест против политиката на интернации која ја водела британската влада, Првиот Баталјон на падобранскиот полк на британската армија отворил оган врз невооружаните демонстранти убивајќи 14 и ранувајќи 10. По овој настан запаметен под името Крвавата Недела, британската влада одлучила да се повика на членот 75 од Закон на ВладатанаИрска од 1920 година воведувајќи директна влада од Вестминстер откако го укинала парламентот во Стормонт. (O'Beirne, 1999)

Дополнителна последица од Крвавата Недела било тоа што меѓу католиците националисти се раширило чувството на разочараност и недоверба во демократијата (што одразило преку масовно регрутирање во редовите на ИРА) како и негодувањето на протестантите унионисти кои сметале дека мерките на британската влада претставувале мешање и недостаток на почит кон способностите на северноирската влада. Освен тоа лојалистите портестанти-меѓу кои било вкоренето мислењето дека се подобри од католиците-во поглед на отстапките на владата во однос на националистите и „пропаѓањето“ на традиционалните симболи на моќта на унионистите, одлучиле да не преземаат ништо. (Elliott, 2002)

Секташките судири во годините по Крвавата Недела зачестиле, а особено интензивни биле во околината на Белфаст. Кампањата на Привремената ИРА станала порешителна и понасилна додека унионистите се реогранизирале во паравоени групи како Волонтерските Сили од Улстер, Асоцијацијата за Одбрана на Улстер, Борци за Слобода на Улстер, (УВФ, УДА и УФФ). Привремената ИРА започнале низа бомбардирања првин во ирската покраина а потоа и на англиската територија повредувајќи голем број цивили и привлекувајќи ги критиките на јавното мислење.

Новиот државен секретар на Северна Ирска Вилијам Витлав во обидот да ги запре насилните дејствија на ИРА, испратил војска во запранетите зони успевајќи да ги ослободи ги и го заменил со повеќе антитерористички закони. Но веќе станало јасно дека Нередите можеле да се решат единствено со вклучувањето на Северна Ирска-односно признавајќи го нејзиниот легитимитет-и со прифаќање на политика за споделување на моќ од страна на лојалистите и националистите.

Првите знаци на оваа нова реалност биле видливи во декември 1973 година, кога во Сунигдел се одржала средба помеѓу британската влада, ирската влада и извршната власт на Северна Ирскасоставена од трите партии од Улстер. Желбата на Ирска, членка на Европската Унија веќе од 1972 година, да создаде клима на соработка со бритнската влада (и желбата да биде сметана за еднаква на европската сцена), ја поттикнале Републиката да се согласи Северна Ирска да остане во рамките на Обединетото Кралство, сè додека мнозинството од избирачкото тело не се изјасни поинаку (O‘Beirne, 1999). Освен тоа бил воведен *Советот на Ирска*и било одлучено да се зголеми соработката помеѓу Северот и Југот во борбата против тероризмот (Hume, 1996). Исто така било одлучено да се формира влада со која се предвидува споделување на власта почнувајќи од 1 јануари 1974 година

Но договорот од Сунигдел не бил применуван бидејќи претставниците на радикалниот национализам во Република Ирска се спротивставиле на договорот тврдејќи дека прифаќањето на таков договор би значело поништување на декларацијата за суверенитет на целата територија на Ирска којашто се состоела во Уставот. И унионистите од Север не прифатиле да се придржуваат кон одредбите од Sunningdale плашејќи се дека ирската влада би можела да има преголемо влијание врз случувањата во Улстер. Тогаш лојалистичката коалиција Работнички Совет на Улстер организирала штрајк што довело до отстранување на извршната власт.

Во јуни 1974 се случил пресврт кога Социал-демократска Лабуристичка Партија[53] освоила 22% од гласовите и со тоа си обезбедила 11 места. За првпат во Северна Ирска една националистичка партија имала можност,иако ограничена, да ја дели власта со унионистите. Сепак бидејќи унионистите продолжувале да ја избегнуваат примената на начелото „споделување на власта“а пак националистите притискале за негово спроведување, не бил постигнат компромис и во 1976Мерлин Рис, државен

[53] Партијата е основана во 1970 година од Остин Кури, министер на националистичката партија (Nationalist Party) во Соморн; Гери Фит, министер на Републиканската трудова партија (Republican Labour Party) за Белфаст во Вестминстер; Он Хјум, активист на НИКРА и Патрик Девлин, политичар во Белфаст, поранешен претседател на трудовата партија на Северна Ирска(Northern Irish Labour Party).

секретар (1974-1976), објавил дека ќе продолжи со работа владата управувана од Лондон. Неговиот наследник Рој Мејсон (1976-1979), ја спроведувал истата политика тврдејќи дека direct rule овозможило да се намалат терористичките напади и значително да се зголемат апсењата. (O'Beirne, 1999)

Кога во 1979година Маргарет Тачер била избрана за Премиерка, новата влада, екстремно конзервативна, на почетокот се обидела да ја претвори директната влада во една нова децентрализирана влада во Северна Ирска, но безуспешно. Наредната година, по притисоците од страна на Америка, британската влада почнала да го напушта она што Хјум го дефинира како „повеќегодишниот британски поглед на проблемот како „нивна расправија“ - а не наш“( Hume, 1996) и ги направила првите чекори кон поголема соработка преку организирање на Уставна Конвенција[54]. И покрај тоа што оваа иницијатива не дала значителни резултати за постигнување на мир, сепак претставувала важен чекор кон уставно политичко решение.

## 4.3 Улогата на дијаспората во Ирското Прашањето

Како што беше спомнато и претходно, врските помеѓу САД и Ирска ослабнале во периодот по Втората светска војна па сè до средината на шеесетите години. Сепак избувнувањето на Нередитепридонело Ирските Американци повторно да се вклучат во настаните во Ирска. Случувањата во татковината на дијапората во периодот од средината на шеесетите години до крајот на деведесетите години предизвикале несогласувања во американското оптштество. Едните ја засилиле поддршката за милитантниот републиканизам којшто често поттикнувал насилнички акти; другите пак ја поддржувале поумерената уставна националистичка кауза. Вмешаноста на САД во Нередите главно било изразено во три форми. (Dumbrell, 1995)

[54] За време на конвенцијата, организирана во 1989 година од страна на државниот секретар Хемфри Аткинс, Тачер и Чарлс Хаугени, се согласиле за поголема соработка на темата безбедност и други прашања, како и за продолжување на идните состаноци меѓу двајцата лидери. Затоа, состанокот претставува пресвртна точка во споредба со традиционалниот анти-британски став на Република Ирска.

Како прво ширењето на вестите поврзани со случувањата во Ирска преку средствата за јавно информирање предизвикало вознемиреност кај американската јавност и загриженост кај Ирските Американци за судбината на земјата. Националистичките лидери гледале позитивно на објавувањето во САД на извештаи поврзани со конфликтот. Всушност тие не само што сметале на економска поддршка од сонародниците од другата страна на океанот, туку и се надевале дека со прикажувањето на случувањата унионистичката влада ќе дозволи реформи за да не ги привлече критиките на јавното мислење.

Сепак медиумите се покажале како меч со две острици бидејќи ако од една страна можеле да се искористат за ширење на антибританска пропаганда и добивање поддршка за ирската кауза, од друга страна можеле да имаат негативно влијание врз замислата на националистите и можеле да го променат јавното мислење. Ова бил исходот од бомбашките напади извршени од страна на Привремената ИРА во 1972 во Улстер-и од 1973 до 1974 на англиско тло. Голем број невини цивили биле погодени од разорните експлозии кои ги испланирале револуционерите, а тоа предизвикало осуда од страна на американскиот печат кој упатил тешки обвинувања кон националистичките милитанти.

Како второ, поддршката на Ирските Американци придонела за создавање на бројни здруженија и групи кои се појавиле почнувајќи од 1968 за да ја поддржат кампањата на НИКРА. Најзначајни во поглед на учеството и политичкиот ангажман биле Комитет за Правда во Северна Ирска, Американски Конгрес за Ирска Слобода и Национална Асоцијација за Ирска Правда.Но целите на овие здруженија честопати се разликувале од целите на НИКРА што довело до создавање тензии помеѓу различните движења. Оваа нервоза станала очигледна за време на американската пропаганда на Делвин којашто се судрила со поконзервативните Ирските Американци кои ги гледале Нередите како борба за обединета Ирска, слична на борбите во минатото.

Во 1969 година Мајкл Фленери повратник од Ирската војна за независност ја основал Комитет за помош на Северна Ирска, составена

претежно од ирски републиканци чијашто јасна цел била да соберат средства за да им помогнат на семејствата на борците на Привремената ИРА коишто биле уапсени за време на Нередите**.** Всушност познато е дека голем дел од собраните пари биле наменети за снабдување на Привременат ИРА со оружје. Движењето значително се развило откако биле обелоденети фактите поврзани со интернациите. (Dumbrell, 1995)

Како трето, исклучително важна улога во одредувањето на последиците во текот на Нередите имал политичкиот пристисок од страна на дијаспората, организациите и некои американски политичари. Приказните во раните седумдесети поврзани со тортурите на кои биле изложени затворениците, освен што предизвикале гнев кај ирската дијаспора, придонеле и за засилување на лобирањата кај владата на Никсон за да преземе нешто во поглед на Прашањето, која сепак претпочитала да го задржи неутралниот став. Впрочем отпорот на американската влада да се изјасни во однос на Нередите е разбирлив ако се земе во предвид меѓународниот контекст во поширока смисла. Во годините на Студената војна, нормално било САД да се обидуваат да не ги расипат односите со западните сојузници, а особено со Обединетото Кралство.

На 28 септември 1975 годинаАмерикански комитет за правда на Улстер и Северно Ирскиот Комитет за Помош, организирале средба на која учествувале сите триесет здруженија на Irish Americans од Њујорк. По средбата било одлучено  Ирскиот Национален Каукус  да добие заштитничка улога со цел политичко лобирање. Целта била да се врши пристисок врз американската влада претставувајќи ја националистичката перспектива пред Конгресот и пред медиумите, со намера да се убедат политичките соработници да се приклучат кон каузата за човековите права во Улстер. (Wilson,1991)

Особено значајно било делото на сенаторот Едвард Кенеди којшто, веќе прилично ангажиран околу темата за граѓанските права, на 20 октомври 1971 година доставил резолуција до Конгресот во која се барало суспензија на парламентот во Стормонт освен привремената наредба на владата управувана од Лондон и постапното повлекување на британските

групи. Резолуцијата ги кренала тензиите во односите помеѓу Ирска, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави, но била земена во предвид од страна на Вестминстер која, како што видовме, ја усвоила во 1972 година за да ја запре ескалацијата на насилствата по Крвавата Недела. И професорот Адријан Гулке тврдел дека одлуката да се наметне директна влада не зависела само од зголемувањето на насилствата во покраината туку и од спротивставеноста на американската јавност и тежината на критиките упатени од сенаторот Кенеди. Згора на тоа, со неговата интервенција сенаторот добил поддршка од некои ирски милитантни групи, но благодарение на претходникот на Хјум-со кој стапил во контакт во 1974 година за време на патувањето на северноирскиот политичар во САД- Кенеди заземал став кој бил поблизок до националистите уставотворци оддалечувајќи се од иредентистичките групи.

Џими Картер за разлика од Никсон повеќе се заинтересирал за Ирското Прашање. Баптист според верска определба, бил особено наклонет кон пацифизмот, ненасилтвото и заштитата на човековите права. За време на претседателската кампања во 1976 година, не успеал да го сокрие обидот да ги добие гласовите на католичката заедница, покажувајќи го своето учество и интересот за активностите на Ирскиот Национале Каукус, иако подоцна изјавил дека не ги одобрува насилничките дејствија на ирските републиканци. (Wilson,1991)

Благодарение на посредувањето на Џон Хјум и на соработката на американските ‘’Четворицата Јавачи’’[55]сенаторот Кенеди, претседателот на Парламентот Томас Онил, сенаторот Даниел Мојнихан и гувернеротХју Кери–кои воделе напорни преговори со британската влада и со северноамериканскиот Стејт департмент, бил совладан традиционалниот отпор на американската влада да се меша во ирскиот случај. Претседателот Картер, во една изјава од август 1977 година навестил дека Соединетите Држави ќе ги охрабрат приватните инвестиции во Северна Ирска доколку се најде мирно решение за конфликтот.

Соработката помеѓу ирската влада и’Четворицата Јавачи, со поддршката од Џон Хјум, придонела да се изврши притисок врз британската

[55]Four Horsemen исто така ги осудиле актите на насилство промовирани и извршени од НОРАИД и ИРА во јавна декларација на Денот на Свети Патрик во 1977 година.

влада со цел да избере политичко решение за Ирското Прашање. На почетокот новата конзервативната влада на Маргарет Тачер не потклекнала пред заканите на Соединетите Држави коишто најавиле можни економски санкции за Обединетото Кралство во случај да не преземат иницијатива за политичко решавање на Нередите. Во летото 1979, северноамериканскиот Стејт департмент, под притисок од Марио Бјаџи и Онил, ја укинал дозволата за продажбата на оружје на РУЦ, предизвикувајќи реакција од страна на Вестмистер којашто прифатила да соработува со американската влада за да го поддржи дијалогот во Северна Ирска[56]. Всушност Вилсон тврди дека „прекинот на продажбата на оружје дојде како длабок шок и ја донесе домашната моќ на лобито на ирскоамериканците“. Токму оваа освествување на британската влада го поттикнало да интервенира. (Wilson,1991)

## 4.4. Штрајкот со глад и политичките последици

Почнувајќи од 1972 година[57] републиканските затвореници, коишто отсекогаш се бореле да им се признае статусот на воени затвореници, започнале за протестираат против затворските чувари и британската влада. Поради непопустливоста на Вестмистер да им даде такво признание, лидерите на Привремената ИРА а потоа и затворениците започнале штрајк со глад којшто траел сè додека државата не се согласила да ги прифати нивните барања. По почетната незаинтересираност, државниот секретар Витлав отворил дијалог од кој произлегле некои отстапки. Сепак во 1976 година владата одлучила да го укине статусот на специјална категорија што им бил доделен и повторно ги воспоставила условите што постоеле пред договорот. Ваквата одлука била донесена поради фактот што затворениците го искористувале новиот режим за да се организираат и да дејствуваат и од притвор.

По оваа нова реформа во затворите, на затворениците кои биле апсени веќе не им се признавал никаков посебен статус и морале да носат

[56] Овој зголемен напор од страна на британската влада е прикажан на Уставната конвенција во 1980 година

[57] Првите протести се случиле на затворот (Crumlin Road Jail) во Белфаст, кога републиканските затвореници одбиле да извршат принудна работа и побарале да бидат третирани како политички затвореници.

исти униформи како сите останати затвореници. Во знак на протест паравојниците коишто биле спроведувани во Х- Блокови[58]одбивале да ја носат облеката што им била доделена, започнувајќи еден вид бунт што го добил името „протест на постелината “[59]. Згора на тоа членовите на ИРА вршеле уште повеќе насилства поттикнувајќи загриженост кај владата, но побудувајќи слаб интерес кај јавноста.

Во 1978 година затворениците одлучиле да ги засилат протестите одбивајќи да ги испразнат ноќните садови, да се измијат и да се избричат (таканаречениот „валкан протест“). Дури откакоТомас О Фијек, католички надбискуп од Армаг, дал загрижувачка изјава- со која ги осудувал властите за недостојниот третман на кој ги изложувале затворениците-меѓународното внимание повторно се свртело кон републиканската кауза.

Републиканските милитантни групи во Ирска и во САД започнале нова пропагандна кампања за да му ги прикажат на светот случувањата од Х- Блокови и дури организирале тура со поранешните затвореници коишто учествувале во протестите. Со цел да предизвикаат поголемо внимание кај меѓународната заедница, а особено со намера да ја поттикнат британската влада да интервенира, на 27 октомври 1980 година седум затвореници започнале нов штрајк со глад. По неколку седмици, откако била достигната најкритичната точка од штрајкот, владата успеала да ги убеди затворениците да се откажат ветувајќи им некои отстапки доколку го прекинат гладувањето.

Бидејќи не успеале да постигнат важни резултати, започнале нови штрајкови со глад од март 1981 кога затвореникот Боби Сендс (лидер на Привремена ИРА) прв ја одбил храната. Но за разлика од претходните протести, секој затвореник започнувал да гладува петнаесет дена подоцна од тој што почнал пред него, со цел да имаат доволно време да ги водат преговорите со владата и да ги држат властите под постојан притисок. Шин Фејнн (кој ги поттикнал паравојниците да го започнат штрајкот), одлучил да го предложи Боби Сендс како кандидат што ќе го замени министеротФренк Магваер кој ненадејно починал. Со низа политички трикови Сендс бил

[58] Х-блок е името со кое го нарекувале затворот Мазе, кој се наоѓал југо-западно од Белфаст во близина на Лисбурн.
[59] Името потекнува од фактот дека затворениците останануvале целосно голи и им било дадено само ќебе за да се покријат.

избран, претворајќи го протестот на еден политички затвореник во протест на пратеник и член на владата.

Настанот го привлекол вниманието на медиумите од целиот свет чиешто огромно присуство дотогаш не било забележано во Северна Ирска и силно одекнал во меѓународната јавност особено по смртта на Сендс на 5 мај 1981 година. Ако на почетокот американскиот печат бил против иницијативите на затворениците, по првите смртни случаи започнал жестоко да ја критикува британската влада поради нефлексибилноста на Тачер. ( Wilson, 1991).

Штрајкот со гладне само што ги поттикнале заложбите на републиканските милитантни групи од другата страна на океанот чиишто активности и собирање на парични средства неочекувано се зголемиле, туку успеале и да го активираат американскиот политички апарат. Во март 1981 година голема група составена од членови на Конгресот, сенатори и гувернери ја основале Пријателите на Ирска со цел да го поддржат уставниот национализам и да ја запрат поддршката на Ирските Американци за посериозни иредентистички ставови. Со заострувањето на штрајкот со глад критиките кон владата на Тачер се зголемиле а и покрај обидите на Пријателите на Ирска да предизвикаат политичка реакција[60], непопустливоста на британската премиерка предизвикала да се засили милитантниот национализам помеѓу Ирските Американци.

Ваквата појава ги алармирала британската и ирската влада. Во обидот да ги запре трговијата со оружје и испраќањето на финасиски средства наменети за ИРА, Обединетото Кралство ја поттикнало владата на Соединетите Држави да ги засили контролите и акциите за справување со групите на Ирските Американцикоишто ги поддржувале дејствијата на милитантите. Се зголемиле апсењата и барањата за екстрадиција додека пак се намалиле одобренијата за влезни визи за оние субјекти кои ги поддржувале насилствата во Северна Ирска. Штрајковите со глад и дополнителното засилување на републиканските активисти како политичка последица, придонеле да се засили позицијата на Шин Фејн во Ирска.

[60] Friends of Ireland (Пријателите на Ирска) се обиделе да го вклучат новиот претседател Реган во дипломатска иницијатива за да ја поттикне непопустливоста на Тачер. Сепак, претседателот одлучил да не интервенира за да не ризикува да се нарушат добрите односи со британскиот сојузник.

Всушност партијата заземала порадикални ставови и ги поддржувала насилните дејствија на паравојниците.

Патот кон политичко решение на конфликтите повторно бил стопиран поради заостривањето на англо-ирските односи по повод Фолкландската војна (1982). Вознемирените Пријатели на Ирска учествувале во основањето на Ирско Американска Парламентарна Група,организација со седиште во Ирска којашто требала да послужи како директна врска во координирањето на политичките дејствија помеѓу двете земји.

Новиот премиер на Ирска, Гарет ФицГералд, во договор со Хјум, во 1983 година го организиралФорумот за Нова Ирска бидејќи бил загрижен поради засилувањето на Шин Фејн. Иницијативата добила цврста поддршка од САД, а особено од Пријателите на Ирска кои продолжиле да вршат притисоци за дијалог помеѓу Лондон и Даблин. По долги разговори, на Форумот било заклучено дека постојат три можни решенија за ставање крај на Нередите: обединета Ирска која сепак ќе требало да ги заштити правата на унионистите; федерално-конфедерален систем кој предвидувал национална влада која требала да заседава во две собранија, едно за Северот и едно за Југот; заедничка влада на Ирска и Обединетото Кралство во Северна Ирска. Но Тачер ги одбила предлозите од Форумот влошувајќи ги повторно англо-ирските односи.

Повторно Џон Хјум и Пријателите на Ирска лобирале и го убедиле претседателот Реган да посредува кај Тачер за да покаже поголема отвореност за дијалог. За првпат владата на Реган официјално се вклучила во северноирскиот конфликт. По притисоците од САД, британската премиерка покренала нова иницијатива која подразбирала официјално учество на ирската влада и владата на Северна Ирска (но исклучувајќи ја од преговорите партијата на Шин Фејн). По неколкумесечен дијалог, на 15 ноември 1985 година  бил постигнат Англо- Ирскиот Договор. Од договорот произлегле две значајни промени во поглед на Ирското Прашање. Како прво, Вестминстер за првпат ја признала формалната улога на Република Ирска во Улстер; исто така владата во Даблин официјално го прифатила правото на унионистичката заедница да остане како дел од Обединетото Кралство.

Иако САД го оцениле договорот како важен дострел за остварување на мирот-до таа мера да го поттикне претседателот Реган да донесе план за економска помош од 50 милиони долари со цел да им помогне на двата дела од Ирска во процесот на економско-општествениот развој реакцијата на унионистите повторно била непријателска. Лути поради тоа што не биле вклучени во преговорите, отстапките од страна на Обединетото Кралство ги сметале за предавство. (Guelke, 1996)

Според Хјум, причината што унионистите тврдоглаво одбивале да соработуваат со Републиката на југ, лежи во нивниот традиционален страв дека ќе ја изгубат моќта којашто потекнува од нивниот статус на неприкосновено мнозинство. Според северноирскиот политичар, ова би го објаснило „... нивното тврдоглаво одбивање да ја споделат власта со малцинството во Северна Ирска, од кого се плашат како тројански коњ - реалното мнозинство во Ирска, католиците“. (Hume, 1996)

## 5. Неколку дилемити околу влијанието на Брегзит врз Северна Ирска

Во најновата анкета на LucidTalk, објавена во текот на февруари 2020, околу 82,4% од испитаниците од Северна Ирска одговориле со „да“ на прашањето: „Дали верувате декаБрегзит ја засилува дебатата околу иднината на Северна Ирска?“

Оваа анкета исто така покажува мислење што е тесно поделено за иднината на Северна Ирска, со 46,8% за останување во ВеликаБританија и 45,4% за обединета Ирска. Истражувањето исто така покажува дека заради Brexit,се поголем број од испитаниците се чувствуваат како ирци а помалку како британци.

Спротивно на тоа, истражувањето спроведено од истражувачи од универзитетот во Ливерпул во истиот период, засновано врз над 2.000 интервјуа, покажа дека 52% проценти се залагаат да останат во ВеликаБританија а 29% за обединета Ирска, без да биде вклучена бројката на неопреелени. Според истите извори, 35% се дефинираат себеси како Ирци, 34% Британци а 23% Северно Ирци. Затоа и поголемиот број сакаат да го минимизираат појавувањето на Brexit и да останат што поблиску до ЕУ. Сето ова ќе биде важно ако истражувањата бидат тригер за државниот секретар на Северна Ирска да распише референдум за обединување, како што предвидува со Договорот од Белфаст. Имајќи предвид дека и самите анките не сегогаш ја одразуваат прецизната слика на актуелната волја на граѓаните, сепак и на овој начин се покажува дека идејата за обедината Ирска се уште тлее, или уште попрецизно-таа никогаш не згасна. Повеќе од четири деценискиот заеднички живот во ЕУ, сигурно ги омекна политичките и религиозните но уште повеќе економските и социјалните разлики во Северна Ирска, и тоа двонасочно- како во односите со Лондон така и со ирската унификација во обединетата Европа.

Неуспехот на унионизмот да ја искористи оваа можност за ангажман, во комбинација со потежок Брегзит, може да ја забрза дебатата за ирското единство. Шин Фен во опозиција или на нови скорешни избори ако Брегзит

тргне на лошо, би можеле да дојдат до победа доколку ветат трансформирана и повеќе социјал- демократска верзија на единство.

И сега, на повидок ли е новиот епилог од Брегзит: ЕУ се справува со последиците од напуштањето на Велика Британија, но дали успеваат да обратат доволно внимание на една фрагилна придобивка од пет деценискoто непостоење на физичка/социјална граница помеѓу РепубликаИрска и Северна Ирска. Анкетите и анализити покажуваат дека тешко ќе се излезе од овој правно-економски лавиринт на досегашната царинската унија-слободна трговија- слободното движење на луѓе и стоки.

Еден век по основањето на Северна Ирска, унионизмот е деморализиран. Брегзит како да се повлече од нив, а англиските националисти што го туркаа истиот, не го скрија презирот кон повеќето субјекти на Велика Британија во овој последен дел од империјата, сега кога веќе не им треба. Од друга страна, Шин Фејн прават простор да го искористат Брегзит како начин да се „поплочи“ патот кон обединета Ирска. Повеќето националисти и растечкото малцинство унионисти можат да ја видат привлечноста од тоа, со оглед дека тоа би значело враќање во ЕУ.

Ќе потсетиме – ирската војна за независност против Велика Британија заврши во 1921 година, кога и островот Ирска е поделен на Север и Југ. Но, обединувањето секогаш остана аспирација за ирските националисти во Северна Ирска и политичките партии во Републиката - без досега никаков јасен пат за реализација. Сега, скоро еден век подоцна, обединувањето е повторно на дневен ред како реална можност а не само како долгорочна цел. Брегзит случајно се вмеша во оваа нивна историја и борба за обединување. Некогаш но и сега, со силна поддршка од црквата, овој пат со политички средства. Растејќи во начинот и методите на борбата, актуелната левичарската партија некогаш се сметаше за продолжена политичка рака на Ирската републиканска армија (ИРА), паравоена организација која имаше за цел да се стави крај на британското владеење во Северна Ирска.

Денес, Шин Феин има свои кандидати од обете страни на границата. Во Северна Ирска, партијата претставува голем дел од националистичката,

традиционално католичка заедница и е дел од владата во Белфаст, додека во Република Ирска Шин Феин во моментов е трета најголема партија во ирскиот парламент. Во оваа новонастаната состојба, постои едно равенство кај сите страни – никогаш повеќе да не се повторат крвавите немири од времето на Нередите**.**

Не е предмет на овој труд да ги следиме состојбите на ирскиот остров од политички и друг аспект пред и по Брегзит. Но, ќе си дозволиме да констатираме дека оваа состојба повторно отвори нови ирски психолошки аспекти и перспективина можноста за обединување. Повторното подигаше на граници и царини со други придружни проверки и контроли, покрај создавањетона практични и економски предизвици, ќе биде и политички незамисливо за многумина кои живеат таму.

И сега, по стабилниот и просперитетниот период во ЕУ, се чини дека Брегзитјавраќастаратаполаризацијапомеѓу „портокаловите“ (унионистите) и „зелените“ (националисти). Брегсит ја зголеми и католичката поддршка за ирското обединување: Додека само 28% би гласале за обединета Ирска доколку Велика Британија остане во ЕУ, високи 53% би го поддржале обединување доколку Велика Британијаја напушти царинската унија и единствениот пазар во еден тврд Брегзит.

Како современици на новите ирски збиднувања ја следиме и трансформацијата и улогата на црквата/религијата. Различните погледи во заедницата во Северна Ирска не рефлектираат религиозни тензии иако религиозниот идентитет на двете заедници се совпаѓа со нивниот национален идентитет: повеќето унионисти се протестанти, а повеќето националисти се католици - дури и ако оваа генерализација е предмет на некои квалификации.

Овие тензии се етно - национални - тие се однесуваат на две групи, секоја од нив има специфичен идентитет заснован на заедничко потекло, јазик, култура или религија и „со верувања кон две различни национални заедници, Велика Британија и Ирска“. Ова исто така значи дека во Северна Ирска, овие поделби вклучуваат надворешни актери, имено британската држава и Република Ирска, што делумно објаснува зошто Републиката

реагирала силно на опасноста од Брегсит во дебатата за референдумот за ЕУ.

# Заклучок

Кои се денес Ирците? Некогаш маргинализирани, политички и социјално обесправени, не прифаќајќи ја британската круна, со внатрешни поделби, пионери во населувањето на Америка, конзервативни католици на кои религијата им помогна или им одмогна, сеуште горди на своето потекло, некои би рекле и твдоглави до, еднакво успешни во ЕУ. Со вековна борба за една нација и дилемата дали една нација подразбира и една религија. Католичката црква долго го водеше овој бран на кој ирскиот национализам, во својата позитивна и негативна страна, на кој во многу поглавја на историјата светот гледаше со различни погледи. Но и светот не е истиот како пред неколку века.

ЕУ како можеби досега најуспешниот политичко економски модел, покажа дека дека може да ги обедини не само државите од современото европско тло, туку и деловите од ист народ-нација, некогаш поделен со вештачки определените политички граници.

Како и да е, општо е прифатено дека историјата ја пишуваат победниците. Но изненадувачки од неодамна, од неодамна одредени автори ја истражувале (ја препрочитувале) историјата на ирската католичка црква за време на северно- ирските проблеми, во некои од белешките на напишани од ирските свештеници и епископи кои биле повеќе беше комеморативни отколку аналитичкки. Во некои од овие белешки, можело да се види дека за време на нередите, овие свештеници и епископи често работеле зад сцената, постапувајќи или како „благонаклонети“ на британската круна или на републиканските паравоени сили, за да се донесе мирно решение. Како и да е, многу студии ги разгледувале пошироко во постапките на американската, ирската и англиската католичка црква, како и на Ватикан, за да се открие целосната слика на влијание на Црквата врз конфликтот. Вакви критички анализи за претходно запоставените архивски материјали на ирската и на англиската католичка црква, би можеле да ја променат и нашата перспектива за улогата на верска институција во современите судири. Затоа, улогата на Црквата во многу

општествени збиднувања низ историјата, и понатаму ќе остане предмет на нови научни анализи.

# Библиографија

Alexis De Tocqueville, Alexis (2002). Democracy in America. University of Chicago Press

Armstrong, Jennifer (2006). The American Story: 100 True Tales from American History. Alfed A. Knopf

Augsberger, David W. (1992) Conflict Mediation Across Cultures. Westminster/John Knox Press

Bell, J.B. (1993) Irish Troubles. Gill and Macmillan.

Bew, Paul (2008). The Making and Remaking of the Good Friday Agreement. The Liffey Press

Bowman, Cyril ( 2017). Christianity: The East/West Divide: The Great Schism. Independently published

Bradshaw, Brendan (2003) Christianity in Ireland: Revisiting the Story. Columbia Press

Brands, H (2019). Dreams of El Dorado: A History of the American West. Basic Books

Bruce, Steve (2009). Paisley: Religion and Politics in Northern Ireland. Oxford University Press

Bruce, Steve (2010). Secularisation and politics. Taylor & Francis Ltd

Calvino, Giovanni (1971). Institution of the Christian Religion. UTET

Campi, Emidio (2008). Birth and Developments of Protestantism (XVI-XVIII Centuries). Mulino

Carroll, H. W. (1987). The Building of Christendom: A History of Christendom. Christendom Press Books

Chadwick, Henry (2003). East and West: The Making of a Rift in the Church: From Apostolic Times until the Council of Florence. Oxford University Press

Chrysostom Frank. (1998). Orthodox-Catholic Relations: An Orthodox Reflection

Coakley, John (2002) Changing Shades of Orange and Green: Redefining the Union and Nation in Contemporary Ireland. University of Dublin Press.

Cohen, Robin (2010). Global Diasporas: An introduction. Routledge

Coogan, Tim Pat (1997) The Troubles: Ireland’s Ordeal 1966-1996 and the Search for

Cramer, P (2010). Baptism and Change in the Early Middle Ages. Cambridge: University press 1993;

Crowley, T (2007). Encoding Ireland: Dictionaries and Politics in Irish History. Eire-Ireland

Curry, Robert (2015). Common Sense Nation: Unlocking the Forgotten Power of the American Idea. Encounter Books

Dangerfield, George (1978).Damnable Question: A Study of Anglo-Irish Relations. Little Brown & Co (Pap)

De Beaumont, Gustave (2006). Ireland: Social, Political, and Religious.The Belknap Press of Harvard University Press,

Dolan, Jay P. (2008). The Irish Americans: A History. Bloomsbury Press

Donald K. McKim, Donald (2004) Cambridge Companion to John Calvin. Cambridge University Press

Elliott, Marianne (2002). The Catholics Of Ulster. Basic Books

Evans, Stephen (2015). Why Christian Faith Still Makes Sense (Acadia Studies in Bible and Theology): A Response to Contemporary Challenges. Baker Academic

Evelegh, Robin (1978) Peace-keeping in a Democratic Society: the Lessons of Northern Ireland. McGill Queen’s University Press.

Faist, Thomas (2000). The Volume and Dynamics of International Migration and Transnational Social Spaces. Oxford University Press

Fay, Marie-Therese, Smyth, Marie, and Morrissey, Michael (1999) Northern Ireland's

Ferrite, Diarmaid (2005).The Transformation Of Ireland 1900-2000. Profile Books

Ferriter, Diarmaid (2019).The Border: The Legacy of a Century of Anglo-Irish Politics. Profile Books

Foucault, Michel. (1970) The Order of Things. Tavistock, London

Freston, Paul (2004). Protestant Political Parties: A Global Survey. Routledge

Geertz, Clifford. (1977) The Interpretation of Culture. Basic Books

Gentile,Emilio (2008). God's Democracy: American Religion in the Age of Empire and Terror. Praeger

Gerry, Adams, (1995). Free Ireland: Towards a Lasting Peace. Brandon Book Publishers Ltd

Goodrich, Luke (2019). Free to Believe: The Battle Over Religious Liberty in America. Multnomah

Gottardello, Roberta (2012). The case of the Irish Question. Dessertations

Hall, Mark David (2019). Did America Have a Christian Founding?: Separating Modern Myth from Historical Truth. Thomas Nelson

Harrison, Vashti (2019). Little Leaders: Exceptional Men in Black History.Puffin

Haynes, Jeffrey (2010). Routledge Handbook of Religion and Politics. Routledge

Heaney, Seamus (1972) "Casualty" as cited by Lee, 1989.

Hennessey, Thomas (1997) A History of Northern Ireland 1920-1996. Palgrave Macmillan

Herring, George (2011). From Colony to Superpower: U.S. Foreign Relations Since 1776. Oxford University Press

Hillsdale College History Faculty (2018). American Heritage: A Reader. BookBaby

Holfter, Gisela, Migge, Bettina (2019). Ireland in the European Eye. Royal Irish Academy

Hume, John (1996). A New Ireland: Politics, Peace and Reconciliation. Roberts Rinehart Publishers

Janowits, Naomi (2001). Magicinthe Roman World, Pagans, Jews and Christians Routlege

Kelley, Kevin. (1982) The Longest War: Northern Ireland and the IRA. Brandon Books

Keogh, Dermot, and Haltzel, Michael H. (1993) Northern Ireland and the Politics of Reconciliation. Cambridge University Press.

Kidd, Thomas (2015). Baptists in America: A History. Oxford University Press

Kidd, Thomas (2019). America's Religious History: Faith, Politics, and the Shaping of a Nation. Zondervan Academic

Leahy, Thomas (2019). The Intelligence War against the IRA. Cambridge University Press

Lederach, John Paul. (1997) Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies. United States Institute of Peace

Lee, J.J. (1989) Ireland 1912-1985: Politics and Society. Cambridge University Press

Locke, Clinton (2010). The Age of the Great Western Schism. Nabu Press

Locke, Clinton (2016).The Age of the Great Western Schism. Palala Press

Luther, Martin (1958). Martin Luther : Selections From His Writings. Anchor

Luther, Martin (2003). Selected Political Writings: Selected Political Writings. Wipf and Stock

Lynch, Robert (2015). Revolutionary Ireland, 1912-25. Bloombury

MacCulloch, Diarmaid (2011). Christianity: The First Three Thousand Years. Penguin Books

Maier, Thomas (2003).The Kennedys: America's Emerald Kings. Basic Books

McClung Lee, Alfred (1983) Terrorism in Northern Ireland. Rowman and Littlefield Publishers.

McGee, Owen (2019). A History of Ireland in International Relations. Irish Academic Press

Menozzi, Daniele (1998). History of Christianity. Editori

Milne, Kenneth (2002). A Short History of the Church of Ireland. Columba Books

Morris, Benny (2019) The Thirty-Year Genocide: Turkey's Destruction of Its Christian Minorities, 1894–1924. Harvard University Press

Mulholland, Marc (2002). Northern Ireland: A very Short Introduction. Oxford University Press

Noll, Mark (2008). God and Race in American Politics: A Short History. Princeton University Press

O Beachain, Donnacha (2018). From Partition to Brexit: The Irish Government and Northern Ireland. Manchester University Press

O'Beirne Ranelagh, John (1999). A Short History of Ireland. Cambridge University Press

Pace, Enzo (2001). Religion as Communication: God's Talk, Ashgate Publishing Limited

Pahman, Dylan (2017). Foundations of a Free & Virtuous Society. Acton Institute

Partner, Peter (1998). God of Battles: Holy Wars of Christianity and Islam. Princeton University Press

Patterson, Henry (2013). Ireland's Violent Frontier: The Border and Anglo-Irish Relations During the Troubles. Palgrave Macmillan

Peace. National Book Network.

Porter (2003) The Elusive Quest: Reconciliation in Northern Ireland. Backstaff Press Ltd.

Potestà, Gianluca, Vian Giovanni (2010). History of Christianity. Mulino

Ramsbotham, Oliver, Woodhouse, Tom, and Miall, Hugh (2005). Contemporary Conflict Resolution. Polity Press.

Redekop, Vern N. (2002) From Violence to Blessing: How an Understanding of Deep- Rooted Conflict Can Open Paths to Reconciliation Novalis, Ottawa.

Reedy, George (1991). From the Ward to the White House: The Irish in American Politics. Scribner

Reedy, George (1991). From the Ward to the White House: The Irish American Politics. Charles Scribner‘s Sons

Rubboli, Massimo (2007). Protestantism and its Political Implications for State-Building in the British Colonies of North America: From the Mayflower Compact to the Federal Constitution of the United States. Mulino

Rucker, Patrick (2002) This Troubled Land: Voices from Northern Ireland on the Front Lines of Peace. Ballantine Books.

Schaff, David (2018). John Huss: His Life, Teachings and Death, After Five Hundred Years (Classic Reprint). Forgotten Books

Scull, Margaret (2019).The Catholic Church and the Northern Ireland Troubles, 1968-1998. OUP Oxford

Sheffer, Gabriel (2003). Diaspora Politics. At Home Abroad. Cambridge University Press

Sherrard, Philip (1978) Church, Papacy, and Schism: A Theological Enquiry. SPCK

Taylor, Antony (2007). Reynold's Newspaper, Opposition to Monarchy and the Radical Anti-Jubilee: Britain's Anti-Monarchist Tradition Reconsidered", Historical Research, 2007, p

Taylor, Peter (1998) Behind the Mask: The IRA and Sinn Fein. TV Books

Thomas, Kidd (2019). American History, Volume 1. B&H Academic

Thomas, Kidd (2019). American History, Volume 2. B&H Academic

Tortarolo, Edoardo (2001). The Enlightenment: Reasons and doubts of modernity. Carocci

Troubles: The Human Costs. Pluto Press.

Vismara, Paola (2008).Catholicism from the Catholic Reformation to enlightened absolutism. Mulino

Wilson, Andrew (1991). Irish-America and the Ulster Conflict, 1968-1995. Dissertations. 3317.

Wilson, Andrew (1995). Irish America and the Ulster Conflict 1968-1995. The Blackstaff Press Limited

Woodard, Colin (2011). American Nations: A History of the Eleven Rival Regional Cultures of North America. Penguin Books

Wycliffe, John (2009). The Wycliffe Bible: John Wycliffe's Translation of the Holy Scriptures from the Latin Vulgate. Lump Post Inc.

## Научни статии

Adrian Guelke, The United States, Irish Americans and the Northern Ireland peace process, International Affairs, Volume 72, Issue 3, July 1996, Pages 521–536, https://doi.org/10.2307/2625555

Beckett, J. C. (1971). Northern Ireland. Journal of Contemporary History, 6(1), 121–134. https://doi.org/10.1177/002200947100600107

Bellah,Robert (1967). Religion in America. Journal of American Academy of Arts and Science, Vol. 96, N. 1http://www.robertbellah.com/articles_5.htm

Dumbrell, J. (1995). The United States and the Northern Irish Conflict 1969-94: From Indifference to Intervention. Irish Studies in International Affairs, 6, 107-125 www.jstor.org/stable/30001841

Frank, F. Chrysostom (1998). Orthodox-Catholic Relations. Pro Ecclesia, 7(1), 48–78. https://doi.org/10.1177/106385129800700104

Hickman, Mary. (2002). Locating the Irish diaspora. Irish Journal of Sociology. 11. 8-26. 10.1177/079160350201100202.https://www.researchgate.net/publication/286773312_Locating_the_Irish_diaspora

Miller, K. A., Boling, B. and Doyle, D. N. (2016) “Emigrants and Exiles: Irish Cultures and Irish Emigration to North America, 1790- 1922.,” Irish Historical Studies, Cambridge University Press, https://www.cambridge.org/core/journals/irish-historical-studies/article/emigrants-and-exiles-irish-cultures-and-irish-emigration-to-north-america-1790-1922/9A3490AEF94062DA49D12B629BDCE0AB

Miller, K. A.; Boling, B.; Doyle, D. N. Emigrants and Exiles: Irish Cultures and Irish Emigration to North America, 1790- 1922. Irish Historical Studies 1980, 22 (86), 97–125.

Preston, Andrew, (2006), Bridging the Gap between the Sacred and the Secular in the History of American Foreign Relations*. Diplomatic History, 30: 783-812. https://doi.org/10.1111/j.1467-7709.2006.00588.x

Thomas Fleming, “The Green Flag in America”, American Heritage Magazine, https://www.americanheritage.com/green-flag-america

Warner, Carolyn & Walker, Stephen. (2010). Thinking About the Role of Religion in Foreign Policy: A Framework for Analysis. Foreign Policy Analysis. 7. 113 - 135. 10.1111/j.1743-8594.2010.00125.x.

Wright, Frank (1973). Protestant Ideology and Politics in Ulster. European Journal of Sociology, 14(2), 212-280. doi:10.1017/S0003975600002745

## Говори

Јован Павле Втори, Обраќање на Отец Јован Павле Втори до епископите на Ирска 30 септември 1979.
http://www.vatican.va/holy_father/john_paul_ii/speeches/1979/september/documents/hf_jp-ii_spe_19790930_irlanda-knock-vescovi_it.html

John Fitzgerald Kennedy, Speech at Greater Houston Ministerial Association, 12 Septmber 1960http://millercenter.org/president/speeches/detail/3363

## Интернет Страни

http://cain.ulst.ac.uk Conflict and Politics in Northern Ireland

http://millercenter.org Miller Center

http://news.bbc.co.uk BBC

http://nifoundation.net Northern Ireland Foundation

http://sluggerotoole.com  Slugger O'Tool

http://www.ark.ac.uk Northern Ireland Life & Time Survey

http://www.britannica.com Encyclopædia Britannica Online

http://www.jfklibrary.org JFK Presidential Library and Museum

http://www.pewresearch.org Pew Research Center

http://www.vatican.va/content/vatican/it.htmlThe Holy See

https://en.wikipedia.org/wiki/Protestant_TelegraphWikipedia, Protestant Telegraph

https://www.merriam-webster.com/Dictionary by Merriam- Webster

https://www.vatican.va/archive/ENG0015/_INDEX.HTMCatechism of the Catholic Church

https://www.papalencyclicals.net/bon08/b8unam.htmPapal Encyclicals Online

https://academic.oup.com/journals Oxford Academics

https://www.researchgate.net/ Research Gate

https://www.irishtimes.com/The Irish Times

https://www.theguardian.com/international The Guardian

https://time.com/Time